Александра Живковиќ

Корупција во високо образование

Анализа со посебен осврт
на работата на Универзитетот
„Св. Кирил и Методиј" – Скопје

Младински Образовен Форум

Издавач:

Здружение на граѓани Младински образовен форум

ул. Дренак -34а, 1000 Скопје

Тел: +389 2 31 39 692

www.mof.org.mk

Info@mof.org.mk

За издавачот:

Дона Костуранова, извршен директор

Автор:

Александра Живковиќ

Консултант:

Проф.Д-р. Димитар Гелев

Правен факултет „Јустинијан Први“

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Скопје

Лектор:

Симона Груевска Маџоска

Графички уредник:

Игор Делов

Година на издавање:

2016

Изработката на овој документ е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на документот е одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

Александра Живковиќ

Корупција во високо образование

Анализа со посебен осврт
на работата на Универзитетот
„Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Содржина

9 Листа на кратенки

11 Воведен дел

13 Методологија

19 Поим и дефинирање на корупцијата во високото образование

19 Дефинирање на поимот корупција во високото образование

20 Типологија на коруптивните дејствија во високото образование

22 Видови корупција во високото образование според иницијаторот

24 Причини за појава на корупција во високото образование

28 Последици од корупцијата во високото образование

31 Корупција во високото образование во Македонија

32 Причини за појава на корупција во високото образование во Македонија

45 Податоци за степенот на корупција на Универзитетот „Св.Кирил Методиј“ – Скопје

46 Истражувања за корупцијата во високото образование во Македонија

52 Анализа на извештаи на надлежни тела

58 Анализа на новинарски написи

65 Законски и останати правни акти од областа на корупцијата и високото образование

66 Закони

91 Други акти

96 Правни акти на ниво на УКИМ

104 Правни акти на ниво на факултети

107 Препораки за спречување на корупцијата во високото образование

108 Менување, надополнување и унапредување на правната регулатива

118 Мониторинг и евалуација на работата на високообразовните институции и академскиот кадар

122 Информирање на студентите и членовите на академската заедница и зголемување на транспарентноста на високообразовните институции и останатите актери во високото образование

131 Останати мерки

137 Заклучок

139 Користена литература

Листа на кратенки

ВО	Високо образование
ВОИ	Високообразовна институција
ДЗР	Државен завод за ревизија
ДКСК	Државна комисија за спречување корупција
ДПИ	Државен просветен инспекторат
ИИКСА	Информатички информациски културно спортски активности
КЗ	Казнен законик на Република Македонија
МОН	Министерство за образование и наука
МФ	Министерство за финансии
СП	Студентски правобранител
СПУКМ	Студентски парламент при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
УКИМ	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
УКЛО	Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Воведен дел

Корупцијата е една од најголемите пречки за економски и социјален напредок уште кај првите држави. Според одредени автори, токму коруптивните појави се причина за распадот на Стариот Египет, како политички ентитет, и особено на Римската држава. Така, уште пред две илјади години, Чанакја (Kautilya), премиерот на индискиот крал, во својата книга Артхашастра (Arthashastra) го дискутира проблемот со корупцијата. Понатаму, Данте Алигиери уште пред седум века ги сместувал корумпираните луѓе во најдлабоките делови на „Пеколот". Шекспир во неколку од своите драми вметнува ликови кои се склони на коруптивни активности, а во Американскиот устав конкретно се споменува примањето поткуп од страна на Претседателот на државата како причина за негово отповикување од функција[1].

Сепак, само во последните две декади феноменот на корупцијата го добива вистинското внимание во јавниот дискурс. Следствено на ова, и самата наука за корупцијата во високото образование, и образованието генерално, почнува да се развива неодамна.

Од неколкуте истражувања на глобално ниво на темата корупција во високото образование се согледува дека оваа појава е карактеристична за сите држави во светот, и дека скоро и да не постои држава каде овој феномен не е присутен во академските кругови. Освен зачестеноста, кај различни држави се застапени различни форми на корупција и затоа претставува особен предизвик да се говори за оваа појава. Затоа, од особена важност е оваа појава да се разгледува засебно во секоја држава, поради различните прилики кои влијаат на развојот на проблемот.

Кога говориме за корупцијата во високото образование во Македонија, важно е да се спомене дека кај нас постои сериозен недостаток од континуирано следење и унапредување на состојбите. Забележливо е отсуство на стратегија за справување со проблемот како на државно така и на универзитетско ниво. Корупцијата во високото образование сè уште

—

1 *Vito Tanzi, „Corruption Around the World: Causes, Consequences, Scope, and Cures", IMF Working Paper (2008)*

не се третира како системски проблем, и ваквите појави се перципираат како изолирани случаи.

Затоа овој труд има за цел да направи сублимат на неколку аспекти кои се важни кога говориме на темата. Така, поради недостаток на дискусија за причините и последиците од корупцијата во високото образование во нашата земја, овој труд најпрво ќе понуди краток осврт на овој момент. Понатаму, понудена е анализа на законски и подзаконски акти кои регулираат различни коруптивни појави во нашиот правен систем. Следи анализа на правните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со цел добивање информација како најстариот и најголемиот универзитет во Македонија се справува со коруптивните појави и дали има воспоставено механизми за превенирање и санкционирање на ваквите дејствија. Заради добивање на целосната слика, вметнат е дел каде се дискутираат неколку истражувања и извештаи во кои преку призмата на бројки се согледува сериозноста на проблемот.

На крај, трудот има за цел да понуди препораки за подобрување на состојбите во високото образование, со посебен осврт на статус квото на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Методологија

За потребите на оваа анализа беа користени алатки за квалитативна анализа на податоци. Така беа разгледувани законски и подзаконски акти од областа на корупцијата и високото образование од македонското законодавство, извештаи од надлежни државни и меѓународни институции, претходни анализи на темата, истражувања за корупција во Македонија, новинарски написи и веб-содржини, како и документи на ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и одделните факултети во склоп на истиот.

Дополнително, беа испратени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до неколку институции.

До документите беше пристапувано по електронски пат, односно беше работено со документите кои се јавно истакнати на веб-страниците на надлежните институции и граѓанските организации кои работат во оваа сфера.

Најпрво, беа анализирани правните одредби од консолидираните верзии на следниве законски текстови:

1. Закон за високото образование

2. Закон за вработени во јавен сектор

3. Законот за спречување корупција

4. Закон за спречување судир на интереси

5. Кривичен законик

6. Закон за административни службеници

7. Закон за заштита на укажувачи

8. Закон за научно-истражувачката работа

Истите беа анализирани затоа што ги опфаќаат универзитетот и факултетите како установи кои даваат јавни услуги и места каде би можеле да се случат коруптивни дејствија, ги препознаваат или ги опфаќаат членовите на академскиот кадар и административните работници како потенцијални сторители на кривични дела или генерално регулираат односи од високото образование.

Во оваа анализа не беа опфатени коруптивните појави кои се случуваат во студентските домови или останатите појави кои се сретнуваат во високото образование каде универзитетот нема надлежност (на пример студентските стипендии), па затоа не е е вклучена обработка на законските одредби кои ја регулираат оваа тема.

Целта на анализата на овие закони беше добивање јасна слика за видовите корупција кои се препознаваат во нашето законодавство, механизмите за навремено спречување на дејствијата и мерките кои се преземаат откога ќе се случи корупцијата со конкретен осврт на УКИМ.

Понатаму, трудот ги обработува останатите правни акти како Кодекс за административни службеници, Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на ВО, и Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија. Овие документи беа обработени поради вклучувањето механизми за превенирање на корупцијата во ВО.

Со цел добивање поконкретни информации за тоа како УКИМ ги уредува односите и какви алатки за спречување или казнување на корупцијата има, беа разгледани одредби од следниве правни акти:

1. Статут на УКИМ
2. Етички кодекс на УКИМ
3. Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на УКИМ
4. Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ
5. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на универзитетски студии

6. Одделни одлуки за определување дисциплинска одговорност на студентите на матичните факултети при УКИМ
7. Протокол за спроведување на ЕКТС-колоквиумите, испити и есеи на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

До дел од актите беше пристапено преку користење на официјалната веб-страница на УКИМ до која беше континуирано пристапувано во текот на 2016 година. Дел од актите беа содржани во Универзитетскиот весник на УКИМ. Еден акт кој беше споменат во горенаведените документи, а се однесува на конкретно коруптивно дело[2], беше побаран преку користење на алатката за слободен пристап до информации во 2015 година. Со цел добивање на правните акти на факултетите при УКИМ, беше пристапено до нивните веб-страници во текот на месец април 2016 година. Овде би требало да биде нотирано дека повеќето од факултетите при УКИМ не ги објавуваат нивните правни документи на нивните веб-страници.

Понатаму, беа анализирани ревизорските извештаи на Државниот завод за ревизија за периодот од 2002 година до 2015 година, со цел добивање информации за уочени нерегуларности во работењето на УКИМ или одделните факултети. До истите беше пристапено преку официјалната веб-страница на институцијата, до која беше пристапено во мај 2016 година. На истата беа презентирани само извештаи за дел од факултетите на УКИМ, но не и ревизорски извештај за работата на универзитетот. Дополнително беше разгледуван и извештај за целокупниот систем на финансирање на високото образование во Македонија кој вклучува екстензивни информации за финансирањето на УКИМ. Во оваа анализа се обработени само јавно достапните извештаи на ДЗР, и во истата интегрално се пренесени наодите без носење заклучоци од страна на авторот.

Освен горенаведените извештаи, беа разгледани и годишните извештаи на Државната комисија за спречување на корупцијата во периодот од 2005 година до 2015 година. При анализирањето беше забележана различност во методологијата на пишување и презентирање на различен тип информации, а истите не нудат исцрпни податоци за бројот на пријави по области. Така, во оваа анализа се презентирани случаите кога комисијата доставила иницијативи за кривично гонење до Јавното обвинителство, а се однесуваат на високото образование.

---

2 Се работи за Правилникот за превернирање на фиксирање, умножување и продажба на авторско дело без дозвола на авторот, односно издавачот.

Трудот вклучува обработка на новинарски написи, до кои беше пристапено преку нивните електронски архиви, како и веб-страница која содржи архива на содржините на македонските медиуми (вклучително весници, телевизии и веб-портали) која опфаќа период од 2006 до 2015 година. Сепак, беше исклучително тешко да се пристапи до архивите на дел од пишаните и телевизиските медиуми поради нивно бришење од страна на самите медиумски куќи, недоволна грижа за истите или преместување на медиумот на нов сервер и оставање на архивите на несовремени сервери при што се мета на хакерски напади. Така, чести беа случаите кога дел од медиумите со најдолг временски стаж на работа не располагаат со пристап до содржините од минатите години преку интернет.

Заради добивање информации, беа доставени барања за слободен пристап до информации до следниве институции:

1. Државна комисија за спречување корупција
2. Основен суд Скопје 1
3. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
4. Министерство за финансии, Управа за финансиска полиција
5. Државен просветен инспекторат
6. Студентски правобранител.

Од горенаведените институции беше добиен одговор само од два ентитети. Така, само Управата за финансиска полиција и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција доставија информација.

Г Л А В А 1

Поим и дефинирање на корупцијата во високото образование

Дефинирање на поимот корупција во високото образование

Проблемот со корупцијата е очигледен, но поставување конкретна дефиниција за истиот е предизвик. Дефинирањето е важно за да можат правилно да се идентификуваат коруптивните појави.

Авторите посочуваат дека дискусијата за проблемот со корупцијата во образованието скоро и да не е присутна во литературата посветена на образовните тематики. Унифицираните дефиниции се ретки, и повеќето од нив се премногу насочувачки, и со тоа опфаќаат лимитирани или добро познати појави (Waite & Allen, 2003). Најширокатa дефиниција за корупцијата во високото образование вели дека тоа е злоупотреба на авторитет со цел добивање материјална придобивка (Anechiarico & Jakob, 1996), и опфаќа злоупотреба на јавната позиција или доверба за лични или приватни цели. На оваа линија се и Анечиарико и Џејкобс (Anechiarico & Jacobs) (1996), Калнинс (Kalnins) (2001), Фримпонг и Жак (Frimpong & Jacques) (1999). На ова Хејнеман (Heyneman) (2004) додава дека поради големата важност на образованието, дефиницијата опфаќа

повеќе од здобивање со материјални придобивки, и на ова треба да се додаде дека целта не секогаш е материјална придобивка туку тоа може да биде и персонална придобивка.

Халак и Поисон (Hallak & Poison) (2002) одат чекор понатаму и велат дека поимот корупција во високото образование претставува „систематска употреба на јавната канцеларија за добивање лична корист, која има значително влијание на достапноста и квалитетот на образовните добра и услуги во терцијарното образование...“. Уште една мисла која помага за конкретизирање на активностите кои треба да се сметаат за корупција е онаа на Осипан (Osipan) (2007) кој смета дека за корупција во високото образование треба да се сметаат сите неформални односи кои се основани за да овозможат недозволен пристап до материјални и нематеријални бенефициии преку злоупотреба на јавната позиција со што се изневерува јавната или заедничката доверба. Преку оваа дефиниција се опфаќа корупцијата не само на државните универзитети туку и на приватните, што покажува дека не е неопходно државните институции или нивни претставници да бидат вклучени во коруптивните трансакции. Истата го воведува и моментот на перципирање на образованието како заедничко добро, односно како колективен договор во заедницата, со што се дава дополнителна сериозност на употребата на коруптивни дејствија во оваа сфера.

Типологија на коруптивните дејствија во високото образование

За поуспешно справување со формите на корупција, потребно е детална таксономија на проблематиката и разбирање на одделните коруптивни активности кои се случуваат во високото образование. Во литературата можат да се сретнат најразлични класификации и пристапи за диференцијација на коруптивните дејствија.

Така, според Чеирман (Chairman) (2002), треба да се разликуваат пет вида коруптивни дејствија во образованието: нескриените и очигледни илегални дејствија на поткуп и измама (пр. мамење кај јавни набавки); активности кои обезбедуваат скромен прилив на средства на индивидуи кои не добиваат навремена плата или добиваат мали средства за надомест; коруптивни дејствија поради вршење активности во потешки услови (пр. доделување диплома без положени испити); активности заради

културни перцепции (пр. владеење на мислење дека е оправдано да се даваат подароци за одредени услуги); однесувања кои се случуваат поради некомпетентност и незнаења (пр. грешно алоцирање ресурси). Танака (Tanaka) (2001) лоцира три главни области каде се случуваат коруптивните дејствија: јавните набавки, администрацијата во образованието и професорската иницијатива за корупција, која се случува во училниците и во амфитеатрите. Според Хејнеман (Heyneman) (2002) постојат две главни групи на коруптивни активности во образованието – корупција при давање услуги и академска корупција. Во овие две групи ги вклучува следниве подгрупи: корупција со јавни набавки, корупција со имотот на образовната институција и даноците, корупција при селекција (на професори, студенти, административен кадар...), злоупотреба на службена должност и корупција при доделување акредитации. Румјанцева (Rumyantseva) (2005) коруптивните дејствија ги дели на активности кои не вклучуваат студенти и имаат ограничен ефект на нив и активности кои ги вклучуваат студентите како главни актери и имаат влијание на нивните вредносни системи, верувања и животни шанси.

Уште една занимлива теорија е онаа на Халак и Поисон (2007), во која се прави разлика меѓу голема корупција и помала (секундарна) корупција. Големата корупција се случува кога како актери се јавуваат државни службеници од висок ранг и претставници на власта, и постојат големи негативни ефекти врз економскиот развој. Пример за ова се малверзациите кај јавните тендери за изградба на објекти за високообразовните институции, или преферирањето издавачки куќи за печатење учебници. Секундарната корупција вклучува државни службеници од сите рангови, но и останати актери од академската заедница. Се работи за односи во кои постои материјална придобивка, но таа е навистина помала во споредба со претходната група, и економските импликации се од помал размер. Сепак, кај овој вид коруптивни дејствија е поголем социјалниот импакт, особено за посиромашните категории граѓани. Примери за ова се поткупот при упис на факултет, или добивање легло во студентски дом. Според авторите, овие две групи не се заемно исклучливи, туку, напротив, се поврзуваат и претставуваат логична целина.

Сепак, кои конкретни форми се јавуваат во ВО, зависи од фактори како политичката, економската и социјалната состојба, културните сфаќања, идеологиите на политичките субјекти, па дури и јазикот. Одредени форми кои се доста застапени во едни земји, може воопшто да не постојат во други земји.

Видови корупција во високото образование според иницијаторот

Една од најконкретните дистинкции е онаа која се прави според актерите кои ги иницираат коруптивните појави. Во табелата во прилог се претставени дел од дејствијата според страните кои ги иницираат.

Влада, Министерство за образование, Државни институции

- Издавање акредитација за основање високообразовна институција, иако не се исполнети бараните критериуми
- Успорување и влијаење врз истражувачки постапки за активности поврзани со високообразовна институција
- Влијание врз наставниот план и пишувањето учебници, со што се тераат студентите често да купуваат нови учебни помагала
- Промовирање неадекватни политики за запишување студенти, кои подоцна развиваат проблеми на пазарот на труд и инфлација на одредени професии
- Поправање и градење нови згради наменети за образовни цели во кус временски период пред избори
- Користење на финансиите наменети за образование за други цели (јавни или приватни)
- Користење на финансиите наменети за образование за финансирање политички партии или кампањи
- Малверзации во тендерските процеси
- Носење закони по мерка на мали интересни групи, и занемарување на потребите на општата популација

Образовни институции

- Комерцијализација и лошо користење на имотот на институцијата
- Поткупување лица со цел неоткривање на нерегуларности поврзани со работата на школото/универзитетот
- Корупција при креирањето политики за запишување нови студенти
- Лоша пренамена и користење на средствата наменети за одржување на зградите и купување материјали
- Нелегално плаќање давачки за упис на факултет, во случаите кога образованието е бесплатно
- „Професори –духови“ кои оневозможуваат нови професори да бидат вработени и имаат влијание врз начинот на кој се распоредуваат финансиите на вработените
- Прикажување неточни информации за бројот на студенти, со-цио-економскиот статус на студентите или етничката застапеност, со цел добивање повисоки финансии од државата или останатите донатори
- Подмитување на претставници на власта со цел добивање поголема финансиска помош
- Ненавремено исплаќање стипендии на студенти, со цел времено искористување на финансиите за други потреби или користи на одговорните лица

Професори

- Практика на продавање „високи оценки“
- Давање приватни часови кои влијаат на квалитетот на редовната настава
- Злоупотреба на студенти со цел добивање информација
- Експлоатација и злоупотреба на студенти на физички, сексуален и друг начин, како начин за давање повисока оценка или положу-вање испит

- Продавање на прашањата за испит/колоквиум
- Отсуство од работа на универзитетот, со цел вршење други активности за други институции („двојна пракса“)
- Спроведување испити надвор од испитна сесија
- Одржување „приватни испитни сесии“ –одржување испит за мала група студенти, која е однапред договорена и за тоа професорот добива одредена корист

Студенти

- Купување диплома
- Плаќање за повисока оценка
- Плаќање за положување испит
- Поткуп при упис на факултет
- Прикажување фалсификувани или лажни документи со цел обезбедување место на факултетот
- Фалсификување административни документи
- Лажирање оценки
- Поткуп во процесот на добивање државна стипендија, или пак финансиска помош од приватни донатори

Причини за појава на корупција во високото образование

Општ проблем со корупцијата во јавната сфера

Се смета дека академскаата заедница, иако е автономен ентитет, не е изолиран остров на кој не влијаат општествените текови[3]. Така, коруптивни-

3 *Boris Curkovic, Dino Mujkic, Ivana Korajlic, Marko Vujic, „Preventing corruption in Higher Education in BiH: Surveys and Recommendations”, Transparency International Bosnia and Herzegovina (2013)*

те однесувања се плод на општите сфаќања и култура, како и воспоставените социјални односи помеѓу луѓето. Односно, општоприфатените стандарди на однесување се пресликуваат и во академската заедница. Затоа, доколку постои висок степен на корупција во останатите сфери како здравството, полицијата, јавните набавки, скоро е невозможно коруптивните појави да не се присутни и во областа на (високото) образование(то). Ова се јавува поради навиката на населението да добива услуги од јавните институции со коруптивни дејствија, и овој начин се користи во сите сфери.

Економска развиеност и животен стандард

Едни од причините поради кои се јавува корупцијата во високото образование се економскиот развој и стандард во една држава. Според истражувањата на Транспаренси интернешенел (Transparency International)[4], земјите во кои има понизок животен стандард имаат значително повисок степен на корупција во образованието отколку кај оние во кои граѓаните имаат поголеми примања. Ова се случува поради: (1) трка за полесно добивање вештини и диплома, и побрзо и подобро позиционирање на пазарот на трудот, (2) професорите и академскиот кадар кои сметаат дека се недоволно платени за својот труд (3) општо мнение за недоверба во државниот систем и јавните услуги[5]. Во ваквите земји, поради социо-економскиот статус, луѓето се позависни од државната апаратура и потешко се спротиставуваат на корупцијата, или ја препознаваат истата како штетна. Сепак, значајно е да се напомене дека корупцијата не е ексклузивна одлика на сиромашните земји, или земјите во развој, туку дека таа постои и кај поразвиените држави (Hallak & Poisson, 2002).

Транзиција

Една од теориите за појавата на корупцијата во високото образование, која е особено важна за земја како Македонија, е транзицијата од еден во друг политички и економски систем. Во контекст на ова, особено е симптоматична појавата на корупцијата во образованието кај посткомунистичките земји од источниот блок и Балканот. Така, се смета дека едни од главните причини за високиот степен на корупција во високото образование во земјите во транзиција од овие региони се: (1) децентрализација-

---

4 *”Global corruption report: Education„, Transparency International (2013)*

5 *Jaques Hallak, Muriel Poisson, „Corrupt schools, corrupt universities: What can be done?”, UNESCO, International Institute for Educational Planning (2007)*

та на образованието и носењето одлуки, со што се отежнува следењето на финансиите и односите во академската заедница, (2) недостатокот на знаења на високообразовните институции самостојно да се справуваат со коруптивни појави, (3) тешкотиите при наоѓање адекватен модел на финансирање на образованието, со што се иницира лоша алокација на ресурси и посегање по неетични методи на збогатување/напредување од страна на академската заедница[6], (4) слабеење на етичките и моралните општествени норми[7].

Во оваа насока, се дискутира и дека во период на транзиција универзитетите имаат за задача да продуцираат што поголем број кадри со цел помагање на општата благосостојба на населението, без да се промовираат адекватни легислативи и политики за спречување на несаканите последици.[8] Ова е особено случај кога во земјата има потреба од инакви кадри од оние кои претходно биле барани на пазарот на труд.

Менување на трендовите во високото образование

Во изминатите педесетина години, се забележува реформирање и менување на односите, достапноста и сфаќањето за високото образование. Имено, како минува времето така е сè поголема потребата од кадри со високообразовни вештини, мобилноста на академскиот кадар е сè позастапена, високообразовните пазари почнуваат да се приватизираат (преку отворање приватни универзитети), а државите почнуваат да ги унифицираат образовните системи (сè уште бавно, но неодминливо). Се смета дека со измена на системите, се појавуваат и коруптивните дејствија (или стануваат поактуелни одредени форми или се јавуваат нови коруптивни дејствија)[9]. Дополнително, на светско ниво, јазот помеѓу платите во приватниот и државниот сектор станува сè поголем, што придонесува вработените во јавниот сектор да бараат алтернативни методи на финансирање (Gorodnichenko & Sabirianova, 2006). Во контекст на аргументот транзицијата како фактор во развивањето на корупцијата, кој погоре беше споменат, и она за што е дискутирано во овој дел, забележливо е дека постои заемно влијаење, односно позитивна корелација.

---

6 *Stephen P. Heyneman, Kathryn H.Anderson, Nazym Nuraliyeva, „The Cost of Corruption in Higher Education", The University Chicago Press (2008)*

7 *Jaques Hallak, Muriel Poisson, „Corrupt schools, corrupt universities: What can be done?", UNESCO, International Institute for Educational Planning (2007)*

8 *Boris Curkovic, Dino Mujkic, Ivana Korajlic, Marko Vujic, „Preventing corruption in Higher Education in BiH: Surveys and Recommendations", Transparency International Bosinia and Herzegovina (2013)*

9 *Ararat L. Osipian, „Corruption in Higher Education: conceptual approaches and measurement techniques" (2007)*

Така, констатирано е дека државите од источноевропскиот блок прават повеќе промени и воведуваат повеќе реформи во високото образование од западноевропските. Како што веќе беше елаборирано, кај овие земји се забележува значително повисоко ниво на корупција во високото образование отколку кај останатите европски земји.

Влијание на политички партии

Друга причина за појава на висок степен на корупција во терцијарното образование, повторно важно во контекст на нашата земја, е големото влијание на политичките партии во јавната сфера. Како што веќе напоменавме, иако универзитетите уживаат автономија, тие не се целосно независен општествен систем. Така, во ваквите држави политичките партии имаат амбиции да влијаат и на телата кои се надлежни за носење одлуки во високото образование, како и да инсистираат на вклучување индивидуи блиски до своите партии во органите на управување и одлучување на универзитетите и факултетите. Доколку високообразовните институции имаат проблем со авторитетот на менаџерскиот тим, многу е лесно политичките партии да влијаат на односите во академската заедница. Постојат чести примери каде позитивните промени се тешко остварливи токму од оваа причина[10]. Според одредени автори, високото образование е често посакувана област за влијание, што поради обликување на идните кадри според потребите на партијата и нејзините идеологии, што поради престижниот статус кој го ужива академската заедница.

Доколку влијанието на политичките партии е големо во ВОИ, потенцијално може да се јават коруптивни појави како фаворизирање членови на академската заедница, непотизам, професорски апсентизам, проневера на фондови од студентски давачки (како од страна на факултетските и универзитетските служби, така и од студентските претставнички организации) итн.

---

10 Boris Curkovic, Dino Mujkic, Ivana Korajlic, Marko Vujic, „Preventing corruption in Higher Education in BiH: Surveys and Recommendations”, Transparency International Bosinia and Herzegovina (2013)

Последици од корупцијата во високото образование

Образованието претставува исклучително важна јавна област. Се работи за сектор кој има неколку функции, од кои најважни се продукцијата на работни кадри и идни лидери, и градењето етички и морални вредности кај младите, како и нивните сфаќања и погледи кон светот[11]. Оттука, корупцијата во образованието значително влијае на остварувањето на горенаведените функции.

Најпрво, со стимулирање на коруптивните појави, директно се влијае на квалитетот на кадрите кои излегуваат од ВО и се вклучуваат кон пазарот на труд. Така, оние студенти кои добиле диплома или повисоки оценки преку коруптивни дејствија, ќе се здобијат со работни позиции не поради својот квалитет и квалификации, туку поради привилегираниот статус со кој се здобиле преку неетички дејствија. Така, директно се влијае врз квалитетот на продуктите и услугите кои се нудат на пазарот. Се смета дека економскиот раст е директно поврзан со универзитетската продуктивност и промоција на квалитетни кадри. Се проценува дека поради универзитетската корупција, загубата во профитот во националните економии се движи меѓу 2 % и 15 %[12].

Репутацијата за корупција на ВОИ може да влијае врз заинтересираноста на домашните и странските инвеститори, и во поглед на донирање средства на факултетите и доделување стипендии на студенти, но и во поглед на нивно учество во економијата на државата. На подолг рок, корупцијата во високото образование може да предизвика значителна социјална нееднаквост во една држава, ограничен пристап до образованието, создавање општа клима на нефер услови за личен и општествен напредок, и сериозен недостаток на квалитетни кадри во сите области.

Понатаму, корупцијата во високообразовните институции може да ја наруши довербата во образовниот систем, но и во самите образовни институции. Образованието е сфера во која учествуваат голем број актери меѓу кои постои социјална кохезија и нераскинливи односи (родители – студенти, професори – студенти, носители на одлуки – население...), и засега особено важна социјална категорија – младите. Како што веќе

11 Stephen P. Heyneman, „Education and Corruption", International Journal of Educational Development vol. 24 (2004)

12 Stephen P. Heyneman, „Buying your way into heaven: the corruption of education system in global perspective", Perspectives on Global Issues (2007)

беше напоменато, образованието е главниот елемент на модерното, напредно и деморактски развиено општество. Со ваквите појави, се доведува во прашање општиот консензус за улогата на овие институции и самото образование, со што се доведува целосната идеја за образованието под прашање[13].

На микрониво, доколку одредена високообразовна институција има репутација на корумпирана установа, тогаш може да се случи кадрите кои излегуваат од таму да не се пожелни за пазарот на труд и да имаат сериозни тешкотии при наоѓање работно место. Дополнително, ваквите институции им го отежнуваат патот и на оние студенти, кои своите оценки и успеси ги добиле на чесен начин.[14] Постојат примери каде работодавците во своите јавни огласи за работни места конкретно посочуваат преферабилни универзитети токму поради нивната репутација за ниско ниво на корупција. Таков е и случајот во Македонија, каде сè до пред неколку години, имаше тренд на објавување на вакви огласи за работа во кои предност се даваше на студентите од државните факултети[15].

Одредени автори одат дотаму што предупредуваат на опасноста од корупцијата врз Болоњскиот систем, и ставање под прашање на европската високообразовна област. Аргументацијата вели дека универзитетите кои имаат добра репутација и продуцираат квалитетни кадри, не сакаат да ги рамнат своите дипломи со дипломите кои ги издаваат универзитетите кои имаат развиени коруптивни практики[16].

Во контекст на последиците од корупцијата во високото образование, постои опасност од подучување на членовите на академската заедница, особено студентите, да употребуваат коруптивни дејствија со цел поголем успех, и создавање практика дека ваквите појави се вообичаен начин на функционирање во општеството. Со ова не само што се создава голем проблем во академската заедница туку и во сите останати сфери каде што нејзините членови учествуваат. Ова е особен проблем затоа што младите генерации добиваат до знаење дека и преку коруптивни дејствија можат да постигнат успех со користење на поткуп, непотизам или манипулации, и дека личните напори и учењето не се важни.

---

13 Stephen P. Heyneman, „Education and Corruption”, International Journal of Educational Development (2004)

14 Stephen P. Heyneman, Kathryn H.Anderson, Nazym Nuraliyeva, „The Cost of Corruption in Higher Education”, The University Chicago Press (2008)

15 Сања Костовска, Дритон Небиу, Димитар Николовски, „Како до поквалитетно високо образование”, Центар за истражување и креирање политики (2009)

16 Ibid

Г Л А В А 2

Корупција во високото образование во Македонија

За корупцијата во високо образование во Македонија ретко се говори. Уште повеќе, забележливо е отсуство на систематизирано следење на состојбите и мониторирање на процесите во високото образование, како од државните институции, високообразовните институции, академската заедница, така и од медиумите и од граѓанскиот сектор. Во вакви прилики е особен предизвик да се дискутираат состојбите во нашата земја, како и причините за појава на корупцијата во терцијарното образование.

Дополнително, и во светската истражувачка пракса, генерално се забележува отсуство на дискусија за појавите во високото образование во „периферните" европски земји како оние од Источна Европа и Западен Балкан (Zagaga, 2012). Ова дополнително го отежнува познавањето на високообразовниот систем во нашата држава.

Причини за појава на корупција во високото образование во Македонија

Според веќе изнесеното, овде ќе се обидеме да дадеме претпоставки зошто се појавуваат коруптивни дејствија во оваа сфера, со посебен фокус на работата на УКИМ.

Застарени правни норми и долгогодишно отсуство на регулирање на високообразовната област

Според Петковска (2011), една од причините за појава на корупцијата, непотизмот и фаворизмот во оваа област е сериозниот недостаток на грижа и вклучување на владите во високото образование уште од самата независност на државата. На пример, во Македонија првиот закон кој го регулира високото образование е донесен во 2000 година, дури 9 години по независноста. Дотогаш, високото образование е регулирано преку Закон за насочено образование на Југославија донесен во 1985 година. Во истиот закон се регулирани и средното и стручното образование[17]. Така, во Македонија до 2000 година, терцијарното образование е сè уште регулирано со прописи кои содејствуваат на потребите на државна федеративна форма на уредување, а не на модерните потреби на актерите во образованието во Македонија.

Дел од причините за ова се фокусирањето на поважни економски и политички теми кои беа алармантни во првите години од независноста на државата.

Понатаму, авторката дискутира дека начинот на кој извршната власт го финансира високото образование, по формула која е обратна од европските трендови, е детерминиран од стравот на државните органи од потенцијална корупција од страна на високообразовните институции. Затоа, вели таа, во Македонија сè уште се користи прилично централизиран начин на финансирање, со многу мала финансиска автономија на универзитетите.

Дополнителен проблем кој се јавува е неконзистентноста во регулирањето на високото образование во законските текстови. Така, во 2008

17 „Thematic Review of National Policies for Education – FYRoM", OECD (2001)

година е донесен нов Закон за високото образование[18], со намера за приспособување на законските одредби кон новите потреби во образованието кои произлегуваат од националните и од меѓународните општествени текови. Од 2008 година до денес (јули 2016) законот има претрпено 22 интервенции во вид на измени и дополнувања. Освен неконзистентноста во применувањето на законот, од аспект на пречестото менување, карактеристично е што ниту чинителите на извршната власт ниту на законодавната не иницираат поширокі консултации во поглед на потребата од измени во законот. Така, во поголем дел од случаите, измените и дополнувањата на законот се донесуваат без никакви претходни консултации и дебати со актерите во високото образование што претставува голем проблем, особено ако се земе предвид дека преку промените на законот може да се изврши големо влијание во високото образование проследено со нарушување на академската авотономија.

Одовде станува јасно дека се потребни сериозни анализи и евалуации, со поинклузивен консултативен процес со што би се створиле услови да се слушне гласот на стручната фела, академскиот кадар, студентските организации и истражувачките центри, што пак би резултирало со поквалитетен закон, со системско решение, во кое не би било неопходно така често да се интервенира номотехнички.Дополнително, Министерството за образование и наука е едно од ресорните министерства кое има претрпено најмногу кадровски промени на челните позиции во изминатите години (само во последните осум години се сменија 8 министри за образование), што покрај правната несигурност има свое влијание на континуитетот и динамиката на образовните политики од доменот на високото образование.

Неадекватен модел на финансирање на високото образование во Македонија

Во Законот за високо образование е предвидено носење на стратешки документи кои имаат за цел утврдување јасни и конкретни правила за финансирањето на високото образование. Меѓу најважните документи кои се спомнуваат во законот е Програмата за високообразовна дејност, која треба да ја донесе Собранието на РМ, по предлог на Владата на РМ, и чија цел е прикажување на средствата за финансирање на јавните уни-

---

18 Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

верзитети кои доаѓаат од Буџетот на Република Македонија.[19] Истата е предвидено да се остварува преку годишни програми, со што се обезбедува ажурен увид во начинот на кој универзитетите располагаат со финансиите. Друг искучително важен стратешки документ е Уредбата за мерилата и критериумите за финансирање на дејноста на високообразовните институции. Сепак, и покрај законската обврска за носење на овие документи, досега тие не се донесени[20].

Уште еден горлив проблем е неформирањето на Советот за финансирање и развој на високото образование. Истиот е предвиден да се формира со донесените измени на ЗВО[21], а меѓу надлежностите на советот се: да дава мислење за распределба на средствата за вршење на дејноста на високообразовните установи; да предлага уредба за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи која на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование ја донесува Владата на Република Македонија; да дава мислење за распределбата на средствата за инвестиции, за одржување на постојната опрема и набавка на нова, за одобрување на средства за набавка на стручна литература и за обезбедување на амортизацијата и осигурувањето; го определува најмалиот износ на средства по запишан и дипломиран студент од соодветна студиска програма; да дава предлог за висината на кофинансирање и партиципација итн. Според ревизорскиот извештај од 2012 година, Советот функционирал единствено во периодот од 2004 до 2006 година, по што се самораспуштил. Оттогаш, па до денес, Совет за финансирање и развој на виското образование, де факто, не постои во Македонија. Во вакви прилики, работата ја врши Владата на РМ и МОН, преку Секторот за високо образование. Во отсуство на конкретни стратешки документи делумно се користат мерилата и критериумите кои се донесени во Самоуправната спогодба од 1988 година[22]. За ефектите од ова повеќе ќе стане збор во делот перцепција и застапеност на корупција во ВО во Македонија.

---

19 Член 78, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

20 Финансирање на високото образование на државните универзитети – ревизорски наоди, Државен завод за ревизија (2012)

21 Закон за измени и дополнувања на Законот за високо образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 49/2003

22 Член 83, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

Ваквите прилики придонесуваат да се гледа на корупцијата како алтернативен метод на финансирање во областите каде недостига квалитетна алокација на финансии кои ги обезбедува државата.

Недостаток од стратешки документи за спречување на корупцијата во ВО

Еден од најголемите проблеми е и непостоење на конкретна стратегија за спречување на корупцијата во ВО. Во насока на ова особено се важни државните програми за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси. Се работи за четиригодишен акт кој го носи Државната комисија за спречување корупција, и кој соддржи конкретни мерки.

Сепак, од предвидените мерки во Стратегијата 2011 – 2015, реализирани се само 3, односно 14 % од вкупниот број мерки во овој сектор. Останатите одговори доставени од надлежните актери во спроведување на програмата, се согледува дека 57 % од активностите не се реализирани, а извршувањето на 29 % од мерките било во тек во 2015 година[23]. Од финалниот извештај се согледува дека, во најголем дел, мерките кои не се изведени се оние за кои биле задолжени државните институции, во најголема мера Министерството за образование и наука.

Во најновата програма (2016 – 2020) се содржани општи активности кои се однесуваат на сите сектори, како на пример: зајакнат институционален систем и легислатива за превенција од корупцијата и судирот на интереси; зајакната репресија против корупцијата; јакнење на капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите; зголемена вклученост на јавноста за борба против корупцијата и судирот на интереси; ефикасна координација на антикорупциските активности, следење и евалуација на остварувањето. Во истата отсуствуваат конкретни активности за спречување на корупцијата во образованието, а воопшто не се вклучуваат институции и ентитети од областа на високото образование.

Ваквиот пристап претставува прекинување на континуитетот на државната стратегија против оваа појава и практично непостоење на конкретни мерки на национално ниво за спречување корупција во ВО. Во

---

23 „Преглед на реализацијата на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011 – 2015“, Државна комисија за спречување корупција (2015)

отсуство на планови за интеграција, како и други документи кои содржат мерки против неетичките појави во ВО, во нашата земја не постои стратегија нити стратешки документи за спречување на корупцијата во образованието.Дополнително, проблематичен е и недостатокот на вакви документи на универзитетите и факултетите. Така, досега не се објавени и не е познато дали постојат планови за интеграција на УКИМ или одделните факултети, како и конкретни стратешки планови за спречување неморални дејствија.

Непостоење анализи на проблемот

Државните институции надлежни во сферата на корупцијата во ВО не прават истражувања и следење на состојбите на терен. Така, досега е изработено само едно истражување во кое учествува ДКСК, кое испитува неколку ставови на граѓаните во поглед на оваа појава[24]. Сепак континуирани следења на терен не се присутни. Истото важи и за ВОИ. Така, досега на УКИМ не е спроведено ниту едно истражување на темата корупција во ВОИ, а да биде иницирано од страна на високообразовната институција, или одделните факултети. Дотолку што во самоевалуациите кои ги пополнуваат студентите не се застапени прашања преку кои би се увиделе потенцијални коруптивни активности на професорите и останатиот академски кадар.

Исто, досега не е презентирана ниту една анализа на ризик и анализа на трошоци и корист на корупцијата, а не постојат информации дека МОН или УКИМ прават анализа на „црвени знаменца“ кои би се користеле за предвидување потенцијални криминални дејствија. Накратко, овие анализи потекнуваат од бизнис-секторот, и опфаќаат евалуација на ризици според: (1) можноста да се случат, (2) потенцијалниот губиток, (3) цената на мерките кои треба да се употребат. Преку овој вид анализа се добива приоретизирачка листа на ризици и студија на трошоци и корист за тоа кои мерки е најдобро да се употребат[25].

---

24 Во делот Перцепции и истражувања за корупцијата во ВО во Македонија повеќе ќе стане збор за конкретни истражувања на терен. Инаку, ДКСК редовно го следи спроведувањето на програмите за спречување корупција, но сепак отсуствува следење на состојбата на терен од аспект на мерење на степенот на корупција во општеството. Наместо тоа, одделни граѓански организации го прават ова (но, сепак не се работи за континуирано следење, туку за ад хок истражувања).

25 Jaques Hallak, Muriel Poisson, „Corrupt schools, corrupt universities: What can be done?”, UNESCO, International Institute for Educational Planning, (2007)

Проблем со евалуацијата на ВОИ

Приоритет на секоја држава треба да биде да обезбеди квалитет во ВО, со цел продуцирање на стручни кадри кои понатаму ќе се вклучат на пазарот на труд. Капацитетот на студентите, како и нивото на вештини понатаму директно влијае на економскиот и на општествениот развој. Како што претходно беше дискутирано, корупцијата во ВО може значително да влијае на квалитетот на кадрите кои минуваат низ високообразовните процеси. Оттука, постоењето механизми за контрола и евалуација на случувањата во образованието е исклучително важно. Затоа, скоро сите земји во светот предвидуваат алатки за мониторинг и испитување на состојбите во ВОИ. Во Македонија предвидени се четири нивоа на евалуација на работата на ВОИ: (1) евалуација која ја врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование; (2) надворешна евалуација која периодично треба да ја прави секоја ВОИ; (3) самоевалуација на ВОИ; (4) евалуација на академскиот кадар по завршувањето на секој семестар.

Според ЗВО, примарната задача за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование ја врши Одборот за акредитација, кое го основа Владата на Република Македонија[26]. Се работи за орган кој би требало да има целосен увид за случувањата во ВО, и кој може да игра круцијална улога не само во борбата со корупцијата во ВО туку и во унапредувањето на образованието во Македонија генерално. До измените на ЗВО од 2011 година, биле предвидени две одделни тела, т.е. Одбор за акредитација и Агенција за евалуација. Според извештајот на Државниот завод за ревизија, Агенцијата за евалуација никогаш не ни била формирана. Од ова може да увидиме дека во Македонија, до 2011 година отсуствувал државен механизам за мониторинг на квалитетот на образованието во Македонија, а со тоа и директен увид за состојбите во ВО. Ова значи дека дотогаш не постојат систематизирани објективни информации за односите и состојбите во ВО.

Со измените на ЗВО од 2011 година, овие тела се соединети во единствениот Одбор за акредитација и евалуација на високото образование. Одборот има за задача да одлучува за акредитирање на научните установи кои сакаат да вршат високообразовни дејности од втор и трет циклус и студиски програми, утврдува исполнетост на услови за вршење високо-

---

26 Член 68, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

образовна дејност, врши проценка на квалитетот на вршењето на академската дејност на институциите, одзема или потврдува акредитации врз основ на извештаи за работа, дава препораки за унапредување на работата во ВО итн.[27] Повеќе за механизмите кои можат да превенираат коруптивни дејствија во ВО, а кои се предвидени во правните документи кои ја регулираат работата на Одборот ќе стане збор во делот Законски и останати правни акти од областа на корупцијата и високото образование.

Овде накусо ќе ја продискутираме работата на Одборот и влијанието на развојот на корупцијата во ВО. Имено, ова тело во текот на изминатите години беше мета на негативни критики, како од студентската јавност така и од останатите актери кои работат или учествуваат во сферата на ВО. Најпрво, Одборот нема своја веб-страница (иако тоа е предвидено во правните акти кои ја уредуваат работата на ова тело), ниту сопствен медиум преку кој би ја комуницирал јавноста. Така, досега не постои јавен извештај на Одборот каде би се согледал увидот во работата на некоја ВОИ во нашата земја. За разлика од ова, повеќето ВОИ ги имаат објавено одлуките за акредитација на програмите на своите веб-страници.

Понатаму, во текот на академската 2014/2015 година, која беше исклучително турбулентна година во академската заедница во Македонија (студентските протести организирани од страна на Студентскиот пленум, окупацијата на неколку универзитети во Македонија, изведувањето на надворешната евалуација на УКИМ, промената на Законот за високото образование, поднесувањето предлози за отворање на два нови државни универзитети во Македонија од страна на Владата на РМ), Одборот не се состануваше[28]. Сериозноста на проблемот со Одборот за акредитација и евалуација може да се согледа преку следнава изјава на инспектор од Државниот просветен инспекторат:

„Треба да се види кој универзитет со каков квалитет е. Треба конкретно да се дефинира што значи автономија на универзитетот и академската слобода, што значи партиципација на студентите во управувањето и во одлучувањето, со посебен осврт на наставата, на наставно-истражувачката работа, на творењето и слично. Во делот на обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование нормативно-правно постои

—

27 *Член 71, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016*

28 *Славица Филиповска, „Одборот за акредитација и евалуација на факултетите хибернира“, НОВА ТВ, 2015. Пристапено на 15 мај, 2016, http://novatv.mk/odborot-za-akreditacija-i-evaluacija-na-fakultetite-hibernira/*

Одбор за акредитација и евалуација на високото образование. Во практиката функционира само Одборот за акредитација, но не функционира евалуацијата, која е заемно тело. Нелогичност од проста причина како што популарно се вели меѓу народот кадија те тужи, кадија те суди. Тоа значи дека во новиот закон треба да се одвојат како посебни тела – одбори, Одбор за акредитација и Одбор за евалуација. Немање евалуација значи немање процена, вреднување.“[29]

Ова покажува дека и покрај конкретно усвоените индикатори преку кои Одборот директно ќе може да увиди кој е степенот на развиеност во ВОИ, вистинска евалуација не се случува. Во отсуство на мониторинг на случувањата во ВОИ, се создава позитивна клима за коруптивни дејствија.

Во поглед на самоевалуацијата и надворешната евалуација, УКИМ и одделните факултети генерално ги почитуваат законските одредби, и редовно пристапуваат кон оценка на состојбите. Извештаите се јавно достапни на веб-страниците на институциите. Сепак проблемот се јавува во дозата на самокритичност и методологијата со која јавните универзитети пристапуваат кога тие изготувуваат извештаи за самоевалуација. Така, и во извештајот за надворешната евалуација на УКИМ од 2011та година е констатирано следново:

„Иако нема сомнение дека Универзитетот сериозно се зафатил со процесот, првиот впечаток на експертскиот тим беше дека тој процес ќе претставуваше поголем придонес за Универзитетот доколку притоа се имаше подлабински и посамокритичен пристап.“[30]

Понатаму, во извешајот за надворешна евалуација на УКИМ од 2015 година, е наведено дека:

„...тимот во целост не беше уверен дека евалуациониот процес е целосно разбран и дека во него е вклучена целокупната универзитетска заедница на начинот предложен во инструкциите. Исто така, разговорите со кадарот и студентите покажаа дека и покрај тоа што тие се запознаени

---

29 Милчо Велјановски, “Кадија те тужи, кадија те суди: Просветниот инспектор Ѓорѓи Илиевски бара нов концепт за евалуација на високото образование„, Академик, 2015, пристапено на 15 мај, 2016, http://www.akademik.mk/kadija-te-tuzhi-kadija-te-sudi-prosvetniot-inspektor-gorgi-ilievski-bara-nov-kontsept-za-evaluatsijata-na-visokoto-obrazovanie-3/

30 „Извештај за последователната надворешна евалуација на УКИМ“, Европска асоцијација на универзитети (2011). Извештајот е достапен на: http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/297_Evaluacija%20za%20web.pdf

со процесот, самата вклученост на кадарот и студентите не е застапена онолку колку што е потребно.“[31]

Погоре изложеното покажува дека е дискутабилно дали УКИМ целосно ги прикажува состојбите и само делумно се осврнува на проблемите кои се јавуваат во академската заедница. Сличен показател ни дава Извештајот за спроведување на Болоњската декларација, во кој се вели дека македонските универзитети и факултети, на процентуалната скала на објавени негативни извештаи од евалуација за квалитет се движи меѓу 51 % и 75 %.[32]

Висок степен на корупција во останати сектори

Како што и претходно беше дискутирано, постоењето на корупција во општествените текови и постоењето на култура на прифаќање на корупцијата како алатка за добивање услуги, директно влијае на развивањето корупција во образованието.

Земајќи ги предвид извештаите на Европската комисија од изминатите седум години, забележливо е констатирањето на високиот степен на корупција во јавниот сектор. Во истите, најчесто е констатирана корупцијата кај политичарите од висок ранг. Исто, нотирано е дека постојат мали заложби на исполнување на активностите предвидени во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011 – 2015[33].

Од друга страна, според Индексот на перцепција на корупција, подготвен од страна на Транспаренси интернешенел, Македонија од 2006 до 2015 година забележува значителен раст на перцепцијата за постоење корупција во јавниот сектор[34]. Така, на скалата од 0 до 100, каде нула е јавен сектор без корупција, а 100 е целосно корумпиран систем, Македонија во 2006 година има индекс 27, за девет години подоцна тој број да нарасне на 42.

—

31 „Извешај за надворешна евалуација на УКИМ“, Европска асоцијација на универзитети (2015), Извештајот е достапен на:http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/EUA_Izvestaj-lektoriran.pdf

32 „The European Higher Education Area in 2015: Bologna Process Implementation Report”, European Commission/ EACEA/Eurydice, Luxembourg: Publications Office of the European Union (2015)

33 „Commission staff working document-The Former Yugoslav Republic of Macedonia Report 2015”, European Commission (2015), http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

34 Повеќе на: http://www.tradingeconomics.com/macedonia/corruption-index

Според извештајот за процена на корупцијата во Македонија, издаден од МЦМС, корупцијата е рангирана како петти најголем проблем во земјата (27,9 %), а како први се наведени невработеноста, сиромаштијата, ниските приходи и високите цени (којшто пак се фактори за развивање корупција). Истиот извештај покажува дека практичната ефикасност на корупцијата (веројатноста за вмешување во корупција, што се мери со тоа колку испитаниците ја гледаат корупцијата како ефикасно решение на нивните проблеми, на пр. дали се исплатува корупцијата) е висок, и достигнува до 5.3 (на скала каде 0 е воопшто, а 10 е апсолутна корупција) [35].

Дополнителен проблем кој се јавува е непрепознавањето на корупцијата од страна на населението. Така, според истражувањата, 11 % од граѓаните во Македонија имаат ниско ниво на разбирање кои се коруптивните форми, додека 28 % имаат средно ниво на препознавање. Покрај ова, одредени статистики покажуваат дека граѓаните имаат развиено висок праг на толеранција спрема корупцијата, па ја оправдуваат во одредени случаи.[36]

Останати фактори

Покрај горенаведените прилики кои влијаат на развојот на корупцијата, постојат и низа други фактори кои придонесуваат за развојот на коруптивните практики. Така, на пример, повеќето од факултетите при УКИМ релативно доцна носат посебни правни акти за дисциплинската одговорност или регулирање на области каде се појавува корупцијата. Забележителна е и нецелосна синхронизираност на правните акти на одделните факултети со Статутот на УКИМ.

Исто така, намален е обемот на соработка помеѓу државните институции и ВОИ во поглед на спроведување на заеднички активности на темата, а оние постоечките повеќе се однесуваат на едновремени мерки кои понатаму не се одржуваат. Како пример за ова се телефонските линии за пријавување корупција кои беа отворени од страна на Министерството за образование и наука, но беа без успех поради недоволната промоција и едукација на студентите за пријавување коруптивни случаи.[37] Друг пример во контекст на ова е отворањето канцеларии за пријавување ко-

---

35 Емина Нурединоска, Марија Саздевски, Борјан Ѓузелов, „Извештај за проценка на корупцијата во Македонија“. Македонски центар за меѓународна соработка (2014)

36 Misha Popovikj, „Imagine If You Were A Low Paid Clerk: The Challenges with Using Corruption Reporting Mechanisms in Controlling Corruption in Macedonia„, Institute for Democracy Societas Civilis-Skopje (2015)

37 „Телефонските линии за пријавување мито и корупција се „мртви““, Центар за истражувачко новинарство СКУП (2013)

рупција на неколку факултети при УКИМ, кои исто така никогаш не придонесоа значајно за решавањето на проблемот, и истите по некое време беа затворени.[38]

Во насока на ова, на Универзитетот скоро и да не се застапени антикорупциски едукативни кампањи, ниту поголема активност од страна на самите студентски организации. Исклучок од ова се кампањите „Клоца за корупцијата во високото образование“[39] и „Резил“[40] спроведени од Младинскиот образовен форум.

Во врска со организирани кампањи и промовирани механизми за пријавување корупција, треба да се спомене и двегодишната кампања „Осмели се – пријави корупција“ на Транспарентност интернешенел – Македонија, која придонесе од 1032 пријави, 12 % (или второ рангирана) да бидат токму во сферата на образованието. Исто, во 2011 година е промовирана онлајн-платформата www.prijavikorupcija.org која има за цел мапирање на коруптивни практики во Македонија. Сепак, бројот на регистрирани случаи во областа образование е на ниско ниво, и од вкупниот број пријави само една се однесува на факултет при УКИМ. Како една од причините за ова е времената актуелизација на овие мерки, кои најчесто по завршување на проектите не се одржуваат повеќе.

Уште еден од факторите кои влијаат на развојот на корупцијата е недостатокот од развиена стручна мисла и континуирана дискусија на темата во Македонија. Така, реткост е да се најде литература на македонски јазик која ја обработува темата и која нуди експертски осврт на проблемот.

---

38 Весна Ќуксановиќ, „Корупција на факултетите има, но никој не се осмелува да пријави“, Сител (2013)

39 Ирена Стоилевска„Кампања „Клоца за корупцијата во високото образование““ (2009)http://castleofjournalists.blogspot.mk/2009/05/blog-post_1978.html

40 „Што направи МОФ за 14 години постоење“, Младински образовен форум (2013)http://www.mof.mk/shto-napravi-mof-za-14-godini-postoenee/

Г Л А В А 3

Податоци за степенот на корупција на Универзитетот „Св.Кирил Методиј" – Скопје

Во отсуство на систематизирани и континуирани истражувања, и друг вид јавни информации, во овој дел ќе се обидеме да направиме сублимат на достапните податоци на темата корупција во високото образование, и поконкретно на УКИМ.

За таа цел, во следниот дел ќе бидат прикажани неколку видови податоци. Најпрво, ќе стане збор за истражувања кои се веќе направени во нашата земја. Понатаму, ќе бидат анализирани извештаите на неколку државни институции, со цел добивање подетална слика за констатираните неправилности во високото образование. Истата, покрај извештаите ќе бидат обработени и записите на Државниот завод за ревизија кои даваат индикации за потенцијални коруптивни активности на УКИМ. На крај, понудена е куса анализа на медиумските објави на темата корупција на УКИМ, со цел добивање информација како медиумите кај нас ја следат оваа област, но и колку јавно регистрирани случаи постојат.

Истражувања за корупцијата во високото образование во Македонија

Иако категоризацијата и дефинирањето на појавите на корупцијата во ВО е на одредено задоволително ниво во светската литература, тоа не е случај и со методологиите за испитување на корупцијата како општествен феномен. Сепак, мерењето на корупцијата е навистина тешка задача, но не е и невозможна. Така, постојат неколку пристапи според кои може да се испитува корупцијата во ВО: квантитативни алатки (мерење на перцепција или лични искуства), студија на случаи, анализа на извештаи на надлежни институции, економски анализи за влијаењето на корупцијата во ВО врз други области или генерално на националната економија итн.

Овде е особено важно да се разграничат поимите на постоење на коруптивни дејствија де факто и перцепцијата на населението за постоењето на корупција. Имено, чест случај е да постои општо мислење дека корупцијата е застапена, но истражувањата да покажуваат дека тоа не е случај, или пак да покажат дека одредени форми, поради недоволно внимание, се сметаат за незастапени, а тоа не е е така. Исто, одредени професии историски се сметаат за корумпирани, иако можеби во денешно време тоа веќе не е случај (поради воведување мерки или менување на социјалните и економските прилики). Токму таква област, меѓу другото е и високото образование, особено во поглед на корумпираноста на професорите. Затоа, можат да се појават значителни разлики во ставовите на различните интересни групи (пр. општа јавност спрема студенти и други членови на академската заедница) кога се прават истражувања за корупција.Во Македонија, постои сериозен недостаток од истражувања за корупцијата во високото образование. Овде е особено важно да се напомене дека испитувањето на истата во земјите во развој, вклучително и Македонија, е предизвик поради ограниченото број на јавно достапни информации, недоволно развиената волја на државните институции и високообразовните институции да соработуваат при обезбедување на податоци, но и да го актуализираат ова прашање, недостатокот на култура кај самото население да учествува во истражувања кои адресираат вакви прашања, како и стравот и неедуцираноста на студентите за пријавување на случаи или, општо, препознавање на коруптивни дејствија.

Досега кај нас се направени мал број истражувања кои ја мерат перцепцијата на општата јавност и студентите за степенот на корупција на најголемиот универзитет во Македонија, и корупцијата во високото образование генерално. Сепак, следењето на состојбата во високото обра-

зование не е редовна практика, што дополнително го отежнува процесот на намалување на корупцијата во оваа област.

Сите пет истражувања кои се изведени во Македонија на темата на оваа анализа ја испитуваат проблематиката од различен аспект. Овде ќе ги разгледаме одделните резултати и статистики.

Извештај за подмитувањето искусено од населението

Според истражувањето на UNODC[41] и Државниот завод за статистика на Македонија од 2011 година[42] , 17 % од испитаниците кои дале поткуп во последните дванаесет месеци го сториле тоа кај наставник или професор за да добијат одредена услуга. Исто, 23 % од испитаниците, кои не секогаш се студенти, од ова истражување одговориле дека на државните универзитети често или многу често се случуваат коруптивни дејствија. Сепак, според истото, граѓаните на Р Македонија сметаат дека е неприфатливо да се понудат пари/подароци на професор (скоро 92 % од испитаниците го даваат одговорот), или пак професорите да побараат пари/подарок (93 %).

Истражување за корупцијата во областа на образованието и спортот на Република Македонија

Според истражувањето од 2012 година,[43] скоро 30 % од испитаниците одговориле дека корупцијата во образованието е многу распространета, и тоа најмногу во високото образование (56 % од испитаниците велат дека корупцијата е многу распространета во оваа сфера). Истражувањето покажува дека ставовите меѓу испитаниците од различни старосни групи не се разликуваат, односно дека 55 % од студентите, постарите граѓани и останатите групи, сметаат дека има многу корупција во високото образование. Интересно да се забележи дека сепак за одредени прашања студентите имаат попозитивни ставови од останатите категории граѓа-

---

41 Канцеларија на Обединети нации за дроги и криминал – Одделение за статистика

42 Енрико Бисоњо, Феликс Рајтерер, Мајкл Јандл, Серена Фаварин, Филип Дејвис, „Корупцијата во Поранешна Југословенска Република Македонија: Подмитувањето искусено од населението“, UNODC и Државен завод за статистика на Македонија (2011), http://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/corruption/Corruption_Report_fYR_Macedonia_Macedonian_web.pdf

43 „Истражување за корупцијата во областа на образованието и спортот на Република Македонија“, Транспаренси интернешенел – Македонија (2012), http://www.transparency.mk/images/stories/prezentacii_i_izjavi_od_nastani/prezentacija_istrazuvanje_za_korupcijata_obrazovoanie_sport.pdf

ни, па така 38 % од нив сметаат дека има корупција во областа на учебникарството (т.е. случаите на задолжително купување книги од професорите), додека 54 % од останатите категории граѓани го делат истиот став со студентите. Понатаму, 29 % од студентите, според ова истражување, сметаат дека корупцијата е многу застапена при процесите на добивање студентски легла, додека кај останатите категории граѓани овој процент е 42 %. Исто, 30 % од студентите во 2012 сметаат дека постои висок степен на корупција во сферата на полагање испити, додека кај останатите категории граѓани, 39 % го делат истото мислење.

Извештај за проценка на корупцијата во Р. Македонија

Иако првенствената цел на ова истражување не е корупцијата во високото образование, сепак тоа дава одредени информации. Во студијата од 2014 година[44], направен е компаративен приказ на ставовите на граѓаните на Р Македонија во поглед на корумпираноста на универзитетските службеници и професори. Така, во 2001 година, испитаниците им дале средна оценка 2,7 (од скала каде 1 е „речиси ниту еден не е корумпиран", а 4 е „речиси секој е корумпиран"), 2,5 во 2002 година и 2,7 во 2014 година на професорите и административните работници на универзитетите. Испитаниците во ова истражување не секогаш се студенти или членови на академска заедница, туку се работи за испитување на ставови на општата популација.

Регионално истражување за корупција во високото образование

Досега во Македонија е направено само едно пообемно истражување кое содржи анализа на ставовите на студентите за прашањето корупција во високото образование. Истото е изработено од Младинскиот образовен форум[45]. Истражувањето нуди и компаративен приказ на ставовите на македонските студенти со нивните колеги од Државниот универзитет во Белград, Државниот универзитет во Загреб, Универзитетот во Молдавија

---

44 Емина Нурединоска, Марија Саздевски, Борјан Ѓузелов , „Извештај за проценка на корупцијата во Р Македонија", Македонскиот центар за меѓународна соработка (2014), http://mcms.org.mk/images/docs/2014/izvestaj-za-procenka-na-korupcijata-vo-makedonija-2014.pdf

45 Лазар Пол Иванов, Петар Димитров. Марија Мирчевска, Мартин Алексоски, „Регионално истражување за перцепцијата за корупција во високото образование", Младински образовен форум и Anticorruption Student Network (2013), http://www.herdata.org/public/Mof-brosura-regionalno-istrazuvanje-za-web1.pdf

и Државниот универзитет во Пловдив. Истражувањето се однесува на ставовите на студентите од УКИМ.

Според истото, студентите на УКИМ скоро по сите прашања покажуваат најголем степен на соочување со коруптивни појави во текот на нивните студии, во споредба со нивните колеги од регионот. Во прилог, накусо ставовите на студентите на УКИМ за различните форми на корупција кои се јавуваат во високото образование.

Непотизам

Така, дури половина од студентите на УКИМ (51,2 %)[46], во 2012, велат дека значително или многу голема е застапеноста на непотизмот на нивниот униеризитет. Понатаму, скоро 30 % директно учествувале или биле сведоци на појавата студентот да користи познанства со професорот за да добие повисока оценка или за да положи испит, 22,4 % од студентите директно биле вклучени или се запознаени со појавата користење познанства за да се запишат на факултет, а 26,4 % од студентите директно искусиле професор да го користи своето влијание на факултет со цел запишување на студент на истиот.

Во врска со толеранцијата кон случаите на непотизам, студентите на УКИМ покажуваат низок степен на разбирање и поддршка на овие форми на корупција, но сепак повеќе би толерирале корупција иницирана од страна на студент отколку на професор. Во врска со пријавувањето, високи 70 % од студентите на УКИМ изјавиле дека не би го сториле тоа доколку забележат студент кој се запишува на факултет со познанства.

Поткуп

Што се однесува на коруптивното дејствие поткуп, студентите на УКИМ, во споредба со останатите испитаници надвор од Македонија, орбитираат на средина на скалата. Така, 20 % од студентите на УКИМ сметаат дека има многу или значителна застапеност на поткупот како средство за добивање бенефициии на нивниот факултет[47], а 31,7 % од студентите велат дека има мала застапеност на поткупот на нивниот факултет. Сепак, кога студентите од скопскиот универзитет се запрашани за нивните лични искуства со поткупот за време на нивните студии, алармантни 39 % велат

---

46 *Компаративно: Белград (38,1 %), Загреб (31,6 %), Пловдив (26,6 %), Молдавија (29,2 %),*

47 *Компаративно: Белград (21,4 %), Загреб (6,4 %), Пловдив (19,1 %), Молдавија (24,9 %)*

дека тие или нивните колеги морале да купат книга чиј автор е професорот, со цел добивање повисока оценка по предметот[48], а 22 % велат дека тие или други студенти платиле за да го положат испитот кај одреден професор[49]. Исто, 30 % од испитаниците забележале дека професор дава поволности на студенти кои ќе ја купат неговата/ нејзината книга.

Сепак, кога се однесува на ставовите за оправданоста на ваквите дејствија во високото образование, студентите не ги оправдуваат истите, и велат дека не е во ред студент да плати за да положи испит (94,4 %), или пак професорот да прими пари за да му овозможи на студентот да го помине предметот (95,8 %).

Високи 66 % од студентите на УКИМ изјавиле дека би пријавиле професор кој прима поткуп доколку пријавувањето е анонимно, а 27 % рекле дека би пријавиле и без пријавувањето да е анонимно.

Мамење на испит

Мамењето на испит е една од коруптивните појави која е застапена на УКИМ. Така, 34 % од студентите во истражувањето сметаат дека мамењето на испити е значително или многу распространето[50]. Од друга страна, 32,4 % од студентите на УКИМ сметаат дека многу малку или малку е застапено мамењето на испити на нивниот факултет. Што се однесува на директните искуства на студентите со оваа форма на корупција, 48,6 % од нив мамеле или познаваат случај на мамење за време на испит[51], а 33,1 % имаат искуство со пишување на туѓи трудови.

На прашањето дали би пријавиле студент кој мами на испит, дури 84 % од студентите во Скопје не би пријавиле, а 12 % би го сториле тоа само доколку пријавувањето е анонимно. Истиот случај се појавува и кај пријавувањето на колега кој користи туѓ труд за време на студиите, па така 75 % од студентите не би пријавиле, додека 20 % би пријавиле доколку тоа е анонимно. Слична статистика е добиена кога студентите се прашани дали би пријавиле студент кој пишува академски труд за друг студент. Така, високи 80 % од испитаниците одговориле дека не би пријавиле ваков случај.

---

48 *Комѣаративно: Белѣрад (18,6 %), Заѣреб (9,9 %), Пловдив (28,4 %), Молдавија (13,7 %)*

49 *Комѣаративно: Белѣрад (10,5 %), Заѣреб (5 %), Пловдив (10,5 %), Молдавија (20,6 %)*

50 *Комѣаративно: Белѣрад (44,8 %), Заѣреб (52,6 %), Пловдив (63,3 %), Молдавија (37,4 %)*

51 *Комѣаративно: Белѣрад (52,8 %), Заѣреб (76,2 %), Пловдив (58,2 %), Молдавија (46,1 %)*

Плагијат

Според истражувањето од 2013 година, 43 % од студентите на УКИМ сметаат дека на нивниот факултет оваа коруптивна појава е значително или многу застапена[52]. Директното искуство на скопските студенти со оваа појава на корупција е следново: 29 % од студентите биле вклучени или сведочеле студент да прави плагијат, 23 % од студентите забележале дека професор прави плагијат, а 20 % од нив забележале дека професор прави плагијат на дело на студент. Во поглед на последното, компаративно, скопските студенти покажуваат најголема застапеност на оваа појава во високото образование (препис на студентски трудови од страна на професорите)[53].

Иако студентите од УКИМ забележуваат значителен степен на плагијаторство за време на нивните студии, тие сепак покажуваат висок степен на толеранција спрема овој вид коруптивно дејствие. Така, 20,6 % би толерирале доколку професорот прави плагијат, 54 % би толерирале доколку нивни колега го стори ова, а само 4 % од нив би толерирале доколку професор врши плагијат од труд напишан од студент.

Пријавување и спречување на корупцијата

Во истражувањето се испитани и причините зошто студентите не пријавуваат корупција кога ќе ја искусат или забележат. Така, најголемата причина зошто тие не пријавуваат корупција е затоа што сметаат дека не би променило ништо (28, 3 %), понатаму, се плашат од одмазда (21, 4 %), или пак не знаат каде да пријават (17 %). Студентите од Скопје сметаат дека телото кое треба да преземе одговорност за борба против корупцијата во високото образование е полицијата (15, 4 %). По него следат национално антикорупциско тело со 14, 7 % и невладино антикорупциско тело со 14, 6 %. Медиумите исто така се посочени како актери кои се сметаат за одговорни во борбата против корупцијата со (11, 4 %).

На прашањето кои мерки сметаат дека би придонеле за подобрување на ефективноста во борбата против корупцијата, нашите студенти ги посочуваат заштитата на анонимноста за оние кои пријавуваат поткуп (на прашањата за поткуп и непотизам увидовме дека многу е поголема веројатноста, односно склоноста да се пријави корупција доколку процедурата е анонимна) и воведување на построги санкции за оние инволвирани во чинот на поткуп (за двете опции се одлучиле по 19, 8 % од испитаниците).

---

52 *Компаративно: Белград (24,2 %), Загреб (25,8 %), Пловдив (32 %), Молдавија (24 %)*

53 *Компаративно: Белград (7,7 %), Загреб (6,9 %), Пловдив (6,3 %), Молдавија (6,5 %)*

Анализа на извештаи на надлежни тела

Годишни извештаи на Државната комисија за спречување корупција

За потребите на овој труд беа разгледани годишните извештаи на ДКСК, почнувајќи од 2005 година, па сè до 2015 година. Во истите не се презентирани детални податоци за пријавите по области и постапувањето по сите случаи, туку е даден преглед на иницијативите кои комисијата ги поднесува до Јавното обвинителство со цел започнување на кривично гонење.Според разгледаните извештаи, од 2005 година, па сè до 2015 година, Комисијата не поднела иницијатива за започнување постапка за кривично гонење за ниту еден случај на УКИМ.

Во дел од извештаите се споменуваат останати високообразовни институции. На пример, во 2010 година е започната иницијатива за кривично гонење на декан на државниот универзитет во Битола, поради неправилно располагање со државниот имот во склоп на универзитетскиот кампус и наплаќање на трошоци спротивно на правилникот издаден од Советот за финансирање на високото образование. Комисијата бара деканката да одговара за кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од КЗ на РМ, и бара од ректорот на УКЛО таа да биде разрешена од својата позиција[54].

Во извештајот од 2012 година е забележано дека е поднесена иницијатива за кривично гонење до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на три службени лица, поранешни вршители на должноста в.д. директор на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје – А.С, за кривичните дела злоупотреба на службена положба и овластување и несовесно работење во службата и тоа за дејности кои ги извршиле кај јавните набавки[55]. Во 2014 година повторно е започната иницијатива за гонење одговорни лица на студентски дом, овој пат во Охрид. Имено, Комисијата барала од Обвинителството да се поведе кривична постапка против две лица поради сомневање дека сто-

---

54 *„Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2010 година“, Државна комисија за спречување корупција (2011)*

55 *„Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2012 година“, Државна комисија за спречување корупција (2013)*

риле кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување, повторно во постапките за јавни набавки[56].

Од погоренаведеното се согледува дека Комисијата имала многу малку започнати иницијативи пред надлежните органи во сферата на високото образование. Ова може да се должи на различни фактори како мал број пријави за корупција во ВО, решавање на случаите со користење друг вид мерки (советување, опомена итн.), недоволна грижа за оваа сфера и ставање поголем акцент на други области (на пр. избори, работа на државни институции и локална самоуправа, имотни листови на службени лица), или недостаток од стручен кадар кој би се занимавал со образовни тематики. Како што беше напоменато и претходно во оваа анализа, потребен е поголем ангажман на Комисијата во спречувањето на корупцијата во ВО, повторно вклучување на образованието како тема во стратешките документи на овој орган и пренесување подетални податоци во јавноста со цел полесно следење на состојбите на терен од страна на засегнатите страни.

Извештаи на други тела

Како што беше напоменато и погоре, за потребите на овој труд беа испратени барања за слободен пристап до информации до Државната комисија за спречување корупција, Основен суд Скопје 1, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за финансии преку Управата за финансиска полиција, Државниот просветен инспекторат и Студентскиот правобранител.

Од нив, само Министерството за финансии достави целосен одговор на доставените барања, а Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал одговори дека дел од информациите се сметаат за сензитивни и по извршениот тест за штетност заклучено е дека истите нема да бидат доставени.

Според одговорот на Министерството за финансии, во периодот од 2003 до 2016 година, поднесени се вкупно четири кривични пријави против лица кои се во работен однос на некои од единиците во склоп на УКИМ. Така, во 2012 и 2013 година поднесени се две кривични пријави против референт вработен на Педагошкиот факултет за сторено кривично дело

—

56 „Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2014 година“, Државна комисија за спречување корупција (2015)

злоупотреба на службена положба и овластување (чл. 353 од КЗ на РМ). Во 2015 година се подесени две кривични пријави и тоа кривична пријава против професор од Правниот факултет поради измама во службата (чл. 355 од КЗ на РМ), и кривична пријава против поранешен декан на Стоматолошкиот факултет за сторено кривично дело несовесно работење во службата (чл. 353-в од КЗ на РМ).

Анализа на ревизорски извештаи

Следењето на финансиските текови и начинот на однесување на актерите од ВО во оваа сфера даваат индикација за тоа дали се случуваат коруптивни или криминални дејствија во академската заедница. За ова веќе стана збор претходно, во делот изработка на анализа на „црвени знаменца". Накратко, се работи за концепт според кој се изработува листа на потенцијални ризици и области каде може да се јават, како и показатели дека се случува одредена нелегална и/или неетична појава. Конректни нерегуларности со управувањето на финансиите можат да сигнализираат случување на корупција во академските кругови.

Еден од ретко јавните извори на податоци во поглед на финансиите во оваа сфера се извештаите на Државниот завод за ревизија. Иако би било неосновано доколку со сигурност тврдиме дека долунаведените констатации покажуваат корупција на УКИМ, сепак е вредно да бидат споменати бидејќи даваат потенцијални насоки за следење на корупцијата на Универзитетот.

Извештаи на одделни факултети при УКИМ

Овде накусо ќе ги наброиме наодите од неколкуте извештаи за самофинансирање на ВОИ, кои даваат индикатори за потенцијални коруптивни дејствија на одделните факултети при УКИМ[57]. Во оваа анализа е вклучен и извештај кој е изработен од Одделението за внатрешна ревизија

---

57 *Конечен извештај бр. 0903-116/6, „Ревизија на финансиските извештаи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје – Сметка за приходи од самофинансирачки активности" (2007); Конечен извештај бр. 0903-152/6, „Ревизија на финансиските извештаи на Архитектонскиот факултет во Скопје – Сметка за приходи од самофинансирачки активности" (2009); Конечен извештај бр. 22-129/10, „Ревизија на финансиските извештаи на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје- –Сметка за приходи од самофинансирачки активности" (2010); Конечен извештај бр.21-105/6, „Ревизија на финансиските извештаи на Факултетот за музичка уметност – Сметка за приходи од самофинансирачки активности" (2013); Конечен извештај бр. 22-223/9, „Ревизија на финансиските извештаи на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје – Сметка за приходи од самофинансирачки активности" (2013)*

при Министерството за образование, а се однесува на еден од факултетите при УКИМ[58].

Она што е забележливо е дека се појавуваат повеќе проблеми кога ВОИ располагаат со средствата добиени од самофинансирањето отколку од државниот буџет. Сублимирано и интегрално, во извештаите може да се најдат следниве констатации:

1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела
2. Неправилности во искажување на приходите/расходите, неоправдано повисоки исплати по основ на зголемен обем на работа на вработените на факултетот
3. Ненаменско и незаконско користење на средствата
4. Учество на академски и административен кадар во посебни комисии и добивање паричен надомест за тоа, со одлука на декан, а без претходна консултација со Наставно-научниот совет
5. Недостаток од докази за објективноста на потребата од ангажирање на демонстратори и надворешни предавачи за изведување настава/вежби на додипломските студии и исплата на истите
6. Наплаќање на надоместоци за образовни и административни услуги и по основи коишто не се утврдени во Ценовникот за трошоци или истите се наплатувани во повисок износ од утврдениот со што факултетот неосновано остварил приходи
7. Наплата на услуги на странски студенти кои секако имале право на услугите преку доделените стипендии, при што факултетот се здобил со значителна материјална добивка
8. Исплата на парични средства на индивидуи кои биле ангажирани во постапки за јавни набавки, но не се дел од факултетската комисија за јавни набавки
9. Наплаќање трошоци од страна на студенти кои не содејствуваат со висината на предвидените трошоци во Ценовникот на трошоци донесен од Советот за финансирање на ВО во 2004 година
10. Нереално прикажување на вредноста на материјални средства, поконкретно при набавката на опрема

---

58 *„Конечен извештај за извршена ревизија на регуларности и системи на внатрешна контрола на работните процеси на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје“, бр. 21-1431/2 (2014)*

11. Избран понудувач на повик за јавни набавки, кој не е прворангиран на листата за економски најповолни понуди
12. Недостаток од ранг-листи на понудувачи на повиците за јавни набавки (не се составени)
13. Голема разлика во бројот на студенти наспрема бројот на наставници, на специфични катедри или факултети
14. Ненаведување на количина и цена на фактури кога факултетот извршува стручни анализи, проби и испитувања
15. Исплаќање на членови на факултетски комисии, иако за тоа нема основ во интерните документи на факултетот
16. Неодобрени ценовници од страна на Деканатската управа се користат кога факултетот дава услуги на надворешни лица
17. Системот на внатрешни контроли е нецелосно изграден, контролите на делови од системот не се добро поставени и не се доволно ефикасни
18. Ангажирани се лица преку Агенцијата за привремено вработување спротивно на одредбите во правните акти
19. Во постапки за јавни набавки се надминува вредноста која е предвидена во договорот
20. Набавување на производи кои не се предмет на договорот за јавни набавки
21. Нераспишување на повик за јавни набавки при купување продукти или наем на услуги, иако постои законска обврска за тоа
22. При издавање недвижен имот под закуп не се почитуваат правилниците кои ја регулираат оваа област
23. Архивирање документи како службени, иако немаат таков карактер
24. Архивирање документи под ист број и датум иако се работи за различни документи

Од погоре изложеното забележливо е дека дел од факултетите при УКИМ работат несоодветно во областите како јавните набавки, наплатата на трошоци за услуги, ангажирањето работен кадар и работа со јавни документи. Овие податоци треба да претставуваат показатели за потенцијални криминални и коруптивни појави, и поттик за МОН и самите ВОИ веднаш да преземат итни мерки за унапредување на состојбите, како и превенирање на слични идни дејствија.

Извештај за финансирањето на високото образование во Македонија

Неадекватните модели на финансирање на образованието се често и една од главните причини за појавата на корупцијата. Ова е случај поради тоа што често се случува актерите во ВО да сметаат дека недоволно им е валоризиран трудот и знаењето, па бараат алтернативни начини на финансирање за својот ангажман. Исто, ваквите прилики придонесуваат одредени лица да стекнат комодитет при извршувањето на корупцијата, поради нејасните процедури и конфузните прилики. Затоа, изнаоѓањето адекватен модел за финансирање на високото образование треба да биде приоритет во борбата против корупцијата.

Од ревизорскиот извештај за финансирање на високото образование се согледува дека факултетите при УКИМ, во најголем дел, не прават пресметки според чинењето на програмите или потребите на студентите, туку се употребува проста формула според која вкупниот број студенти се дели со вкупниот број трошоци на факултетот.

Исто, се вели дека во одредени години, постои изедначување на партиципацијата за редовните студенти во државна квота и оние кои се кофинансираат, на сите факултети при што не се зема во обѕир специфичноста на дејностите на различните ВОИ. Ова може да биде индикатор за потенцијални коруптивни појави на факултетите каде програмите се многу поскапи и се потребни поголеми материјални средства со цел целосно и квалитетно изведување на наставата. Во контекст на ова, нотирано е и дека висината на партиципацијата во одредени години не е сметана врз основ на детални анализи и пресметки кои ги вклучуваат сите реални трошоци кои произлегуваат од различните студиски програми.

Понатаму, според податоците добиени од интервјуата со одговорните лица, се согледува дека тие имаат тешкотии во следењето на финансиските планови на единиците (факултетите при УКИМ), и дека универзитетот не е мрежно поврзан со своите единици кога се работи за финансиските системи. Иако во ЗВО е предвидена интегрирана служба која ќе се грижи за заедничките функции на сите факултети. Дел од размислувањата на интервјуираните лица од УКИМ одат во насока дека сѐ уште не се формирани објективни услови за функционирање на вакво тело бидејќи не се обезбедени просторни, материјални и човечки ресурси. Така, во отсуство на вакво тело и сериозно надгледување на финансиските текови во одделните ВОИ, се случува факултетите да не работат домаќински и да прават пропусти во оваа сфера. Ова е евидентно по ревизорските извештаи на факултетите за кои веќе стана збор.

Еден од проблемите кои беа наведени и претходно во оваа анализа е споменат и во ревизорскиот извештај. Така, ревизорите ги забележуваат недоследните интерни ценовници за услуги на факултетите, кои не соодветствуваат со донесениот ценовник од страна на Советот за финансирање. Како причина за ова биле наведени новите услуги кои произлегуваат од ЕКТС-системот, а кои не се предвидени со стариот ценовник. Овде интересно е да се погледне паралелата меѓу ревизорските извештаи на одделните факултети, за која стана збор погоре, и овој извештај. Така, според претходно кажаното, кај повеќето факултети на кои им била извршена интерна ревизија се забележуваат неправилности во наплаќањето на услугите од студентите, каде често биле барани произволни материјални суми кои не соодветствуваат со оние предвидени во ценовникот. Ова покажува дека во отсуство на цврсто дефинирани правила се појавува можноста од нееднаков третман на студентите на УКИМ, како и можност за неосновано збогатување на одредени лица или ВОИ генерално.

Погоре изложеното ненужно покажува дека на ВОИ постои висок степен на корупција која ја иницираат раководните лица на УКИМ/факултетите или одговорните лица за финансии на овие установи. Но, сепак, наведените факти сигнализираат дека треба да се има посебна претпазливост и засилен мониторинг врз одредени сфери во ВО. Дополнително, потребно е и преземање активности од надлежни тела како Државната комисија за спречување корупција и Финансовата полиција со цел утврдување дали неправилностите во работењето де факто биле проследени со коруптивни дејствија.

Анализа на новинарски написи

Како една тема е третирана во медиумите може да ни даде значаен податок не само за состојбите на терен туку и за причините за одредени феномени. Така, доколку темата за корупцијата е континуирано следена и доволно се посветува внимание на истата, може значително да се влијае во сузбивањето на таквите појави преку подигање на јавната свест, информирање на јавноста за формите на корупција, охрабрување на потенцијалните жртви да пријават, создавање негативно јавно мнение за учеството во коруптивни активности, како и поттикнување на граѓаните да вршат мониторинг врз работата на јавните органи и нивно активно спротивставување на ваквите појави.

Сепак, ова не е случај со македонските медиуми. Така, се забележуваат повремени содржини на темата корупција во високото образование, и тоа најчесто кога граѓански организации или неформални иницијативи го адресираат ова прашање или промовираат одредени истражувања, или пак кога постои официјален допис до јавноста од страна на надлежните институции. Дополнително, навистина е мал бројот на истражувачки стории во оваа област.

Во текот на 2006 година, поднесена е кривична пријава против тогашниот декан и професор од битолскиот универзитет поради примање на поткуп[59]. Од истата година интересно е да се забележи изјавата на тогашната претседателка на Антикорупциската комисија, која гласи вака:

„Студентите плаќаат за студентски правобранители, а нив ги нема. Лани на факултетите им препорачавме да направат програма за борба против корупцијата. Битолскиот универзитет подготви таква програма. Скопскиот никаде го нема.[60]“

Овде ќе продискутираме уште две интервјуа, едното со тогашниот ректор на УКИМ, а другото со тогашниот министер за образование. Имено, во првиот текст се согледува дека ректорот повторно го апстрахира универзитетот како одговорен актер за спречување на корупцијата во академијата. Така тој вели:

„Корупцијата и другите криминогени дејствија се во надлежност на други институции за нивно спречување и казнување. Универзитетот со ваквите појави се бори со покачување на квалитетот на универзитетот. Во склоп на тие мерки е и анкетата која ја пополнуваат студентите во која кажуваат кој професор каков однос има кон наставата и студентите. Самата појава на само осум пријави покажува дека оваа појава е периферна, не е масовна...[61]“

Од друга страна, тогашниот министер за образование дава конкретни информации за трговија со дипломи на Тетовскиот универзитет:

„Јас со себе носам копии од 500 фалсификувани дипломи кои се докажани во Албанија дека биле фалсификат. Нормално дека ќе се работи со

---

59 Иван Бојаџиски, „Поради поткуп притворен професор на Педагошкиот факултет во Штип“, Утрински весник (2006)

60 Автор: непознат, „За академците петки по корупција“, Дневник (2006)

61 „Интервју со Ѓорѓи Мартиновски, ректорот на УКИМ: Финансиската состојба со високото образование е критична“, Радио Слободна Европа (2006)

органите на Албанија и Косово, бидејќи има сознанија дека и таму има фалсификувани дипломи од Државниот универзитет во Тетово.[62]"

Како најчест облик на корупција се споменуваат митото и поткупот, но и нови начини на давање услуги како најмување на професорите во приватни субјекти како експерти, најчесто, во фирми на родителите на студенти кои сакаат да положат испит или организирање на свадбени прослави за децата на професорите[63].

Во 2008 година, покрај традиционалното давање пари на рака или преку посредник, се известува за други форми на корупција во високото образование. Така, во еден напис детално се објаснети неколку коруптивни шеми, како и уплаќање средства на трансакциски сметки под изговор дека се уплати за учебниците на професорот или испитна такса. Понатаму, споменати се и појавите кога студенти, за одредена сума, ноќта пред испитот заедно ги учат прашањата кои им ги дал професорот. Во поглед на пријавувањето и регистрираните случаи се вели дека иако на неколку факултети имало петиции против одредени професори, не биле земени предвид од страна на деканите. Исто, забележано е дека телефонските линии за пријавување корупција во образованието, кои биле отворени во Министерството за образование не работат, а исто е нефункционална институцијата студентски правобранител. Дополнително, во Студентскиот парламент на УКИМ бил пријавен само еден случај, иако организацијата имала отворено специјална телефонска линија за пријавување на ваквите појави[64]. Според тогашниот претседател на ДКСК, дотогаш била поведена само една постапка против професор од Педагошкиот факултет[65].

Во 2009 година е подигнато обвинение против професор од Филолошкот факултет при УКИМ поради земање пари за дополнителни часови и положување испит од страна на негова студентка[66]. Исто, се вели дека една од најзастапените шеми на поткуп е кога студентите уплаќаат средства на приватна жиро-сметка со назнака донација за книга која ја пишува професорот[67].

—

62 „Интервју со Сулејман Рушити, министер за образование: Со себе носам копии на 500 фалсификувани дипломи од Тетовскиот универзитет", Радио Слободна Европа (2006)

63 Автор: непознат, „Корупцијата во образованието распространета, но не се пријавува", Утрински весник (2006)

64 Жаклина Хаџи Зафирова, „Испитите се купуваат по цена од 50 до 2500 евра", Глобус (2008)

65 Жаклина Хаџи Зафирова, „Само еден професор е прозван за корупција", Утрински весник (2008)

66 Автор: непознат, „Уапсен професор заради земање мито", Вечер (2009)

67 Антонија Поповска, „Митото оди преку пријателите на професорите", Нова Македонија (2009)

Во 2010 година се забележува поголема активност на државните органи. Така, на Економскиот факултет при УКИМ и на два други факултети, како и на Тетовскиот универзитет е отворена посебна канцеларија за пријавување корупција која во соработка со МОН ќе ги решава случаите на корупција[68]. Канцелариите се сметаат за замена на телефонските линии, кои пак не се функционални[69]. На крајот на годината се известува дека во канцелариите не е пријавен ниту еден случај[70].

Дополнително, според Државниот просветен инспекторат, наместо најдобрите студенти, професорите на факултетите си ги вработувале своите деца. Речиси на сите факултети на УКИМ имало непотизам, но најмногу, 40 случаи, на Медицинскиот факултет. Дванаесет имало на Електро-техничкиот, а седум на Стоматолошкиот[71]. Не е познато какви мерки се преземени за отстранување на оваа појава.

Истата година е забележано нерегуларно наплаќање на студентските давачки на четири државни универзитети како и ад хок казнени сесии, но сепак Министерството за образование одлучува да не преземе казнени мерки, ниту да поведе кривични постапки[72].

Во текот на 2013 година актуелен станува проблемот со продажбата на учебници од страна на професорите, кои тоа го прават по поповолни цени од оние во скриптарниците и притоа не издаваат фискални сметки. Се забележува и појава професор да уценува студенти да купуваат учебници за да можат да положат испит. Според изјавата на студентскиот правобранител на УКИМ, оваа појава била најзастапена на Економскиот факултет, Правниот факултет, Факултетот за физичкаултра и факултетите од областа на медицината, и истата била доста распространета на УКИМ. Во Државниот просветен инспекторат биле пријавени два вакви случаи, но без разрешница[73]. На еден од факултетите на УКИМ, при контрола од страна на Управата за јавни приходи, било забележано дека професор оставил книги во скриптарницата кои требале да бидат продавани без издавање фискална сметка при што бил соодветно казнет. Во врска со пријавувањето случаи во канцелариите за спречување корупција на

---

68 *Автор: непознат, „Антикорупциска канцеларија на тетовскиот универзитет“, Журнал (2010)*

69 *Антонија Поповска , „Грешка имате, овде Министерство за правда“, Нова Македонија (2010)*

70 *Свето Тоевски, „Јавно молчат, а неофицијално се жалат на корупција“, Дојче Веле (2011)*

71 *Автор: Непознат, „Непотизам на факултети на УКИМ“, Канал 5 (2010)*

72 *Антонија Поповска-Христов, „Деканите не одговараат за екстра-наплатите“, Нова Македонија (2010)*

73 *Автор: Непознат, „Професори продаваат книги за половина цена“, Дневник (2013)*

универзитетите и на телефонскиот број во МОН не се регистрирани случаи на корупција во академската заедница[74].

Истата година, пронајдена е работилница за универзитетски дипломи во која, меѓу другото, се печателе и дипломи за факултети при УКИМ кои подоцна биле продавани на странски државјани. Не е елаборирано дали во овој бизнис биле вклучени и членови на академската заедница.[75]

Веќе во 2014 година посебните канцеларии за спречување корупција на факултетите запираат со работа поради актуализирањето на институцијата студентски правобранител. До студентскиот правобранител на УКИМ нема пристигнато ниту една пријава за мито или слични видови корупција, а ист е случајот и со Државниот просветен инспекторат. Во една од изјавите, Студентскиот парламент се иззема од надлежноста да постапува во случај кога студент ќе има проблем од овој вид[76]. Оваа година се забележани два случаја на фалсификување диплома или уверение за положени испити, но не е познато дали членови на академската заедница биле вмешани во изготвувањето на истите[77].

Според податоците презентирани во медиумите, до крајот на 2015 година, во дата-базата на www.plagijati.mon.gov.mk биле прикачени 19 091 документи. Од вкупниот број внесени трудови, кај 101 труд било забележано 30 % поклопување на содржината со некој друг труд, Кај 74 од трудовите било забележано 50 % повторување од некој друг труд, а кај 218 било констатирано целосно поклопување со друг труд. Според изјавите на надлежните од Министерството за образование и наука, кај оние трудови кај кои било покажано целосно поклопување на материјата со друг документ, се работело за двојно внесување на истиот документ, а не за вистински плагијати. Сепак според изјавите на неколку декани и професори од државните универзитети во Македонија, се забележува критика спрема самиот концепт, затоа што системот функционира на база на препознавање на зборови наместо на пасуси. Затоа, во системот често се јавуваат известувања за плагијати, иако тоа не е случај[78].

---

74 Автор: Непознат„Телефонските линии мртви за пријавување мито и корупција се „мртви““, Мкд.мк (2013)

75 Автор: Непознат „Полицијата пронајде работилница за фалсификување дипломи од ДУТ за Италија“, Мкд.мк (2013)

76 Антонија Поповска-Христов„Ниеден студент оваа година не пријавил мито“, Нова Македонија (2014)

77 Автор: Непознат, „Фатен студент што користел фалсификувано уверение за диплома“, Мкд.мк (2014)

78 Наум Котевски, „Компјутерот открива плагијати, институциите молчат“, Утрински весник (2015)

До пишувањето на овој труд, во 2016 година, се појави големиот корупциски скандал во кој беа вмешани осум лица од Економскиот факултет при УКИМ. Ова е најголемата акција на државните власти, а лицата биле следени од 2014 година. Според информациите, пријавените во текот на 2015 и 2016 година од студенти на Економскиот факултет директно или индиректно барале парични средства за во рамките на своите службени овластувања да извршат дејствија што не би смееле да ги извршат, односно да им овозможат да се стекнат со преодна оценка по предметите што тие ги предаваат, без притоа студентите да покажат соодветно знаење. Осомничените во повеќе случаи, за кои се обезбедени докази, барале различни суми од студентите, кои се движеле од 500 до 1.000 евра. За сметка на добиените пари, тие им впишувале преодни оценки кои не ги заслужувале, а документирани се и случаи каде што оценка добиле студенти кои или немале право да полагаат или воопшто не го пријавиле испитот во испитната сесија. Покрај ова, дел од осомничените барале и сексуални услуги од студенти[79].

За еден од професорите е отфрлено обвинението заради немање на доволно докази, едно од лицата се спогодило со јавното обвинителство и ја признало вината при што добило условна казна од 2 години, додека за останатите шест лица постапката е во тек. На истите им е изречена мерка претпазливост Забрана за преземање одредени работни активности односно забрана за држење на предавања на факултет[80].

Истата година, се известува и за форма на академска нечесност која кај нас сè уште не е регулирана, а е доста распространета. Се работи за пишување туѓи магистерски и докторски трудови, без притоа делото да биде плагијат. Во една од изјавите на професор од еден од факултетите на УКИМ, може да се прочита следново:

„Факултетите во Македонија, едноставно, не се заинтересирани за овој проблем. Она што е важно за нив се парите од апликантите. Системот е корумпиран. Така е направен за да можат поединци да заработат добри пари. Дури и некои од професорите постојано се во комисиите каде што ги оценуваат кандидатите за магистерски или докторски студии. Надо-

---

79 Автор: непознат, „Чавков: Тарифата на професорите од Економскиот факултет била од 500 до 1.000 евра“, Телеграф.мк (2016)

80 Автор: непознат, „Професорите од Економски осомничени за поткуп држат предавања иако се под истрага“, Вечер (2016)

местоците се добри и тие добиваат пари без напор... Секој споделува парче од колачот.“[81]

Од прикажаното се увидува дека коруптивните форми ги менуваат своите облици и дека владеат различни трендови во различни временски периоди. Така, пред десетина години се застапени стандардниот поткуп на рака или преку посредници, за потоа да се појават шеми за купување предмети или плаќање услуги кои подоцна професорот ќе може да ги искористи. Како минува времето, сè почести стануваат формите на задолжително купување учебници од страна на студентите за положување предмет, или уплаќање материјални средства на посебни жиро-сметки со назнака „донација за учебник“. Во последните години се јавуваат и нови форми како плагијаторството или пишувањето туѓи трудови – форми на кои малку се посветува внимание, или воопшто не се регулирани во правните акти во Македонија.

Генерален заклучок е дека медиумите во Македонија известуваат за корупцијата во високото образование, но не во најзадоволителна мера. Најчесто се работи за написи кои известуваат за конкретни случаи или кога државните органи или граѓанските организации ќе го адресираат прашањето. Поретки се случаите на истражувачки стории на ова поле.

Од содржински аспект, се забележува дека се известува за традиционалните форми како мито и поткуп при положување испит и продажба на учебници и испитни прашања, додека известувања и истражувања за другите форми на корупција скоро и да нема. Така се забележува сериозен недостаток од информации за непотизмот на ВОИ, јавните набавки, наплаќањето различните суми за административни услуги итн.

---

81 *Александар Манасиев, Семир Мујкиќ, „Дипломи на продажба: Сива трговија цвета во Македонија и во Босна“, Дојче Веле (2016)*

Г Л А В А 4

Законски и останати правни акти од областа на корупцијата и високото образование

Кога зборуваме за антикорупциски одредби во сферата на високото образование, во македонското законодавство оваа област е регулирана преку одделни закони и подзаконски правни акти. Дел од нив дефинираат коруптивни дејствија, а дел предвидуваат механизми за спречување или превенирање на корупција во високото образование.

Она што е исклучително важно да се напомене дека и покрај општите закони кои постојат и кои ја третираат тематиката на корупција во општеството, истите не можат целосно да бидат применети во академските односи поради автономијата која ја ужива универзитетот, и поради која е дозволено инакво уредување на внатрешните односи. Пример за ова е одредбата од Законот за спречување корупција која предвидува обврска за пријавување имот и пополнување анкетни листови од страна на професорите и останатиот кадар, која не се применува кај професорите.

Во случаите кога одредбите не се применуваат како кај останатите категории лица кои работат професии од јавната сфера, законските одредби служат како навигација за принципите кои треба да се инкорпорираат во универзитетските акти или останатите подзаконски правни акти.

Како што напоменавме, досега не е промовиран правен документ, на државно или универзитско ниво, каде експлицитно се дефинираат формите на корупција во високото образование во Македонија, или пак систематизирано се промовираат мерки за спречување или казнување на коруптивни дејствија во оваа област. Во овој дел ќе направиме кратка анализа на антикорупциските одредби во законските и останати правни акти на државно и на универзитетско ниво.

Закони

Закон за високото образование

Дејноста на високообразовните институции е од јавен интерес[82]. Законот не промовира дисциплински мерки и видови дисциплински повреди, туку тоа го препушта на уредување во статутите на универзитетите[83].

Истиот не промовира систематизирани антикорупциски одредби, но содржи прекршочни одредби кои им забрануваат на претставниците на академската заедница да ги тераат студентите да купуваат литература различна од онаа која ја приложува и печати Министерството за образование (т.е. литература која е одобрена од Министерството)[84].

Според истиот, казниво е необјавувањето на основна литература на веб-страницата на високообразовната институција каде професорот е вработен. Со овие мерки делумно се превенира проблемот со условувањето на студентите да купат учебници напишани од професорот, со цел добивање проодна или повисока оценка.

Исто, забрането е доделување звање на лице во единицата на факултетот, каде негов роднина по крв во права линија (до кој и да е степен) или

---

82 Член 4, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

83 Член 10-а 2, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

84 Член 167-2, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

странична до четврти ред има засновано работен однос[85].Не е дозволено ниту членување во комисијата за одбрана на магистерски или докторски труд на лице кое на кандидатот му е роднина или брачен другар, како и лице со кое живее во вонбрачна заедница. Одредбата забранува и роднински врски меѓу членовите во комисијата[86].

Во поглед на спречувањето на судирот на интереси, законот предвидува неспојливост на функцијата ректор, проректор, декан и професор со државна или политичка функција. Така, вршењето на должноста ректор и проректор е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија. Вршењето на должноста декан и продекан, односно директор на висока стручна школа е неспојливо со вршење друга државна функција или функција во политичка партија[87].

Лице избрано во наставно-научно звање или соработничко звање на кое му мирува работниот однос поради вршење на функција на избрано или именувано лице, може да изведува настава и да спроведува испити во деновите петок, сабота и недела, не може да биде ментор или член на комисија за оценка или одбрана на магистерски труд и докторска дисертација и не може да прима надоместок од високообразовната установа за извршена наставна, научноистражувачка или применувачка дејност[88].

Закон за спречување на корупцијата

Најопштата рамка за мерките и активностите за спречување на корупцијата е содржана во Законот за спречување на корупцијата. Со истиот се опфатени професорите и останатите вработени во високообразовните институции, како лица кои работат работи од јавен интерес, односно јавни службеници (понатаму службени лица).

---

85 Член 125, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

86 Член 113, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

87 Член 64, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

88 Член 133, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

Корупција, во смисла на овој закон, е искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да е било корист за себе или за друг[89]. Според ова, може да се забележи дека законодавецот се определил за широка дефиниција, во која најважен е елементот на искористување на дадената позиција за свој личен интерес.

Овде ќе ги разгледаме забранетите дејствија содржани во овој правен акт кои се применуваат во високото образование, или кои промовираат принципи кои понатаму се инкорпорирани во поспецифични правни акти на универзитетско ниво.

Забрана за искористување службена положба

На лицата опфатени со овој закон забрането им е користење на положбата за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смеат, или мораат да ги извршат, ниту да го подредуваат извршувањето на законитото дејствие на свој личен интерес, или пак интересот на друго лице[90].

Законот му дава право на секој што ќе забележи користење на функцијата и јавните овластувања во лични цели или активности преку кои се остварува лична корист или пак му нанесува штета на друг при сторувањето на истите, да спречи и да ја пријави постапката[91]. Оштетените од коруптивни дејствија имаат право на надомест на штета, како и надоместување од друг вид[92].

Во законот има една поконкетна одредба за вработените во јавните установи. Така, лицето што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување лична корист. Исто, доколку постои основано сомневање дека постои несразмерно зголемување на имотот на лицата кои вршат работи од јавен интерес, или пак на члено-

---

89 Член 1-а, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р.Македонија" бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15

90 Член 2, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р.Македонија" бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15

91 Член 4, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р.Македонија" бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15

92 Член 5-а, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р.Македонија" бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15

вите на неговите семејства, Управата за јавни приходи може да спроведе истрага[93].

Забрана за вршење други дејности

Според член 21, службено лице не може да врши ниедна друга дејност поврзана со остварување на профит што е неспојлива со неговата функција и со неговата службена должност.

Други работи и дејности службеното лице може да врши само по претходно одобрение од функционерот кој раководи со органот. Службено лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал во случај на избор или именување, или стекнување својство на службено лице, му престанува поранешната функција. Исто, предвидено е дека службените лица не можат да вршат функција на член на управен одбор или друг орган на управување во трговско друштво или во друго правно лице што се занимава со дејност остварување профит.

Предвидената парична казна за прекршување на овие одредби е глоба од 500 до 1000 евра, а делото се смета за прекршок.

Според горенаведените одредби се согледува дека законодавецот предвидува два елементи кои треба да се согледаат кога се регулира статусот на службените лица. Така, најпрво забраната се однесува на дејност со која се остварува профит. Понатаму, присутен е и елементот на неспојливост на функции. Во врска со второто, секоја јавна институција треба да разработи интерни правни акти во кои ќе ги специфицира условите, затоа што неспојливоста е широка категорија која има свои специфики во зависност од природата на работата во одделните институции[94].

Ограничување на соработката со правни лица

Според членот 22, службено лице не може со вршењето на својата служба да воспостави деловни односи со правното лице коешто тој го основал или член на неговото семејство, или во кое одговорното лице е член на

---

93 Член 55, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15

94 Миодраг Лабовиќ, Никола Тупанчевски, Јадранка Дабовиќ Анастасовска., „Збирка на закони за антикорупција“, Фондација Институт Отворено Општество (2006)

неговото семејство, а ако тие се воспоставени порано должно е да се изземе од какво и да било одлучување за нив.

Во овие случаи, лицата наведени погоре имаат за задача истото да го пријават во Државната комисија за спречување корупција.

Доколку одредено лице од погорните категории ги прекрши овие одредби, предвидена е парична казна.

Доколку погоре прикажаното го спуштиме низ призмата на високото образование, можеме да забележиме дека истата одредба ни дава основа за започнување казнена постапка пред надлежните органи во случаите кога професор преку својата печатарска компанија ги печати учебниците, или пак преку компанија на свој роднина. Друг пример каде ова е применливо се и случаите кога професор нуди услуги на студенти преку субјекти кои се водени од негови роднини или од него самиот. Исто, оваа одредба забранува и појави како професор или раководно лице на високообразовна институција да склучува договори за соработка со фирми кои се раководени од нив или од нивни роднини, а кои вршат услуги кои им се потребни на студентите како организирање екскурзии, нудење печатарски услуги, организирање дипломски прослави, фотографирање студенти, издавање индекси итн.

Законот во овој случај го предвидува правниот институт изземање од страна на службеното лице.

Забрана за вработување блиски роднини

Избран или именуван функционер, службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице кое располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување, вработување, или унпаредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната управа, јавно претпријатие или друго правно лице кое располага со државен капитал, во рок од 10 дена по извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

Што се однесува за високото образование, оваа одредба треба да се толкува рестриктивно, првенствено заради автономијата која треба да ја уживаат високообразовните институции, како и посебниот статус на професорите, во поглед на вработувањето нови кадри и планирањето на работните позиции. Така, во полето на нашиот интерес, професорите кај

нас немаат обврска да пријават доколку нивен роднина се вработи во државна институција или единица на локална самоуправа.

Сепак, и покрај ова, законот дава одредена рамка по која треба да се водат високообразовните институции, во насока на забрана за непотизам и кронизам при вработувањето. Ова е во насока на заштита на мерит-системот, односно на принципот на кариерно напредување поради работните квалификации на лицето, а не поради неговите лични контакти или роднински врски. Интерните акти на универзитетот ги почитуваат овие организирачки принципи, и ги инкорпорираат. За истите ќе стане збор во делот Правни акти на универзитетот.

Забрана за примање подароци

Според член 30, забрането е примање подароци или ветувања за подароци, освен пригодни подароци, како книги, сувенири и слични предмети од помала вредност.

Законот не предвидува казна за непочитување на оваа одредба.

Оваа забрана е содржана во Законот за вработени во јавниот сектор, каде подетално се објаснети видовите подароци и вредноста која не смеат да ја надминат подароците.

Судир помеѓу личниот и општиот интерес

Во случај на судир помеѓу личниот и општиот интерес, лицето е должно да постапи според општиот интерес. Судирот на интерес е поблиску дефиниран во следниот став во кој вели дека судирот постои кога лицето извршува службено или друго дејствие кое засега во материјалните интереси на лицето и во интересите на членовите на неговото семејство[95].

Преку овој член се согледува намерата на законодавецот да постави хиерархија на интересите на службените лица за време на работните часови. Во вториот став, каде се дообјаснува судирот на интереси се реферира на две можни сценарија. Имено, првото е кога со определени дејствија може да се намали материјалната состојба на службеното лице, токму поради неговата работна позиција во јавна институција или друг орган кој располага со државен капитал. Второто се однесува на случаите кога

—

95 *Член 38, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15*

службеното лице, токму поради неговиот статус може да ја злоупотреби службената положба, и преку тоа да се здобие со незаслужена материјална добивка.

Законот предвидува дека службеното лице кое ќе дознае за околности кои укажуваат на судир на интереси, должно е да побара изземање. Одлуката за истото ја носи органот кој го именувал или избрал, дури и во случаите кога нема барање од страна на службеното лице или тоа е спротивно на неговата волја, ако е очигледен судирот на интереси.

Според истиот законски текст, прикривањето на судирот на интереси се смета за тешка повреда на должноста и основа за започнување постапка за политичка и дисциплинска одговорност[96].

Незаконити барања од страна на претпоставен и пријавување на казнено дело

Службените лица од кои се бара да постапат на незаконски, нечесен и нелојален начин со цел привилегирање или дискриминирање на граѓанин или правно лице од страна на претпоставеното лице, се должни за тоа да го известат надлежниот орган.

Понатаму, службеното лице е должно писмено да го извести својот непосредно повисок претпоставен, ако непосредно повисоките претпоставени и по усно спротиставување инсистираат на барањата споменати претходно. Доколку постои писмено укажување, службеното лице е ослободено од обврската за незаконито вршење на службеното дејствие и истото не може за тоа да биде повикано на одговорност[97].

Понатаму, се предвидува дека, меѓу другите, и сите службени лица имаат должност да го пријават секое казниво дело, како и секоја повреда на одредбите на законот, за кои било осознаено при вршењето на должноста.Погоре наведеното дава основ професорите да имаат должност да се спротивстават и да реагираат до надлежните органи во случаите кога претпоставен, колега или друг член на академската заедница иницира неморални и нечесни дејствија.

---

96 *Член 39, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15*

97 *Член 40, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15*

Овие одредби директно го уредуваат моментот кога претпоставените чинители во ВО ги наведуваат професорите или асистентите да извршат коруптивно дело.

Забрана за вршење влијание врз друг

Службените лица не смеат да ја користат својата положба со цел вршење влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие или друго правно лице, за тоа да донесе или да не донесе некаква одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист или нанесување штета на друг.

Дополнително, овие лица не можат да учествуваат како посредници или застапници во комерцијални и други зделки помеѓу правни лица и граѓани[98].

Погоре наведеното укажува дека законодавецот освен што се спротиставува на коруптивните физички дејствија, го забранува и влијанието, односно поттикнувањето на одредени однесувања кои носат лична корист за службените лица наместо остварување на вистинските потреби на корисниците на услуги.

Забрана за примање поткуп

На службено лице или друго одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице кое располага со државен капитал кому му е понуден поткуп, должен е да преземе мерки за заштита заради идентификација на понудувачот и неговото пријавување на надлежен орган.[99]

Оваа одредба оди во насока на зацврстување на намерите на законодавецот да обезбеди значително поголема одговорност на службените лица во случаите кога до нив стигнува понуда за поткуп. Одредбата предвидува обврска за одредените категории лица за преземање конкретни мерки за спречување на делото во насока на итно идентификување на лицето, пред тоа да ја напушти просторијата каде бил даден предлогот, како и итно известување на МВР, Финансовата полиција и Државната комисија

---

98 *Член 42, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15*

99 *Член 44, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15*

за спречување на корупција. Примањето и давањето поткуп е регулирано и со Казнениот законик за кој понатаму ќе стане збор.

Постапка во случај на обвинение за корупција

Лицето обвинето за дело на корупција без одлагање го известува органот кој го избрал или именувал, односно својот претпоставен и Државната комисија[100].

Во случај кога редовен професор извршил корупција, должен е за тоа да го извести Универзитетскиот сенат, како орган во кој се избираат звањата за оваа категорија вработени лица на универзитетот. Од друга страна, обврската за пријавување пред Наставно-научниот совет на факултетот ја имаат лицата избрани во звањата доцент, вонреден професор, научен соработник, виш научен соработник и асистент. Преку ова се зголемува одговорноста на лицата кои вршат корупција пред своите колеги. Ова е одлична можност за факултетите да водат евиденција за видовите корупција кои се појавуваат и динамиката на коруптивните дејствија на факултетите.

Ништовност на правни акти и надоместок на штета

Правните акти што се резултат на корупција се ништовни. Секој кој има правен интерес може да бара нивно поништување, со поднесување доказ на правосилна судска одлука со која е утврдено постоењето на корупција. Секој што е оштетен со акт на корупција има право да бара надоместок на штета (вистинска штета и изгубена добивка) според принципите на солидарна одговорност од сторителот на делото, квалификувано како дело на корупција со правосилна судска одлука, како и од органот или јавното претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал, во кое тоа лице ја вршело својата функција или должност во времето на извршувањето на делото[101].

Правните одредби даваат заштита на секое лице кое е жртва на корупција и можност истото да побара неважење на правниот акт кој произлегол од коруптивни дејствија. Категоријата лица кои можат да побараат ништовност е проширена, па така секој кој има правен интерес може да

—

100 Член 45, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15

101 Член 46, Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15

започне постапка за ништовност. Во високото образование ова би значело дека секоја одлука која е донесена врз основ на коруптивни поведенија, може да биде прогласена за ништовна. Така, на пример, избор во звање професор кое се стекнува со помош на поткуп може да биде прогласено за неважечко. Истото важи за добивање оценка, одлуките во управувачките тела на факултетите и универзитетите, одлуките во дисциплински постапки на ВОИ, издавањето дипломи или уверенија, распишување или одлучување за тендери, па дури и одлуките кои ги носат државните органи во поглед на финансирањето, утврдувањето на квотите за заедниците и бројката на студенти.

Сепак, законот го условува прогласувањето на правните акти за ништовни само доколку постои правосилна судска пресуда. Преку ова се заштитуваат лицата за кои сè уште се води постапка, како и оние кои не биле виновни за товареното дело.

Закон за спречување судир на интереси

Според овој закон судирот на интереси е дефиниран како судир на јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице, во кој службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз вршењето на неговите јавни овластувања и должности. Под јавен интерес се подразбира општествен интерес за општото добро и напредок на сите граѓани под еднакви услови во материјална и нематеријална смисла којшто може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа поради настанување судир на приватниот со јавниот интерес.

Понатаму, законот ги следи начелата кои ги поставува Кривичниот законик и Законот за спречување корупција. Така, службеното лице при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, политички и етнички интереси, притисоци и ветувања од претпоставениот. Забрането е службеното лице да прима или бара корист за извршување на своите должности, да прима награда или друга корист за вршење на работите кои се однесуваат на јавните овластувања и должности, како и да бара или да прима награда или услуга за да гласа или да не гласа или да влијае за донесувањето одлука на некое тело или лице за остварување корист за себе или корист за негови блиски лица. Во контекст на темата, накратко ќе го продискутираме последното. Така, погледнато низ призмата на високото образование, ова значи дека професорите и останатите членови на професорскиот кадар

не смеат да гласаат под влијание во управните тела на факултетите и универзитетот. Ова е особено важно, затоа што професорите учествуваат во одлучувачките процеси во Наставно-научните совети, комисиите и останатите тела при факултетите, каде се носат круцијални одлуки за функционирањето не само на матичните факултети туку и на самиот универзитет (на пр. гласањето за сенатори професори кои ќе учествуваат во работата на највисокото тело на универзитетот – Универзитетскиот сенат).Интересно е што во овој закон е изрично предвидено дека службените лица не смеат да ветуваат вработување или остварување на некое друго право со примање подарок или ветување подарок. Во врска со примањето понуда за подарок, законот ги предвидува истите процедури како во Казнениот законик, но и ја допрецизира процедурата. Така, освен што службеното лице треба да го идентификува понудувачот и да пријави кај раководното лице, треба во рок од 48 часа да поднесе писмен извештај кај Државната комисија за спречување корупција[102].

Исто, забрането е влијание за донесување одлука по јавни набавки или на кој било начин да ја користи положбата за да влијае за донесувањето на одлуката со цел да постигне приватен интерес или корист за него или за негови блиски лица[103].

Понатаму, се предвидува дека службеното лице во време на извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да врши никаква дејност која може да влијае на непристрасно вршење на јавните овластувања и должности. Оваа одредба е од особено значење за професорите кои покрај научната дејност се активни и во други сфери. Така, најчест случај е кога професор започнува политичка кариера и е вклучен во работата на други државни органи како министерства или станува пратеник. Токму во 2013 година Антикорупциската комисија изрекла јавна опомена на професор од Правниот факултет на УКИМ, кој истовремено бил и пратеник[104].

Следната одредба е во насока на забраната за службените лица да бидат раководители на трговски друштва, и законот бара тие да ја ставаат оваа функција во мирување. Ова е предвидено и во Законот за спречување на

---

102 Член 16, Закон за спречување судир на интереси, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 70/07, 3/08, 114/09, 98/10, 6/12, 153/15

103 Член 5, Закон за спречување судир на интереси, „Службен весник на РМакедонија“ бр. 70/07, 3/08, 114/09, 98/10, 6/12, 153/15

104 Автор: непознат, „Пратеничката Ана Павлова-Даневска доби јавна опомена за судир на интереси“, 24 Вести, 2013, пристапено на 15 мај 2016, http://www.24vesti.mk/pratenichkata-ana-pavlova-danevska-dobi-javna-opomena-za-sudir-na-interesi

корупцијата. Истото важи и за станување член на управен или надзорен одбор во трговско друштво или во останати форми на организирање каде има државен капитал[105]. Законот оди дотаму што забранува и учество во управните одбори на непрофитни организации или друг вид организации заради паричен надомест. Во случаите кога лицето учествува во управните одбори на ваквите организации без надомест, не смее да издава службени тајни или пак да ги злоупотребува информациите со кои располага, а се врзани со неговата функција на службено лице[106].

Како активност што може да ја преземе службеното лице кога ќе забележи судир на интерес, е предвидено изземањето. Истото може да се случи на барање на самото лице, или доколку раководното лице го забележи тоа[107]. Ако органот или телото расправа или одлучува за работи во кои службеното лице има приватен интерес, тој е должен приватниот интерес да го пријави пред расправањето и одлучувањето, или најдоцна пред почетокот на овие дејствија.

Како единствена мерка која е предвидена во овој закон е јавната опомена, која се објавува во средствата за јавно информирање[108].

Законот за вработени во јавниот сектор

Според ЗВО, вработените во високото образование се делат на три категории: административни службеници, даватели на услуги во високообразовните институции и помошно-технички лица. За вработените во високообразовните институции кои имаат статус на даватели на јавни услуги (т.е. редовни и вонредни професори, научни советници и соработници, доценти итн.) и лицата кои вршат помошно-технички работи (домаќин на установата, доставувач, хаузмајстор, чувар итн.) се применуваат одредбите од Законот за вработени во јавниот сектор[109].

---

105 Член 18, Закон за спречување судир на интереси, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 70/07, 3/08, 114/09, 98/10, 6/12, 153/15

106 Член 20, Закон за спречување судир на интереси, „Службен весник на РМакедонија“ бр. 70/07, 3/08, 114/09, 98/10, 6/12, 153/15

107 Член 12, Закон за спречување судир на интереси, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 70/07, 3/08, 114/09, 98/10, 6/12, 153/15

108 Член 25, Закон за спречување судир на интереси, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 70/07, 3/08, 114/09, 98/10, 6/12, 153/15

109 Член 10-в 4, 10-ї 5, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

Овој закон нуди поширока база на одредби, кои во директна или индиректна форма забрануваат корупција или промовираат етично однесување во јавниот сектор. Понатаму, овој правен акт промовира неколку начела според кои треба да се работи во јавниот сектор.

Така, вработените во јавниот сектор треба да обезбедат непристрасна и објективна примена на законите, при што на граѓаните им обезбедуваат заштита и остварување на правата, а тоа да не биде на штета на други граѓани и правни лица. Понатаму, тие своите активности треба ги вршат политички непристрасно, без влијание на нивните политички убедувања и лични финансиски интереси. Вработените во јавниот сектор мора да ги почитуваат целите, интересите, угледот и интегритетот на институцијата во која се вработени[110]. Во насока на високото образование, ова би значело дека професорите и останатите претставници на академскиот кадар мора да се залагаат во спроведувањето на задачите кои придонесуваат за создавање, заштита и пренесување на знаењата, чија цел е обезбедување социјална и економска благосостојба и напредок за општеството, како и подготвување на студентите за занимања за кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, културна и јазична разновидност, поттикнување на технолошкиот развој итн.[111] без притоа да ја искористуваат својата позиција за здобивање со одредени материјални или нематеријални бенефиции.

Најважниот член, во духот на антикорупциските препораки, е Начелото на спречување судир на интереси, кое промовира дека вработените во јавниот сектор не го доведуваат личниот и материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси[112].

Законот за вработените во јавниот сектор содржи уште неколку начела кои превенираат, поспецифично, одредени форми на корупција. Така, кога се однесува на корупција при доделување работни места, Начелото за еднакви услови, еднаков пристап до работното место, соодветна и правична застапеност определува дека при изборот на работните места во јавниот сектор мора да се внимава на постапката за вработување, т.е.

---

110 Член 9, Закон за вработените во јавен сектор, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16

111 Член 3, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

112 Член 12, Закон за вработените во јавен сектор, „Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 27/16

за работните места мора да се распишуваат интерни или јавни конкурси (во зависност од природата на работното место, и институцијата), кои мора претходно да бидат испланирани и да бидат во согласност со годишните планови за вработување кои ги изработуваат соодветните институции (во овој случај факултетите и Универзитетот)[113]. Постапката за избор на нови вработени мора да биде транспарентна, фер и конкурентна, и треба да служи како дестилат за избор на најстручниот и најкомпетентниот кадар[114]. Споменатите годишни планови, мораат да бидат приложени и до надлежните институции, како Министерството за образование и наука и Министерството за финансии, каде подлежат на проверка од страна на истите. На овој начин, се воспоставува извесна контрола врз бројот на вработени во институциите, и може да спречи корупција доколку раководителите на високообразовните институции неосновано вработуваат кадар. При изборот на кандидати, се составува ранг-листа на успешни кандидати. Сепак, овој закон не предвидува обврска за јавност на ранг-листите, што може да влијае на развивање непотизам при составувањето на ранг-листите, како и употреба на поткуп.

Истиот закон промовира и една поконкретна одредба која се однесува на забрана за примање на подароци. Така, вработените во јавниот сектор не смеат да примаат подароци со исклучок на протоколарни и повремени подароци од пониска вредност. Како подароци од пониска вредност се сметаат оние кои не ја надминуваат вредноста од 1000 денари, или подароци кои не надминуваат вредност од 3000 денари во текот на една година, дадени од едно исто лице[115]. Забраната се однесува и на потесниот круг на роднински поврзани лица со вработениот во јавниот сектор[116]. Тие имаат обврска да го предупредат давателот на подарок доколку вредноста ја надминува горенаведената вредност. Интересно е што овој закон предвидува дека доколку вредноста на подарокот е поголема, таа преминува во сопственост на работодавачот, и таму треба да биде доставена. Институцијата треба да води евиденција за примените подароци, која ќе вклучува податоци за вредноста, дарителите и другите околности[117]. На вработените во јавниот сектор кои усно или писмено пријавиле сомне-

---

113 Член 5, Закон за вработените во јавен сектор„„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16

114 Член 6, Закон за вработените во јавен сектор, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16

115 Член 39, Закон за вработените во јавен сектор, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16

116 Во оваа категорија влегуваат: брачниот другар на вработениот, лица кои живеат заедно со вработениот во вонбрачна заедница, нивните деца, родители и лица кои живеат во исто домаќинство

117 Ibid

вање или имаат сознание дека е извршено, или се извршува, или е веројатно дека ќе се изврши кривично дело против службената должност или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се загрозува јавниот интерес, безбедноста и одбраната, им се обезбедува заштита и им се гарантира анонимност и доверливост до степен и до момент до кој тој тоа го бара. Со ова се охрабруваат овие лица да пријават прекршување на законот, особено кога се работи за момент кога нивен колега врши дело против службената должност. За овие дела ќе стане збор во делот Кривичен законик на Р Македонија.

Кривичен законик

Кривичен законик е законски документ кој содржи одредби за казнивост на одредени коруптивни појави, но и изрично предвидува забрана за злоупотреба на службена должност.

Во законикот е предвидена цела глава во која се обработени кривичните дела против службената должност. Така, законодавецот злоупотребата на службената положба ја гледа како засебно кривично дело, delicta propria. Во нашиот казнен систем, својството на лицето има конститутивен елемент на законското битие на делото. Овде ќе ги разгледаме најважните казни и кривични дела, кои се применливи во сферата на високото образование.

Во овој законик професорите и припрадниците на академскиот кадар влегуваат во категоријата лица кои вршат работи од јавен интерес[118].

Злоупотреба на службената положба и овластување

Основното кривично дело кое е предвидено во КЗ, а во врска со корупцијата е дека службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

---

118 Член 122, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

Во истиот член, а од исклучителна важност за темата на оваа анализа, е и одредбата која предвидува дека доколку делата со кои се повредува службената должност се сторени при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години[119]. Ова е исклучително важна одредба, затоа што државните универзитети располагаат со средства од Буџетот на РМ.

Овде е важно да се напомене дека кривичното дело е предвидено како комисивно-омисивен деликт, што значи може да се случи и со сторување и со несторување. Делото може да биде поврзано со материјална и нематеријална корист. За извршување на ова дело, треба да постои умисла кај сторителот, односно да биде свесен дека ја злоупотребува својата положба, ги пречекорува границите на овластувањето или дека не ја врши службената должност.

Несовесно работење во службата

Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или јавна установа кое со повреда на законските прописи за судир на интересите или за совесно постапување при вршењето на дискреционо овластување, со пропуштање на должен надзор или на друг начин очигледно несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности и со тоа ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од три месеци до три години[120].

Проневера во службата

Службено лице кое со намера да прибави за себе или за друг противправна имотна корист ќе присвои пари, хартии од вредност или други подвижни предмети доверени во службата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години[121].

---

119 Член 353, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

120 Член 353-в, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

121 Член 354, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

Измама во службата

Службено лице кое во вршење на службата со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со поднесување лажни сметки или на друг начин ќе доведе во заблуда овластено лице да изврши незаконита исплата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години[122].

Послужување во службата

Службено лице кое неовластено ќе се послужи со пари, со хартии од вредност или со други подвижни предмети доверени во службата или овие предмети неовластено ќе му ги даде на друг да се послужи, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години[123].

Примање поткуп

Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши службено дејствие што не би смело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши, ќе се казни со затвор од четири до десет години.

Службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг, за да изврши службено дејствие што би морало да го изврши, или да не изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши, ќе се казни со затвор од една до пет години[124].

Заради честата застапеност на овој вид кривично дело во високото образование, во споредба со другите, овде пошироко ќе ги елаборираме значењата на одредбите од овој член. Дополнително, истото треба да послужи и едукативно во поглед на препознавањето на овој облик на корупција.

---

122 Член 355, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

123 Член 356, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

124 Член 357, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

Имено, во овој член се опишува корупциски деликт на пасивно поткупување. Во двата става се опишани два вида пасивно поткупување: 1. Вистинско и 2. Невистинско. Во првиот случај службеното лице бара подарок за да не изврши дело кое секако мора да го изврши, или да изврши дело кое не е дозволено во рамките на службената положба. Како дејствије на извршување се смета барањето и примањето на подарок или друга корист, како и примањето ветување.

Кај вториот вид примање поткуп, се работи за дејствие што службеното лице секако требало или не смеело да го изврши. Тоа значи дека лицето секако мора да ја изврши зададената работа според описот на својата работна позиција, но сепак прима подароци или друг вид користи за да го стори тоа. Овој вид поткуп е доста распространет кај нас. Опасноста од ваквиот вид поткуп е дека поттикнува вистински пасивен поткуп во насока на тоа службеникот да го прифаќа овој начин како вообичаен во своето работење и посегнува по барање подароци и за оние дејствија кои не смее да ги изврши.

Ова е особено битно да се забележи, затоа што кривичното дело се смета за сторено уште во моментот кога е склучен изричен или премолчан, конклудентен договор меѓу двете или повеќе страни, без разлика дали е спроведена испораката на ветениот дар. За извршување на ова кривично дело потребни се две или повеќе страни, т.е. мултиратерален деликт. Исто, за да се изврши ова дело, мора да се работи за задолженија поврзани со службената положба на еден од сторителите.

Примањето поткуп се смета за тешко кривично дело, што се рефлектира и на висината на казните-од една до десет години затвор. Покрај оваа мерка, предвидено е и одземање на користа прибавена на овој начин.

Давање поткуп

Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или тој што посредува при ова, ќе се казни со затвор од една до пет години.

Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејствие што би морало да го изврши или да не изврши служ-

бено дејствие што не би смеело да го изврши или тој што посредува при ова, ќе се казни со затвор од една до три години[125].

За разлика од членот 357 каде му се забранува на службеното лице да бара или прима поткуп, во овој член се регулираат казните за другите лица кои учествуваат во казнивото дело поткупување. Се работи за дело кое е комплементарно на кривичното дело примање поткуп, односно активен покуп. И овде разликуваме вистински и невистински активен поткуп, кои се еквиваленти на претходно објаснетите форми на пасивен поткуп. Како дејствие на извршување се сметаат нудењето подарок, ветување дека службеното лице ќе добие подарок, предавањето на подарокот или извршување на услуга. Ова значи дека делото се смета за извршено со самото ветување, и ненужно е предавањето на подарокот или извршување на услугата, дури ни прифаќање на понудата од страна на службеното лице.

Законодавецот предвидел и можност за ослободување од казна во случаите кога понудувачите ќе го пријават делото кај надлежните, пред тие да имаат сознанија за такво дело. Сепак, ова не е честа практика затоа што кај поткупот и двете страни имаат личен интерес поткупот да биде успешно изведен.

Во поглед на казните, се забележува значително помала затворска казна, отколку кај сторителите на пасивен поткуп. Ова е во насока на зајакнување на значењето и одговорностите кои ги носи службеното лице за време на својот професионален ангажман, и нагласување за зголемената одговорност која тие ја имаат во споредба со останатите категории граѓани.

Примање награда за противзаконито влијание

Тој што директно или индиректно ќе прими награда, подарок или друга корист или ветување или понуда за таква корист за себе или за трето лице за со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, бара, интервенира, поттикнува или на друг начин влијае да се изврши службено дејствие што морало да се изврши или да не се изврши што не смеело да се изврши, ќе се казни со затвор од една до три години.

---

125 Член 358, Кривичен законик, „Службен весник на Рейублика Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

Со истата казна ќе се казни тој што со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, ќе бара, интервенира, поттикнува или на друг начин ќе влијае да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши. Ако лицето прими награда за посредувањето или добие друга корист, казната варира од една до десет години затвор.

Инкриминацијата, попозната во правниот промет како трговија со интереси, е дело кое е поврзано со кривичното дело поткупување. Сепак, ненужно треба да се случи поткупот. Кај ова дело извршувањето е на два начина– преку примање на наградата или преку влијание кај службеното лице кое треба да го стори делото. Во оваа одредба, извршителот е друго службено лице или лице кое има одредена општествена положба или влијание.

Овде може да се увиди дека повторно законодавецот, поради својствата на извршителите на делото, предвидува повисоки казни, односно затворска казна од една до десет години[126].

Фалсификување службена исправа

Службено лице кое во службена исправа, книга или спис ќе внесе невистинити податоци или нема да внесе некој важен податок или со свој потпис, односно со службен печат ќе завери службена исправа, книга или спис со невистинита содржина или со свој потпис, односно со службен печат ќе овозможи правење службена исправа, книга или спис со невистинита содржина, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години[127].

Иако овде во преден план не е здобивањето со корист од страна на службеното лице, сепак и ова дело влегува во групата корупциски деликти. Во контекст на тематиката на овој труд, оваа одредба е од особено значење заради појавите како фалсификување на факултетски дипломи, впишувањето на невистинити оценки во индекс, издавање други документи од страна на факултетите на кои стои официјалниот печат на високообразовната институција итн. Во врска со терцијарното образование, ова дело

---

126 Член 359, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

127 Член 361, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

најчесто се извршува заради поткупување на службеното лице, а многу поретко се работи за про боно, самоиницијативно дејствување.

Забрана на вршење професија, дејност или должност

Судот може на сторителот на кој му изрекол казна затвор или условна осуда со која е утврдена казна затвор да му забрани вршење определена професија или дејност, на должности или работи сврзани со стекнување, располагање, користење, управување и ракување со имот или за чување на тој имот, ако ја злоупотребил својата професија, дејност или должноста поради извршување на кривично дело и ако врз основа на природата на извршеното дело и околностите под кои е сторено може да се очекува дека таквата дејност ќе ја злоупотреби за повторно вршење кривично дело [128].

Овде законодавецот тргнува од првичната претпоставка службената позиција е злоупотребена, т.е. злоупотреба на погодностите кои ги дава работната позиција. Иако кај одредени професии може да биде дискутабилно спроведувањето на казната, во контекст на темата за дискусија во овој труд тоа не е случај.

Конфискација

Никој не може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело. Имотната корист ќе се конфискува со судската одлука со која е утврдено извршувањето на кривичното дело под условите предвидени со овој законик[129].

Од сторителот ќе се конфискува непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривичното дело што се состои во пари, движни или недвижни предмети од вредност, како и секоја друга сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права, а ако нивната конфискација не е можна од сторителот ќе се конфискува друг имот што одговара на вредноста на прибавената корист. Непосредната и посредната имотна корист се конфискува и од трети лица за кои е остварена со

---

128 Член 38-б, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

129 Член 97, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

извршување на кривичното дело. Конфискуваното му се враќа на оштетениот, а ако нема оштетен, на државата[130].

Овој правен институт придонесува за поголема правичност при гонењето на сторителите. Имено, преку конфискацијата се посегнува по она што првенствено го мотивирало сторителот, и истото се одзема.

Закон за административни службеници

Законот за административни службеници е правен акт со кој се регулира дејствувањето на една група вработени во високото образование. Во оваа група влегуваат секретарот на универзитетот и на факултетите[131].

Во законот како една од основите за изрекување на дисциплински мерки е примањето подароци или други видови користи од страна на административните службеници. Исто, забрането е и злоупотребување на доверените овластувања во вршењето на задачите, како и поставување личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на административниот службеник[132].

Закон за заштита на укажувачи

Законот за заштита на укажувачи е нов правен акт, и уредува исклучително важна област. Така, истиот предвидува заштита на лицата кои вршат пријавување со кое се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или се загрозува јавниот интерес[133].

Во законот специфично е споменато дека под јавен интерес, меѓу другото, се смета и спречувањето на криминалот и корупцијата. Понатаму, правниот акт нуди широка дефиниција кој се може да се смета за укажу-

---

130 Член 98, Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

131 Член 10-б, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

132 Член 73, Закон за административни службеници, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16

133 Член 2, Закон за заштита на укажувачи, „Службен весник на Р Македонија“, бр. 196/15

вач. Па така, во ова својство можат да се јават и лица кои имаат засновано работен однос (на определено и на неопределено време), кандидати за вработување, пракса или волонтирање, лица кои се или биле ангажирани од институцијата, како и лицата кои користат или користеле услуги од институцијата. Во контекст на високото образование, ова значи дека професорите, поранешните професори и останатите членови на академската заедница, како и самите сегашни и поранешни студенти можат да се јават како укажувачи на корупативни дејствија. Понатаму, законот предвидува задолжителна анонимност на пријавувачите. Уште повеќе, укажувачите не мора да ја докажуваат вистинитоста на исказите, туку надлежните тела се должни да реагираат по принцип на слушнат глас. Така, секоја институција треба да има определено одговорно лице кое ќе прима пријави, а во отсуство на истото функцијата ја врши раководното лице. Во нашиот случај, тоа би бил ректорот или деканот на високообразовната институција.

Понатаму, предвидена е можноста да се пријави и до Министерството за внатрешни работи, надлежното јавно обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и народниот правобранител на Република Македонија, во случаи кога корупативното дејствие го извршува раководното лице, или кога институцијата не презема ништо за да го спречи дејствието (по пријавувањето)[134]. Законот оди дотаму што гарантира заштита на укажувачите, а истата треба да ја обезбеди институцијата каде се случува дејствието, или пак некоја од горенаведените институции.

Со овој закон се нуди поповолна положба на индивидуите кои ќе се одважат да пријават корупција, и нуди одредени механизми за заштита на истите. Во насока на ова, со правилно спроведување на одредбите, како и актуализација и информирање на членовите на академската заедница, може значително да се влијае на бројот на пријави за корупативни дејствија на факултетите.

Закон за научноистражувачката дејност

Овој правен акт е од особена важност кога се разгледува формата на корупција плагијат. Имено со овој закон се регулира формирање посебен електронски систем за детектирање на плагијаризирани научни трудови. За истиот систем е одговорно Министерството за образование и нау-

134 Член 5, Закон за заштита на укажувачи, „Службен весник на Р Македонија“, бр.196/15

ка. Покрај ова, законот ги обврзува високообразовните институции, како јавни установи, да се вклучат активно во користење на системот.

Така, менторот на докторскиот или магистерскиот труд е обврзан да го внесе документот во електронскиот систем за детектирање плагијати на проверка најмалку 30 дена пред одбраната на трудот. Понатаму, законот оди дотаму што наставниците по соодветните наставни предмети ги внесуваат семинарските трудови на учениците, најмалку 10 дена пред оценувањето на семинарскиот труд[135].

Министерството за образование и наука ја почитува оваа одредба и во 2012 година ја основа веб-локацијата www.plagijati.mon.gov.mk која треба да претставува електронски систем за проверка на трудовите. На веб-локацијата, освен менторите, секој заинтересиран може да го постави својот труд и да провери колкаво поклопување има со некои од трудовите од дата-базата.

Дополнително, овој законски текст предвидува формирање Одбор за етичност, кој е составен од 9 члена. Од истите, шест предлага Интеруниверзитетската конференција, а три МАНУ. Задачата на Одборот е следење и оценување на етичките начела и вредности во научноистражувачката работа, заштита на човековиот интегритет во научните истражувања и етичност во деловните односи меѓу субјектите. Одборот треба да донесе Етички кодекс. Меѓу другото е предвидено дека субјектите кои вршат научноистражувачка работа, меѓу кои влегуваат факултетите и научните установи, можат да основаат и свои одбори за етичност и да носат свои етички кодекси[136]. Сепак, поради недостаток од јавни информации, непознато е дали овој Одбор е формиран, и дали на одделните факултети функционираат етички одбори.

УКИМ има свој Етички кодекс, за кој ќе стане збор подоцна.

Други закони

Покрај горенаведените правни акти, постојат и други закони кој поспецифично уредуваат односи, појави и механизми за спречување на ко-

---

135 Член 54, Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015,, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

136 Член 14, Закон за научно истражувачката дејност, „Службен весник на Р Македонија“ бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16, 53/16

рупцијата, а кои можат да бидат применливи и во сферата на високото образование. Така, Законот за јавни набавки, Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за ревизија, Законот за државна ревизија се само дел од нив. Дел од нив се занимаваат поспецифично со следење на паричните текови, и нема да бидат предмет на анализа во оваа студија.

Во сферата на авторските права, област која е директно поврзана со формата корупција плагијаризам, важен законски текст е Законот за авторски и други стварни права.

Други акти

Дел од антикорупциските одредби и мерки кои се применуваат во високото образование може да се најдат во останати акти. Така, во овој дел ќе направиме кус осврт на правните документи кои штитат од коруптивни дејствија, или пак нудат механизми за превенирање на истите.

Кодекс на административни службеници

Да се потсетиме, според Законот за високото образование, покрај професорите и вработените членови од академската заедница кои ја претставуваат групата вработени кои вршат дејности од јавен интерес, во високообразовните институции се вработени и лица кои ги вршат административните процедури, т.е. административни службеници. Овие лица се должни да го почитуваат Кодексот на административни службеници.

Според истиот, административните службеници не смеат да работат на начин за кој знаат или се сомневаат дека е незаконски, непрописен или неморален. Тие не смеат да подлегнуваат на притисоците за извршување на противуставни и незаконски работни задачи од претпоставените[137].

Исто, забрането е постапување на административниот работник со намера за остварување лична корист[138], како и користење предности кои произлегуваат од неговиот работен статус со цел здобивање со лична корист. Не е дозволено ниту тој да нуди и обезбедува какви и да било предности поврзани со неговиот статус на административен работник[139]. Спречувањето на корупцијата кај административните работници во високообразовните институции е особено важно, затоа што дел од коруптивните дејствија се случуваат во оваа сфера (пр. наплаќање услуги на студентски прашања кои треба да се бесплатни или со пониска цена, издавање документи за кои студентот не е квалификуван, вршење услуги во пократок рок од оној што важи за останатите студенти, внесување оценки или дополнителни поени кои не се заслужени во електронските досиеја на студентите, измена на податоци во електронските досиеја на студентите итн.).

---

137 Член 5, Кодекс за административни службеници, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 183/14

138 Член 7, Кодекс за административни службеници, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 183/14

139 Член 13, Кодекс за административни службеници, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 183/14

Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на ВО

Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на ВО вклучува конкретни индикатори преку кои ја проценува работата на институциите. Овде накратко ќе ги продискутираме оние кои се важни за темата на оваа студија и преку кои би можеле да се превенираат коруптивни дејствија.

Така, според правниот акт[140] што го уредува работењето на Одборот, при давањето на акредитацијата и обновувањето на истата, во решението треба да бидат содржани лоцираните неправилности кај ВОИ. Ова е одлична можност за следење на работата и прогресот на ВОИ, и изработка на систематизиран извештај за случувањата кај одделните институции.

Понатаму, за една институција да може да добие акредитација за работа, мора да поседува доволен број простории, како и наставен кадар, во соодност со очекуваната бројка на запишани студенти, квалитетен модел на самоевалуација и процедури за внатрешна контрола, академскиот кадар мора да е избран според веќе поставените критериуми кои се содржани во правните акти на ниво на држава, и мора да постои транспарентен и совесен систем на финансирање.

При изготвувањето, пак, на извештаи за евалуација на институциите, Одборот, меѓу другото треба да увиди дали процедурите за вработување и унапредување на академскиот кадар се во согласност со претходно утврдени упатства и дали истите се должат на позитивни минати искуства (оценки на студенти, истражувања, спроведување на настава). Исто, за добивање позитивна оценка се внимава и дали вработените ги засноваат активностите на принципите на академската етика, и дали ВОИ применува еднакви принципи на наградување и мотивирање на академскиот

140 *Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на ВО, Министерство за образование и наука, „Службен весник на Република Македонија"" бр.151/12*

кадар, како и дали распределбата на финансиски ресурси е економски оправдана и заснована на однапред донесени планови.

Во поглед на работата со студенти, условите за упис мораат да бидат еднакви за сите, и тие мораат да бидат постојано мотивирани за учество во академскиот живот. Оценувањето мора да е во согласност со резултатите од учењето, а студентите треба периодично да даваат мислење за процесите за учење кое ќе биде земено предвид во идните планови за работата на ВОИ. Покрај анализата на правните акти, Одборот треба да врши и евалуација на терен, со што би се уверил дека прикажаните резултати се вистинити.

Како што беше дискутирано претходно, заради неактивноста на Одборот за акредитација и евалуација, овие проверки не се спроведуваат.

Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија

Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија е акт донесен од Министерството за образование и наука и претставува документ преку кој се даваат конретни насоки преку кои правилно би се остварилe функциите на ВО. Колку овие препораки се спроведуваат оценува Одборот за акредитација и евалуација на ВО, преку надворешните евалуации кои треба да се спроведуваат на секои 5 години[141]. Одборот по проценувањето на исполнетите препораки, дава позитивна или негативна оценка на ВОИ.

Самиот документ е успешен пример за индикатори и мерки со кои би се обезбедиле услови за морално и етично работење во ВОИ. Така, упатството најпрво предвидува изготвување на SWOT-анализа од страна на секоја институција преку која ќе се утврдат јасните цели и препораки за подобрување на работата на ВОИ. Воедно, тие треба да имаат и јасен систем за следење на стратешките планови. Понатаму, политиката за обезбедување квалитет треба да поставува и правила за највисоко ниво

---

141 Член 10, Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија, Министерство за образование и наука, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 67/13

на етично однесување на персоналот и студентите, па дури е напоменато и формирање на етички одбор (за што повеќе ќе стане збор во делот Препораки).

Се предвидува и задолжително и систематско следење на студентското анкетирање, а процедурите за избор на академски кадар мораат да бидат јавни. ВОИ треба да има јасни и познати процедури за доделување на наставно оптоварување и треба да обезбеди јасна и еднаква распределба на обврските кај професорите и асистентите. Особено е важно што се предвидува дека на професорот кој добил три последователни негативни оценки на студентските анкети нема да му биде доверено одржување на понатамошни предавања. Упатството содржи и насоки за обезбедување на квалитетот на наставниот кадар, па така се препорачува утврдување на јавни распореди на испити со термин, локација и име на надгледувач уште од почетокот на семестарот, можност за увид во испитите по оценувањето како и жалбена постапка, како и јавност на методите и критериумите за оценување кај секој професор. Она што е за поздрав е предвидувањето на анализирањето на проодноста на студентите на сите студиски програми, како и во самата високообразовна установа каде особено внимание треба да се даде на предметите каде е забележана ниска или премногу висока проодност[142].

Документот препорачува информирање на студентите и младите општо за студирањето, преку плакати, брошури и други материјали. Во поглед на јавните набавки и ресурсите на ВОИ, се вели дека нивниот обем треба да содејствува со бројот на студенти. Ова е одличен индикатор преку кој може да се согледа дали ВОИ нарачува премногу или премалку материјали со цел корупција во јавните набавки или креирање на нереална цена на одредени средства.

Важен момент е и предвидувањето на доволен број учебници од задолжителната литература на факултетите во библиотеките, особено книгите на професорите кои предаваат на факултетот. ВОИ треба континуирано да води сметка за научноистражувачката работа, како и да води евиденција за сите договори со надворешни лица кои имаат својство на изведувачи на истражувачки активности. Во контекст на оваа тема, ВОИ треба да водат сметка за сите дејствија од областа на индустриските и

—

142 Ова е особено важно затоа што преку овој метод може да се детектираат професори кои земаат поткуп или намерно не дозволуваат студенти да го положат предметот, со цел добивање на некаква корист. Од друга страна, 100 % проодност исто може да сигнализира дека одредени професори преку нечесни методи даваат оценки на студенти (пишување трудови од страна на студенти кои подоцна ќе се прикажат како свои, задолжително купување учебници итн.)

авторски права, продажбата на лиценции и патенти. Важен индикатор е и јавноста на информациите на ВОИ. Така, се бара установата објективно, непристрасно и јавно да ги прикажува сите информации поврзани со студиските програми. Дополнително, освен со академската заедница, ВОИ треба да има медиум преку кој ќе презентира и информации за пошироката јавност.Горенаведените упатства се солидна основа за превенирање и регулирање на дел од областите каде се јавува корупција во ВО, и со правилно евалуирање може да се детектираат недостатоците и навремено да се реагира. Сепак, како што беше дискутирано претходно, со неактивноста на надлежната институција за надгледувањето на спроведувањето на упатството, овие препораки засега остануваат само слово на хартија и е дискутабилно колку ВОИ се придржуваат до истите.

Државна програма за превенција и репресија на корупција и превенција и намалување на појава на судир на интереси

Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011 – 2015[143] е прва програма во која издвоено се третира тематиката за корупцијата во образованието. Во истата, иако темата е ставена во истиот сектор со темата корупција во спортот, сепак се забележува конкретна дистинкција меѓу мерките предвидени за двете различни области. Дополнително, радува што голем акцент е ставен на корупцијата во високото образование. Претходно темата е вклучена во делот Локална самоуправа и јавна администрација. Така, предвидени се мерки како:

1. Воведување систем на редовни контроли и надзор од Државниот просветен инспекторат и други надлежни тела и контролите да бидат перманентни, не само по потреба, дојава/пријава;
2. Измена на законот во насока на воведување забрана за вработување на државни функционери во високообразовни установи за време на мандатниот период;
3. Редовно спроведување на системски контроли кај високообразовните институции заради утврдување на придржување кон бараните и понудените критериуми;

---

143 Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011 – 2015, Државна комисија за спречување корупција (2011), http://www.dksk.org.mk/images/stories/pdf/drzavna%20programa/dprograma%2026.12.11.pdf

4. Воведување практика на спроведување суперрецензии за учебници по случаен избор од страна на независни експерти;
5. Измена на подзаконските акти заради обезбедување правичност на селекцијата, за регулирање на жалбената постапка и за утврдување на точноста на дадените податоци при доделување на легла во студентските домови, како и утврдување дополнителни критериуми за ранливи групи;
6. Доставени службени известувања со аргументација за одлуката до секој одбиен кандидат за студентско легло;
7. Спроведување на ревизија на извршената селекција за студентски легла;
8. Вкалкулирање на цената на литературата при утврдување на висината на школарината од страна на МОН.

Како што стана збор и погоре, новата програма за спречување и превенција на корупцијата и судирот на интереси (2016 – 2020), не вклучува конретни одредби за високото образование, што претставува отстапување од континуитетот кој го задава минатата стратегија.

Правни акти на ниво на УКИМ

Статут на УКИМ

Статутот УКИМ не предвидува посебен дел во кој се промовираат мерки кои превенираат и забрануваат коруптивни дејствија, освен во делот Дисциплинска одговорност на студентите.

Така, меѓу другото, како тешки дисциплински повреди се сметаат: препишувањето или давањето помош на друг студент во текот на испитите; недозволеното носење опрема за аудио и/или видеофиксирање на авторско дело, вклучувајќи ги и приклучените мобилни телефони, при изведување на предавањата, вежбите и интерактивната настава; и плагијаторството во форма на пренесување туѓ семинарски труд или академски есеј во свое име[144].

—

144 Член 328, Статут на УКИМ (2013)

Во Статутот понатаму е објаснета постапката за пријавување на делото, како и понатамошното формирање на тело надлежно по овие случаи, и мерките кои се спроведуваат. Имено, се работи за формирање на ад хок дисциплинска комисија која одлучува за случајот, а студентот има право на приговор.

Предвидените мерки за горенаведените дисциплински повреди се: опомена, јавна опомена и исклучување (кое се однесува на академската година во која е изречена мерката)[145].

Другите видови корупција кои се јавуваат често во високото образование, како непотизам, поткуп и продажба на учебници како начин да се добие повисока оценка по одреден предмет, апсентизам[146] на професори и асистенти, или плагијаторство на труд на студенти од страна на професори или асистенти, не се споменати во највисокиот правен акт на УКИМ.Во контекст на недостиг на неадекватно третирање на материјата, еден од проблемите кои се јавува поради отсуство на регулирање на материјата во највисокиот правен акт во сферата на терџијарното образование е и недоследноста на правните документи на самите факултети во кои се уредува оваа материја.

Илустрација за правната конфузија во оваа област се согледува преку една одлука на Врховниот суд од 2002 година[147], во која се вели дека поради несинхронизираност на правните акти на една високообразовна институција (поточно Статутот на факултетот и Правилникот за дисциплинска одговорност), студентката која ја обжалува одлуката била трајно исклучена од факултет, иако за тоа немало правна основа. Така се вели:

„...неопходно е потребно во Статутот точно да биде определено и предвидено за кои повреди и под кои услови може да се изрече дисциплинска мерка, а посебно точно треба да бидат утврдени повредите за изрекување на најтешката дисциплинска мерка.“

---

145 Член 329, Статут на УКИМ (2013)

146 Отсуство

147 Одлука: Трајно исклучување од факултет У.бр. 285/02, Врховен суд на Република Македонија, http://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/12/Trajno-iskluchuvane-od-fakultet.pdf

Етички кодекс на УКИМ

Единствениот акт на УКИМ во кој изрично се споменува корупцијата како појава во високото образование е Етичкиот кодекс на УКИМ во кој се објаснети етичките вредности и норми на Универзитетот.

Етичкиот кодекс промовира дека на УКИМ нема место за притисок и поткуп, и не е дозволена корупција, морално и сексуално злоставување. Корупцијата и другите видови неетичко однесување се неспојливи со академскиот дух и академската дејност. Сите на УКИМ се спротивставуваат против сите видови корупција, не дозволуваат таа да се појави, ниту тие ја прават.

Понатаму се вели дека УКИМ вложува посебни напори против нелегалното и неморалното користење туѓи достигања (плагијат), против неетичките биолошки манипулации и сличните дејства недостојни за науката[148]. Исто, се вели дека најстрого се осудува преземањето сознанија без наведување на изворот, т.е. плагијаризам[149]. Во кодексот е предвидено јавно изведување на испитите, а оценките треба да се образложени и реално да ги евалуираат достигнувањата на студентите[150].

Кодексот промовира општи задачи кои сите членови на академската заедница треба да ги почитуваат и промовираат како: квалитетно извршување и унапредување на дејноста, чување на угледот на Универзитетот и личниот углед, откривање и ширење на вистината, јавност во работењето итн.[151]

Иако Етичкиот кодекс на УКИМ е квалитетен сублимат на морални и етички вредности и постулати, сепак во Статутот на УКИМ, во делот за дисциплински мерки, не е предвидено спроведување дисциплински процедури во случаите кога се вршат дејствија кои се во спротивност со достојното однесување и функционирање на Универзитетот објаснето во Кодексот. Статутот предвидува само дел од запишаните неморални однесувања споменати во Кодексот како основа за поведување дисциплинска

---

148 *Дел 4, Етички вредности во односите на Универзитетот, Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“*

149 *Дел 5, Етиката во науката и во високото образование, Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј““*

150 *Дел 6, Соработка на Универзитетот, Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”*

151 *Дел 1, Задачи на академските институции, Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“*

постапка. Затоа е неопходно синхронизирање на правните документи на факултетско, универзитетско и национално ниво.

Правилник за организирање на издавачката дејност на УКИМ

Покрај Статутот на УКИМ, кој е највисок правен акт на оваа високообразовна институција, постојат и бројни правилници и одлуки на Универзитетот, во кои поспецифично се обработуваат одредени прашања. Така, според Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ, Универзитетот врши издавачка дејност, и тоа преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, списанија итн. За издавање на истите мора да се почитуваат правилата напишани во овој подзаконски правен акт, така што ова е интерниот документ кој би требало да ги содржи одредбите кои ќе нудат механизми за превенција на коруптивните дејствија поврзани со неовластеното продавање учебници или пак случаите кога професорот ги тера студентите да купуваат учебни помагала за да го положат испитот или за да добијат повисока оценка.

Универзитетот одредува колкав број учебници ќе се издадат, во зависност од бројот на студенти на студиската програма[152].

Исто, на УКИМ се формира Комисија за издавачка дејност која ја регулира содржината на книгите, и објавува рецензии во Билтенот на Универзитетот[153]. Ова е особено важно во случаите кога има повеќе апликанти кои напишале учебници, па на овој начин се обезбедува транспарентен увид во размислувањата на рецензентите и може да се согледаат причините за одлуката, како и да се согледа дали вистински најквалитетно изработениот учебник е избран да биде помагало по одреден предмет.

Исто, цената на учебниците се формира од самиот Универзитет, при што Правилникот промовира како ќе се дојде до оваа цена. Оваа одредба може да влијае делумно на формата на корупција, каде професорот продава свои учебници по повисоки цени, и притоа ги условува студентите

---

152 Член 11, Правилник за организирање на издавачката дејност на УКИМ, „Универзитетски гласник“, бр. 264/13

153 Член 18, Правилник за организирање на издавачката дејност на УКИМ, „Универзитетски гласник“, бр. 264/13

дека мора да купат учебник токму од него/неа или пак од одредена книжарница или фирма[154].

Во Правилникот постои одредба каде на Универзитетот му е дозволено да формира универзитетска дигитална библиотека. За ова повеќе ќе стане збор во делот Препораки.

Сепак, во овој акт не се предвидени мерки кои ќе влијаат на сузбивање на честите појави во македонското високо образование, како на пример кога професор продава учебници на своите студенти, како услов за положување предмет или добивање повисока оценка. Исто, не е предвидено изготвување на периодични извештаи за работата на Комисијата, нити Ректорската управа во оваа област, со што се отежнува следењето на состојбите и појавите како фаворизирање автори, издавачки куќи и дистрибутери на учебници.

Правилник на Универзитетот за превенирање на фиксирање, умножување и продажба на авторско дело без дозвола на авторот, односно издавачот

Иако Статутот на УКИМ и одделните одлуки за определување дисциплинска одговорност на факултетите при УКИМ предвидуваат постоење на Правилник на Универзитетот за превенирање на фиксирање, умножување и продажба на авторско дело без дозвола на авторот, односно издавачот, сепак овој правилник не е донесен од страна на УКИМ[155].

---

154 Според една од претставките доставена до Државниот просветен инспекторат, професор на Медицинскиот факултет во Скопје им приморува студентите да купуваат учебници чиј автор е тој, како начин на добивање поени при оформување на оценката. Група студенти до инспекторатот доставуваат примероци на книги кои нивни колеги ги купиле и на кои уредно стои посвета од професорот, како и печат од трговско друштво кое е во стечај.

155 Одговор на барање за слободен пристап до информации бр. 03-216/7 од 27.4.2015, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Правилникот подетално ги уредува условите за избор во сите звања кои ги препознава Законот за високото образование. Овде нема детално да бидат разгледани одделните критериуми по звање, туку ќе се дискутираат одредбите со чие почитување би се превенирале коруптивни појави.

Така, документот конкретно ги уредува процедурите, со што се добива јасна рамка за постапките за добивање звање на УКИМ и би се избегнале потенцијалните конфузии во постапувањето. Така, конкретно е наведено кој орган е одговорен за носењето на одлуките, критериумите, жалбените постапки, временските рокови на постапките, и формирањето на рецензентските комисии.

Еден од најважните членови во овој Правилник предвидува оценките од самоевалуацијата на професорот, добиени од анкетите кои се спроведуваат меѓу студентите, да бидат земени предвид при изборот на професорот во наставно-научно звање, и истите се составен дел од рецензентските извештаи. Извештаите од самоевалуацијата на професорите освен што содржат мислење на студентите, треба да вклучат и конкретни информации за бројот на часови кои ги држи професорот, број на студенти пред кои се држи наставата, и одделни оценки по секое прашање[156]. Ова е одлична можност за студентите да посочат на корумпираните дејствија на професорите.

Понатаму, Правилникот предвидува и јавност на конкурсите за избор во звања, и нивно објавување во дневни весници. Постапката по конкурсот може да трае најмногу до 6 месеци[157]. Овие две одредби даваат одредена правна сигурност дека постапките ќе бидат транспарентни и дека нема да се одвиваат зад затворени врати, како и дека нема да траат недефиниран и произволен временски период.

---

156 Член 33, Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2013)

157 Член 37, Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2013)

Правилникот предвидува формирање Рецензентска комисија која е одговорна за разгледување на кандидатските апликации, и составување извештај за секоја апликација одделно во рок од 3 месеци од доставувањето на документацијата[158]. Ова значи дека едно лице нема ексклузивно право да одлучува за апликациите, туку се работи за повеќечлено тело во кое потешко ќе се случат коруптивни дејствија (иако и тоа не е исклучливо). Исто, предвидено е објавување на рецензиите во Билтенот на Универзитетот[159], со што се олеснува следењето на постапките и навременото откривање на злоупотребите во процесот.

Сепак, овој документ не предвидува забрана за учество на роднини и брачни другари на некој од кандидатите во рецензентските комисии, со што може да се охрабри појавата на непотизам и кронизам во овие постапки. Исто така, во документот не е регулирано вработувањето роднини на професорите на други катедри или програми на истиот факултет, појава која е застапена на одредени факултети при УКИМ.

Особено важна е и одредбата според која се предвидува прекинување на работниот однос ако се утврди дека лицето не ги исполнува обврските, ако ги попречува законските и статутарните активности на Универзитетот, ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права, или ако престанале условите врз кои е извршен изборот[160]. Овој член дава можност да се бара отповикување на работниот статус на лицата кои, меѓу другото, вршат коруптивни дејствија. Така на пример, доколку одредено лице аплицира со лажна биографија или диплома за избор во звање, или попречува студент да добие оценка или да положи испит со цел изнудување на поткуп може да се бара прекин на неговиот работен однос во ВОИ.

---

158 Член 46, Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2013)

159 Член 49, Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2013)

160 Член 66, Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2013)

Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на универзитетски студии

Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на универзитетски студии е правен документ на УКИМ во кој подетално се уредуваат условите за упис, студирање и завршување на студиите на овој универзитет. Истиот содржи специфичности во поглед на условите за запишување на студии, изведувањето настава, положувањето предмети, испитните рокови, начинот на изведување на испитите, оценувањето и добивањето диплома. Преку овие одредби се поставуваат конкретни правила за студиите, и преку дел од нив се превенираат коруптивни дејствија на Универзитетот.

Така, професорот треба да го отстрани студентот кој користи недозволени помагала за време на испит[161] . Исто, тој е должен оценките од испитот да ги внесе во електронскиот систем, а пријавите за испит да ги достави до студентската служба. Оценките се објавуваат јавно (на огласната табла)[162]. На овој начин се обезбедува поголема транспарентност за добиените оценки, и се превенира појавата кога професор „зад затворени врати“ дава незаслужени оценки на студентите.

Понатаму, во Правилникот е предвидено јавно изведување на испитите, а забрането е изведување испит само за еден студент, без присуство на други лица (студент, асистент, друг професор). Оценките мораат да бидат соопштени веднаш по усниот испит.

Овој правен документ предвидува изземање на предметниот професор во случаи кога неговиот син, ќерка, снаа, зет, брат, сестра, сопруга или сопруг, го полага нивниот предмет. За ова мора да биде известен деканот[163]. Со ова Универзитетот директно се спротивставува на еден од видовите непотизам.

Јавност е предвидена и при бранење на дипломскиот/магистерскиот труд на студентот[164].

—

161 Член 39, Правилник за условите, критериумите и правилата на запишување и студирање на прв и втор циклус на универзитетски студии, „Универзитетски гласник“ бр.254 (2013)

162 Чл. 36, Правилник за условите, критериумите и правилата на запишување и студирање на прв и втор циклус на универзитетски студии, „Универзитетски гласник“ бр.254 (2013)

163 Чл. 42, Правилник за условите, критериумите и правилата на запишување и студирање на прв и втор циклус на универзитетски студии, „Универзитетски гласник“ бр.254 (2013)

164 Чл.47, Правилник за условите, критериумите и правилата на запишување и студирање на прв и втор циклус на универзитетски студии, „Универзитетски гласник“ бр.254 (2013)

Правни акти на ниво на факултети

Дисциплински правилници

Факултетите на УКИМ носат дисциплински правилници, односно акти во кои подетално се уредува начинот на формирање на дисциплинските комисии, како и основите за поведување дисциплински постапки. Од оние правилници кои се електронски достапни[165], забележливо е дека предвидуваат исти основи за поведување дисциплинска постапка, во кои се вклучени и коруптивни однесувања од страна на студентите.

Така, како тешки дисциплински повреди, меѓу другото, се сметаат: препишувањето и давањето помош на друг студент за време на испитите; користење направи за телефонска и електронска комуникација за време на испитите; плагијаторство во форма на поднесување туѓ семинарски труд или академски есеј во свое име. Видови дисциплински мерки кои се предвидуваат се: опомената, јавната опомена, исклучување од академската година во која е вклучен студентот, забрана за полагање предмет до три испитни сесии, повторно запишување на предметот и забрана за одбрана на магистерскиот труд или докторска дисертација што е плагијат[166]. Кај одредени факултети при УКИМ предвидено е и трајно исклучување на студентот од студиите, и поведување судска постапка, покрај другите дела, и за плагијаторство извршено од страна на студентот[167].

На ниту еден од факултетите на УКИМ не постои правилник за дисциплинска одговорност на професорскиот кадар на високообразовните институции, каде систематизирано би биле уредени основите за поведување постапка по повод неримерно однесување на овие членови на академската заедница.

Уште еден проблем поврзан со дисциплинските правилници е дека не се јавни. Така, многу мал број факултети ги имаат објавено правилниците на своите веб-страници[168], а истите не се истакнати на видно место на

---

165 *За потребите на оваа анализа беа разгледани веб-страниците на сите 23 факултети во склоп на УКИМ*

166 *Член 8 и 9, Одлука за определување дисциплинска одговорност на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (2007)*

167 *Член 6 и 7, Одлука за определување дисциплинска одговорност на студентите на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Економски факултет – Скопје (2013)*

168 *Според увидено, само Економскиот факултет, Правен факултет „Јустинијан Први“ и Факултетот за драмски уметности ја имаат објавено Одлуката за регулирање на дисциплинските мерки и казнивите дејствија. Кон страниците на факултетите беше пристапено на 29.4.2016 година.*

факултетите. Ова е проблематично, затоа што студентите не се доволно информирани за тоа кои дејствија се забранети и казниви.

Конкурси за упис на нови студенти

Секоја година факултетите распишуваат конкурси за упис на нови студенти. Во конкурсите се дефинирани условите за упис и начинот на конкурирање. Конкурсите претставуваат правила со кои делумно се превенира корупцијата при упис на факултет.

Упатство за изработка на магистерски труд на втор циклус студии според ЕКТС

Дел од факултетите при УКИМ имаат објавено посебни упатства за пишување на научните трудови. Покрај правилата за цитирање и постапката за одбрана на труд, истите содржат куси одредби во врска со плагијаризирањето на трудот.

Така на пример, во Упатството издадено од Правниот факултет при УКИМ, предвидено е дека плагијаторството се смета за тешка дисциплинска повреда, и тоа во вид на пренесување на туѓ текст или туѓ магистерски труд. Како санкција е предвидена забраната за изработка и одбрана на магистерскиот труд кој што е плагијат[169].

Протокол за спроведување на ЕКТС-колоквиумите, испитите и есеите

Еден од факултетите при УКИМ, има донесено посебен документ кој е јавно објавен, а во кој стриктно се регулираат правилата кои важат за време на полагањето на испитите. Во истиот е предвидено задолжително претставување на одговорните професори и асистенти за спроведување на испитот, поединечна прозивка и идентификување на студентите, јавно обраќање и комуникација меѓу студентите и тестаторите и избегнување на приватни консултации итн[170].

—

169 Упатство за изработка на магистерски труд на втор циклус студии според ЕКТС, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (2010)

170 Протокол за спроведување на ЕКТС колоквиумите, испити и есеи, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

Мерки кои се предвидени се опомена, отстранување од испит и поништување на испитот. Воедно, предвидено е дека е можна употреба на дисциплинските мерки предвидени во Правилникот за уредување на внатрешните односи на факултетот.

Г Л А В А 5

Препораки за спречување на корупцијата во високото образование

Според претходно изложеното, евидентно е дека во високото образование во Македонија се случуваат коруптивни дејствија и дека се застапени различни форми на корупција во академската заедница.

Борбата со оваа појава е процес кој е мултисекторски и бара истовремена употреба на вариетет на мерки со кои ќе се влијае на повеќе нивоа и ќе се опфатат што повеќе засегнати страни. Сепак, на универзитетите во Македонија, вклучително и УКИМ, недостига систематизиран документ во кој ќе се предвидат сите мерки за спречување на корупцијата во високообразовните институции. Дополнително на универзитетот недостигаат и мерки кои би ги спречувале новите и модерни форми на корупција, а кои се појавуваат со дигитализацијата на податоците и процесите на факултетите, како и со воведувањето на ЕКТ-системот.

Да напоменеме, борбата против корупцијата опфаќа поширок спектар на активности кои треба да ги применуваат сите актери во високообразовните процеси. Кога предвидуваме мерки за спречување на корупцијата, тие мораат да бидат прецизни и добро обмислени, со цел давање позитивни резултати. Во прилог се наведени мерки и активности кои би влијаеле на намалување на коруптивните поведенија на УКИМ, како и во високото образование во Македонија.

Менување, надополнување и унапредување на правната регулатива

Носење стратешки документи за финансирање на високото образование

За приликите со неадекватното финансирање на високото образование во Македонија стана збор претходно на неколку наврати. Последиците од негрижата за материјалниот аспект на терцијарното образование се одразуваат и на појавата на коруптивни дејствија во академската заедница. Така, поради незадоволство од висината на платите или други бенефиции, членови на академската заедница можат да посегнат по алтернативни извори на средства, како на пример поткупот.

Затоа, еден од најважните сектори на кои треба во најбрз можен рок да се работи е токму финансирањето на високото образование. Ова подразбира носење на стратешките документи предвидени со Законот за високото образование кои се однесуваат на финансирањето на ВО, наоѓање адекватна и современа формула за финансирање на високообразовните институции, и задолжително активирање на Советот за финансирање на високото образование.

Пред да се донесат стратешките документи за финансирање на високото образование во Македонија, треба да се организираат конкретни консултациски процеси со високообразовните институции заради подобро запознавање со потребите на истите. Исто, потребна е детална анализа на финансиското работење на ВОИ со цел увидување на статус квото и креирање на модел кој ќе им помогне на ВОИ да работат поквалитетно.

Воведување на темата за корупција во образованието во акциските планови на Државна програма за превенција и репресија на корупцијата

Како што беше прикажано погоре, во Државна програма за превенција и репресија на корупцијата 2015 – 2019, темата за корупција во образованието воопшто не е застапена, за разлика од претходната програма каде оваа тема беше одделно третирана. Заради продолжување на динамиката и континуитетот во спроведување на мерки за спречување на корупцијата во високото образование, како државна политика, потребно е

внесување на конкретни мерки во годишните акциски планови кои ќе се однесуваат на оваа сфера.

Во насока на ова, универзитетот може да иницира внесување на потенцијални механизми во овие документи. Ова може да биде добра можност за зголемување на соработката меѓу универзитетот и институциите кои се надлежни во полето на корупцијата, но и наметнување на универзитетот како примарен актер во создавањето на државна стратегија за борба против корупцијата.

Дефинирање на дисциплински прекршоци во Законот за високото образование

Законот кој ги уредува работите од областа на високото образование во ниту еден член изрично и систематизирано не промовира кои се основите за поведување дисциплинска постапка на факултетите. Ова го остава на уредување на високообразовните институции. Така, постои можност за арбитрарно одлучување на високообразовната институција (универзитетот, факултетот) што ќе определи за неморално/неетичко однесување. Оттаму, може да се случи одредени факултети да препознаваат одредени коруптивни дејствија како основа за поведување дисциплинска постапка, а дел не. Затоа треба да се пристапи кон внесување на основите за дисциплинска постапка во ЗВО.

Така, доколку во Законот бидат изрично предвидени сите форми на корупција во високото образование, не би постоеле дилеми и недоумици што се смета за дисциплински прекршок.

Ова ќе придонесе и за поголема информираност на академската заедница за тоа што се смета за неприфатливо однесување на универзитетите. Исто, дефинирањето дисциплински основи во Законот за високото образование декларативно ја изразува желбата на Министерството за образование и наука, законодавците и останатите државни институции за спречување на корупцијата во високото образование.

Составување критериуми за следење и детектирање на корупцијата на универзитететот и факултетите

Универзитетот, но и МОН, треба да пристапат кон изработка на индикатори преку кои ќе ги следат појавите на универзитетот и одделните единици. За ова претходно накусо стана збор, во делот „анализа на црвени знаменца". Така се работи за стратешки документ во кој концизно и конкретно се запишани сите можни видови коруптивни дејствија кои се случуваат во ВО, вклучувајќи ги активностите кои ги иницираат студентите, професорите, административните работници, раководните лица и државните функционери, ризиците за случување на истите, показателите за секое одделно дело, и потенцијалните мерки за спречување на истите. На овој начин, ќе постојат точни и јасни показатели и ќе може значително да се влијае на спречувањето на коруптивните дејствија, односно реагирање пред да се случи недозволено дејствие. Како што наведовме на неколку наврати, корупцијата е феномен кој бара сериозен и структуиран пристап. Преку анализата на потенцијални ризици ќе може доследно да се внимава на појавите во ВО и да се реагира пред истите да се случат.

Така, универзитетот треба да формира експертска работна група која ќе изработи документ преку кој ќе се дефинираат јасни процедури за спречување на корупцијата во високото образование. Во текот на процесот препорачливо е оваа група да направи и компаративна анализа во која ќе вклучи примери на успешни решенија од странските универзитети, и ќе се обиде решенијата да ги приспособи на македонскиот контекст. Овој документ повеќе се однесува на процедуралните решенија за спречување на корупцијата во високото образование.

Ваквите механизми најчесто се запишани во форма на Стратегија за интегритет. Пример за ваков документ во нашата држава е Стратегијата за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа на Република Македонија 2011 – 2014[171].

---

171 *„Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа на Република Македонија 2011 – 2014", Царинска управа на Р Македонија (2010), http://www.customs.gov.mk/Uploads/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%BE%D1%82%20%D0%B8%20%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B1%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2%20%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%A6%D0%A3%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%A0%D0%9C%202011-2014%2003.%D0%A1%D0%A2.001.00.pdf*

Создавање сублимат на правните одредби од областа корупција во високото образование

Универзитетот треба да пристапи кон изработка на документ во кој ќе бидат сублимирани одредби од сите правни акти кои регулираат појава или спречуваат коруптивни дејствија во високото образование. Вака би се добила јасна слика за правната рамка и би се зголемила информираноста за коруптивните појави и мерките со кои се превенираат истите. Овој правилник може да придонесе за поголема запознаеност на студентите и останатите членови од академскиот кадар со проблемот на корупција, формите, но и начините за заштита од коруптивни дејствија на универзитетот. Ова е и со цел приближување на материјата и до оние членови на академската заедница кои немаат правничко образование.

Покрај создавањето ваков правилник, потребно е и предвидување на честа промоција на истиот, со цел зголемување на општото познавање за појавата корупција кај студентите, професорите, асистентите и службениот кадар.

Препознавање на корупцијата и борбата против корупцијата во Статутот на Универзитетот

Иако во Етичкиот кодекс е наведено дека високообразовните институции не треба да толерираат коруптивни активности, ова не е случај со Статутот на УКИМ. Во највисокиот правен акт на овој универзитет не се споменува овој поим, ниту пак се издвојуваат, експлицитно, формите на корупција. Внесувањето одредби поврзани со оваа тематика би значело поставување основа за развивање на антикорупциски политики на универзитетот, но и поставување на високообразовната институција како сериозен актер во борбата против корупцијата. Преку ова, универзитетот праќа и проактивна порака против корупцијата во високото образование.

Воведување на постулатите од Етичкиот кодекс како основа за поведување на дисциплинска постапка

Етичкиот кодекс е успешен пример за документ кој промовира морално однесување на универзитетот, достоинствено вршење на функциите на академската институција и развиток на етиката. Тоа е и единствениот документ кој ја официјализира борбата против корупцијата, но и споменува забрана за поголем број коруптивни дејствија кои често се сретнуваат во македонското високо образование. Така, потребно е предвидување на поведување дисциплинска постапка за однесувања кои се во спротивност со Кодексот. Ова е случај со Законот за административни службеници и Кодексот за административни службеници.

Препознавање на останати коруптивни дејствија во Статутот на УКИМ

Како што беше напоменато претходно, УКИМ во својот највисок правен акт препознава дел од дејствијата кои се сметаат за корупција како основа за почнување на дисциплинска постапка. Сепак, во Статутот се изоставени значајни дејствија кои придонесуваат за воспоставување на нееднаков третман на студентите, за сметка на материјално или нематеријално бенефицирање на членови на академската заедница. Така, во највисокиот акт на УКИМ изостануваат забраната за давање/примање поткуп; продавање учебници од страна на професори, асистенти и други вработени лица на факултетите; условување на студентите да купуваат учебници како услов за положување на предметот; забраната за продавање на учебници во кабинетот на професорот; забрането условување на студентите да собираат професорски потписи во текот на семестарот како услов за положување предмети; евидентирањето на студенти кои купиле учебници и оние кои позајмуваат; барањето/давањето сексуални услуги како начин на положување на испитите; појавата на професори – духови (апсентизам) итн. Така, потребно е проширување на дисциплинските основи и внесување на изоставените форми на корупција. На овој начин се дава и основа за поведување постапка поради непочитување на пишаното во највисокиот акт на УКИМ.

Усвојување на јасна дефиниција за академска нечесност

Правните документи на УКИМ не нудат дефиниција што е тоа академска нечесност. Овој поим ги опфаќа сите форми на мамење за време на формалните високообразовни процеси и опфаќа широк спектрум на неморално однесување. Поимот ги вклучува и коруптивните дејствија како плагијаризам, мамење на испит, мамење за идентитетот на студентот, поткуп. Усвојувањето на дефиницијата за академска нечесност во правните акти на универзитетот, вклучително и во Етичкиот кодекс, е неопходно заради промовирање на однесување кое е морално и етично на универзитетот. Оваа препорака е во насока на влијаење на вредносните размислувања на членовите на академската заедница.

Усогласување на дисциплинските правилници на матичните факултети со Статутот на УКИМ и останатите правни акти

Матичните факултети мораат да ги усогласат интерните документи со оние на универзитетот и Законот за високото образование, заради компатибилност и доследно применување на правните одредби. Во спротивно, се создава правна конфузија за она што е казниво или пак која мерка треба да се примени. Ова може да се придонесе за нееднаков и и несоодветен третман на членовите на академската заедница.

Носење посебни правилници за регулирање на конкретни области во кои се појавуваат коруптивни дејствија

Во претходното излагање беше наведено дека само мал број од факултетите при УКИМ имаат донесено документи во кои изрично се регулираат пишувањето на трудови и испитниот процес. Следствено на ова, факултетите на УКИМ или самиот универзитет треба да пристапат кон креирање вакви правила, со цел прецизирање на процедурите и превенирање на коруптивни појави. Покрај овие области, во зависност од увидените потреби, ВОИ можат да пристапат и кон утврдување правила за други области во кои се јавува корупцијата, како на пример правилници за распределба на финансиски средства на студентски организации и иницијативи.

Во контекст на ова, УКИМ треба да пристапи и кон носење на правилниците кои се предвидени во правните акти на универзитетот, а сè уште не се донесени. Пример за ова е Правилникот на Универзитетот за превенирање на фиксирање, умножување и продажба на авторско дело без дозвола на авторот, односно издавачот.

Дополнително, во постоечките правилници треба да се инкорпорираат нерегулираните форми на корупција кои се јавуваат во процедурите, како забрана за учество на роднини на кандидатите за избор во наставни звања во рецензентските комисии, купување трудови од страна на студентите и продавањето испитни прашања.

Формирање Совети на честа

Honour councils или Совети на честа се тела кои се сретнуваат кај развиените и успешни универзитети во Западна Европа и Америка. Тоа се тела кои се составени од студенти, професори и индивидуи, и кои имаат за цел зачувување на моралот и етиката на универзитетот. Имено, статистиките покажуваат дека на универзитетите на кои има ваков вид органи, нивото на академска нечесност е на пониско ниво.

Земајќи ги предвид веќе споменатите истражувања на оваа тема во Македонија, се согледува дека на УКИМ недостига орган/тело чија примарна задача ќе биде унапредување на односите на универзитетот и менување на состојбата со нечесните појави.

Ова тело треба да се грижи и за унапредување на Етичкиот кодекс, како и промоција на истиот. Исто, Советот би требало да се залага за носење нови кодекси наменети за одделни групи од академската заедница, како професорите и студентите.

Формирањето на вакво тело ќе придонесе и до создавање пракса за работа на оваа тема, а ќе придонесе и членовите на истиот да стекнат специфични знаења за спречување на корупцијата на УКИМ. Исто, овој совет, освен што би се занимавал со унапредување на правната рамка на универзитетот, би можел и да служи како примарен иницијатор на антикорупциски кампањи, и тело кое ќе нуди правно советување во случаите кога студентите имаат дилеми во поглед на одредена форма на корупција.

Професионализација на функцијата на студентскиот правобранител и менување на начинот на избор

Студентскиот правобранител е независен орган на УКИМ. Според сегашниот Статут на УКИМ, студентскиот правобранител се бира од редот на студентите. СП треба да ги штити правата на студентите кои се запишани во правните документи на универзитетот и факултетите. Така, овие лица треба да бидат вклучени во постапките кога професор или вработен на факултетот/универзитетот изнудува материјална корист или услуги од студент кој треба да положи предмет или да добие повисока оценка. Исто, студентскиот правобранител треба да биде известен и во останатите постапки за заштита на студентот кога тој е изложен на коруптивни дејствија.[172]

Според Статутот на УКИМ, во моментов студентскиот правобранител се бира по предлог од Студентскиот парламент, единствената признаена студентска претставничка организација на УКИМ, со гласање од Универзитетскиот сенат. Досегашната пракса на Сенатот е да го почитува предлогот на Студентскиот парламент.

Сепак, во изминатите години, неколку невладини организации и студентски иницијативи предупредуваа на нелегитимноста, нестручното и нетранспарентното работење на студентските парламенти на УКИМ. Така, сметаме дека би требало да се дискутира колку Студентските правобранители на легитимен начин ја добиваат поддршката и како студентските парламенти го проценуваат квалитетот на пријавените кандидати, како и дали се појавува корупција во постапката. Дискутабилно е дали правобранителот преку овој начин на избор е подложен на притисоци од страна на парламентот. Дополнително, се поставува дилемата дали доколку студент забележи коруптивно однесување од страна на претставници на Студентскиот парламент, и тоа го пријави кај правобранителот, тој/таа објективно ќе се заземе за решавање на случајот.

Во досегашна пракса на решавање на случаи поврзани со корупција на УКИМ оваа инстанција е изоставена. Сметаме дека УКИМ треба да работи кон унапредување на положбата на студентскиот правобранител во насока на негова професионализација и зајакнување на знаењата на лицата кои ќе бидат студентски правобранители, како и ревидирање на постапката за избор во насока на исклучување на нелегитимните и по-

172 *Член 342, Статут на УКИМ (2013)*

тенцијално корумпирани студентски претставнички организации кои ја вршат селекцијата на кандидатите.

Исто, УКИМ треба да предвиди јавност на годишните извештаи кои ги прави Студентскиот правобранител, со цел информирање на јавноста колку студенти пријавуваат повреда на нивните права, за кои права најчесто се работи, и како се решаваат случаите. Ова може да помогне и за актуализација на овој правен механизам за заштита на правата на студентите. Дополнително, препорачливо е објавување извештаи на помали временски сегменти, заради поактивно следење на состојбите на универзитетот. Студентскиот правобранител треба да добие соодветна обука за справување со корупцијата во високото образование.

Мониторинг и евалуација на работата на високообразовните институции и академскиот кадар

Унапредување на работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и спроведување на надворешни евалуации

Одборот кој е надлежен да ги надгледува состојбите и да го оценува квалитетот на работата на ВОИ треба да пристапи кон извршување на својата задача. Како што беше споменато, досега ова тело нема издадено ниту еден извештај преку кој се оценуваат состојбите во ВО. Иако постои квалитетна подлога за вршење на оваа дејност (преку правните акти кои детално ги уредуваат индикаторите за ефективно и ефикасно работење), тоа не се случува. Така, работата на оваа институција треба да биде сфатена сериозно, затоа што има навистина голема улога, како во унапредувањето на ВО во нашата земја така и во превенирањето и детектирањето на нечесното и неморалното однесување во академската заедница.

Она што е многу важно е и запазувањето на составот на членовите на Одборот. Така, треба да се внимава дали членовите навистина учествуваат во работата поради своите компетенции во областа, или пак се работи за добивање позиција поради социјалниот или финансискиот капитал на индивидуата. Без ова, Одборот ќе стане само соучесник во корумпира-

ниот образовен терк и наместо да даде придонес за сузбивање на криминалните појави, ќе помогне во развивањето на неморалот и нелегалното збогатување на учесниците во коруптивните процеси.

Дополнително, Одборот треба да има своја веб-страница на која редовно треба да објавува дописи и известувања до јавноста, како и да презентира периодични извештаи. Без транспарентно работење на ова тело, се појавува можност за дополнителна корупција и необјективно известување како на академската заедница така и на пошироката јавност во насока на сокривање на податоци и штитење на ВОИ или поединци. Преку правилно спроведување на механизмите предвидени во уредбите и правилниците за обезбедување квалитет во ВО, ова тело може значајно да придонесе кон сузбивањето на корупцијата во терцијарното образование.

Унапредување на самоевалуацијата

Според Законот за високото образование, секој државен институт има обврска на периодично евалуирање на работата и на одделните области поврзани со неговата работа. Според јавно достапните извештаи на УКИМ, евидентно е дека универзитетот во овие извештаи ги констатира статистиките и извршените активности, но недостасува аналитички пристап на појавите на универзитетот и неговите единици. За ова веќе стана збор во делот Корупција во високото образование во Македонија.

Во насока на темата на дискусија на оваа студија, се смета дека внатрешната евалуација може значително да помогне во решавање на проблемот со корупцијата на високообразовните институции затоа што јавно и транспарентно го истакнува проблемот и ја поставува борбата против овие појави на главната агенда.

Претходно наведеното покажува дека УКИМ треба повеќе да се вложи во детектирањето на проблемите на универзитетот, но и да вклучува екстензивни информации за областите каде често се јавува корупцијата во високото образование (пр. извештај за издавачката дејност со цел следење на тековите; регистрирани случаи на поткуп или принуда кај академскиот кадар итн.). Додатно, треба да се внимава на составот на комисиите чија задача е изработка на внатрешната евалуација. Така, во последните години во оваа комисија учествуваа и студенти – претставници на Студентскиот парламент на УКИМ, кои немаа мандат и легитимитет да бидат студентски претставници. Ова е особено проблематично, затоа што се става под прашање каков став е пренесен при пишувањето

на извештаите, односно дали при вршењето на самоевалуацијата се пренесени ставови кои произлегуваат и штитат мала група студенти од универзитетот. Уште повеќе, во составот на комисијата учество зема студент против кој во моментов се води кривична постапка поради фалсификување потписи на студенти од Правниот факултет во Скопје, со цел избор за претседател на Студентскиот парламент на наведениот факултет[173].

Спроведување на квартални истражувања за корупцијата на Универзитетот

Еден од најважните сегменти од детектирањето на корупцијата во високото образование е постојаниот мониторинг на состојбите на терен. Така, потребно е советување на раководството на Универзитетот/факултетот со студентите, како корисници на услугите на овие институции. УКИМ треба да пристапи кон спроведување на прашалници преку кои на анонимен начин ќе дознава дали студентите се приморани на коруптивни дејствија од страна на професорите секој семестар. На овој начин, може да се забележи неморално однесување од страна на некој професор кого студентите се плашат да го пријават кај надлежните. На овој начин може да се влијае и на запознаеноста на студентите со овој поим, како и со делата кои се сметаат за корупција. Водењето на систематизирани прегледи за состојбата на терен може да придонесе УКИМ посериозно да пристапи кон проблемот, но и да ги унапредува своите политики.

Мониторинг на работата на студентските претставнички тела

Студентските претставнички организации на УКИМ, Студентскиот парламент на УКИМ и студентските парламенти на матичните факултети се финансираат од буџетот на универзитетот. Ова се постигнува преку давачката ИИКСА која студентите ја плаќаат задолжително и чие подмирување е услов за упис на факултет. Така, според Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на УКИМ, Студентскиот парламент на УКИМ секоја година добива 20 % од вкупно собраните средства. Сепак, во ниту еден од правните акти на УКИМ не е предвидено јавност на финансиските извештаи на студентските парламенти. Така, не е познато на кој

173 Сања Јовановиќ Дамјановска, „Матни студентски игри“, Телма (2015)

начин СПУКМ ги троши средствата, што создава отворен сомнеж за тоа дали оваа организација работи на легален начин. Уште повеќе, СПУКМ со ова го прекршува Законот за здруженија и фондации, во кој е предвидено јавност на финансиските и правните документи на здруженијата на граѓани.

Дополнително, во текот на изминатите години, СПУКМ нетранспарентно носи одлуки и на нелегитимен начин вклучува студенти во својата работа (спротивно на правните акти на УКИМ и СПУКМ). Сметаме дека УКИМ треба да воведе механизми за мониторинг на работата на студентската претставничка организација, затоа што нетранспарентноста и затвореноста на СПУКМ предизвикува сомнеж за коруптивно дејствување во академската заедница, како и потенцијално тргување со гласовите на студентските претставници во управувачките тела на ВОИ.

Информирање на студентите и членовите на академската заедница и зголемување на транспарентноста на високообразовните институции и останатите актери во високото образование

Информирање на студентите и членовите на академската заедница и зголемување на транспарентноста на високообразовните институции и останатите актери во високото образование

Објавување правилници за дисциплинска одговорност

Од прегледаните веб-страници на факултетите при УКИМ, забележливо е дека многу мал број од нив го содржат дисциплинскиот правилник, документ во кој подетално се објаснува дисциплинската постапка, основите за поведување на истата и казните за студентите кои прекршуваат некои од одредбите предвидени во правилникот и останатите акти на УКИМ, а се однесуваат на непримерни поведенија на студентите за време на студиите. Исто, на огласните табли на факултетите ретко се објавени овие правилници. На овој начин се придонесува студентите да не се запознаени со тоа кои појави се сметаат за недозволени на факултетот, и се влијае тие да не ги препознаваат коруптивните дејствија кога тие се случуваат околу нив.

Така, факултетите на УКИМ треба да ги објават овие важни акти на своите веб-страници, како и да го актуализираат постоењето на истите преку директен контакт со студентите.

Објавување на правните и финансиските документи на Универзитетоти на матичните факултети

Транспарентноста на институциите е еден од важните услови во борбата против корупцијата. Така, од голем интерес е високообразовните институции да ги објавуваат податоците за своето материјално-финансиско работење, како правилата според кои се уредени односите во овие ентитети. Со објавување на правните документи, УКИМ би помогнал во информирањето на актерите во високообразовниот процес, особено студентите, како функционира институцијата, кои се правата и обврските на членовите на академската заедница, процедурите и ЕКТ-системот. Познавањето на правната уреденост на универзитетот може да влијае на

намалување на корупцијата, од аспект на помали можности за условување од надредените, барање услуги и учество во нестатутарни процедури.УКИМ и факултетите треба да пристапат кон објавување не само на правилниците и деловниците кои ги уредуваат внатрешните односи туку и извештаите и записниците од средбите на телата во склоп на високообразовните институции. На овој начин студентите можат подетално да ги следат процесите на својот факултет, и да реагираат кога ќе забележат спорни активности, но и побрзо да се информираат за начинот на кој универзитетските и студентските претставници застапуваат одредени ставови. Што се однесува на финансиските документи, УКИМ и факултетите ретко ги објавуваат завршните сметки, извештаите од ревизорското работење и годишните финансиски планови. Објавувањето на овие документи им дава можност на институциите кои работат во областа на спречување корупција полесно да ја следат работата на високообразовната институција и навремено да детектираат неправилности во работењето на единиците или универзитетот во целост.

Јавност на правилниците за трошоци на секоја високообразовна институција

Еден од проблемите кои студентите на УКИМ редовно ги истакнуваат е непостоењето јавно објавени правилници за трошоци на факултетите. Да напоменеме, на УКИМ не постои стандардизиран правилник за услуги. Така, секој факултет одделно ја определува цената за услугите како издавање на потврда за редовен студент, запишување и заверување семестар, уверение за положени испити, презапишување година, ставање во мирување на студии, издавање диплома од страна на факултетот итн. Со јавното неистакнување на овие правилници, се ризикува да се развие корупција кај службениот кадар на факултетите и се отвора можноста за арбитрарно наплаќање на услугите. Така, со непознавањето на висината на цената за одделните услуги, студентите може да платат повеќе од предвиденото, или пак да им биде наплатено за услуги кои се бесплатни.

Освен ова, објавувањето на правилниците би значело придонос за јасноста на процедурите во високообразовните институции.

Со објавувањето на правилниците за услуги на факултетите, треба да се воведе и систем за регистрирање на плаќањата и побараните услуги по студент, со цел да се избегне ситуацијата кога службен работник извршува услуга, но средствата ги задржува за себе наместо тоа да го пријави кај координаторите на финансиските активности на факултетот.

Промоција на Етичкиот кодекс

УКИМ, студентските организации и активисти треба да работат кон актуализирање на Етичкиот кодекс на УКИМ, затоа што истиот содржи одредби со кои изрично се забранува корупцијата и се објаснуваат коруптивните појави во високото образование. Така, УКИМ треба да обезбеди достапност до кодексот, не само преку својата веб-страница туку и преку доделување на истиот при уписот на студенти во секоја академска година. Освен тоа, универзитетот, факултетите и студентските организации треба во текот на целата година да го актуализираат постоењето и содржината на овој документ, преку организирање јавни трибини, работилници и промоција преку студентските и останатите медиумски гласила.

Организирање на антикорупциски кампањи на универзитетските кампуси

Освен промоцијата на Етичкиот кодекс на УКИМ, Министерството за внатрешни работи, Комисијата за спречување корупција, Државниот просветен инспекторат, универзитетот, факултетите, студентскиот правобранител, студентските организации и активисти треба континуирано да организираат кампањи преку кои студентите ќе се информираат како да препознаат и превенираат коруптивни дејствија. Ова особено затоа што чест е случајот кога студентите се запознаени со терминот корупција и препознаваат еден вид коруптивно дејствие, но тоа не е случај со поголемиот спектар коруптивни дејствија кои се случуваат во високото образование. Антикорупциските кампањи можат да опфатат повеќе активности како поставување постери кои содржат информации што е корупција и каде да се пријави на видливи места на факултетите, изработка на ТВ и радиореклами, тематски јавни трибини, герила акции итн.

Дополнително, ваквите активности можат да бидат продуктивни во насока на запознавање на студентите со претставници на институциите кои работат во оваа област и стекнување меѓусебна доверба која може да води кон поголемо активирање на студентите кон решавање на проблемот со корупцијата во образованието.

Истакнување на успешно решени случаи

Прикажувањето позитивни примери на справување со корупција може да дејствува охрабрувачки на студентите кои се двоумат или се плашат да пријават корупција. Ваквиот начин на дејствување психолошки влијае на останатите жртви на нечесно однесување на универзитетот и им дава до знаење дека постои решение за нивниот проблем и дека нема да претрпат негативни реперкусии за нивното понатамошно функционирање на универзитетот дооколу пријават корупција. Ова би требало да биде задача на Државниот просветен инспекторат, студентскиот правобранител, деканатите, Министерството за внатрешни работи, ДКСК или органите во состав на универзитетот, кои водат евиденција за ваквите случаи, и се запознаени со формите на корупција во високото образование.

Да предупредиме, при ваквото објавување на успешно решени случаи, треба да се внимава при откривањето на вистинскиот идентитет на сторителот и поднесителот на пријавата. Ова е со цел заштита на личните податоци, и зачувување на анонимноста на студентот.

Воспоставување на пракса за информирање на новите студенти за штетните дејствија од корупцијата и механизмите за заштита при упис на факултет

Иако на успешните универзитети е задолжителна пракса студентите пред почнувањето на своите формални студии да учествуваат во задолжителни воведни сесии, на УКИМ ова не е случај. Така, се работи за предавања кои имаат за цел да го запознаат студентот со околината во која ќе студира, начинот на кои се уредени односите на факултетот, нивните права и обврски, домувањето, културните активности итн. Меѓу другото, ова е одлична можност да им се укаже на студентите што се смета за недозволено на факултетот, и како да се заштитат од потенцијални коруптивни, неетични, дискриминаторски или друг вид непосакувани дејствија. Ваквите воведни предавања, уште од самиот почеток на студиите, би му вродиле чувство на сериозност за проблемот на студентот, би го запознале со механизмите за заштита и би му дале храброст да алармира доколку забележи неморално однесување за време на своите студии. Задолжителните предавања треба да вклучуваат и лекции за студентски права, студентско организирање, правни документи на универзитетот, дисциплински мерки, органи на факултетот и Универзитетот итн.

Студентите треба да добијат информативен пакет во кој ќе бидат вклучени и Дисциплинскиот правилник на факултетот, Етичкиот кодекс, како и брошура во која ќе бидат објаснети начините и инстанциите кои ги штитат нивните права.

Оваа препорака е во насока на зголемување на степенот на информираност на студентите за корупцијата која може да се појави во текот на нивното студирање.

Функционална телефонска линија за пријавување корупција во високото образование и нејзино популаризирање

Надлежните институции треба да активираат посебна телефонска линија за пријавување корупција на УКИМ и да вложат напори за актуализирање на истата. Потребно е и предвидување на анонимност на пријавувањето, затоа што чест е случајот кога студентите не пријавуваат поради страв од професорот или друго лице вклучено во работата на универзитетот. Исто, освен можноста за пријавување, пожелно е нудење правни совети за заштита на академската заедница од коруптивни дејствија. Одговорната институција која ќе ја води оваа линија треба да воспостави комуникација и практика на спроведување на информациите и до другите тела како Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, ДКСК, Државниот просветен инспекторат и високообразовните институции.

Промоцијата и функционирањето на оваа телефонска линија треба да биде обврска на сите актери во високообразовните процеси, со цел што поголема информираност за овој механизам за спречување на корупцијата.

Објавување на правните документи на студентските претставнички тела

Студентските претставнички тела при УКИМ, студентските парламенти, уште од самото свое основање, изостануваат во информирање на студентите и пошироката јавност за својата работа.

Ова го вклучува и необјавувањето на правните документи на парламентите. Така, студентските парламенти на матичните факултети и на универзитетот во текот на изминатите години не ги имаат објавено ста-

тутите, правилниците за избор и работа на телата, како и останатите правни акти.

На овој начин студентските парламенти го прекршуваат и Законот за здруженија на граѓани и фондации, во кој е предвидено задолжително објавување на документите на ентитетите. Дополнително, овие организации веќе долг период изостануваат во застапувањата и канализирањата на студентските ставови за високообразовни и општествени теми. Според истражувањето за перцепцијата на студентите на УКИМ за студентското организирање и студентските претставнички тела[174], студентите не ги препознаваат овие тела како претставнички, ниту пак се запознаени дека преку овие тела се делегираат претставници во универзитетските и факултетските тела каде носат одлуки како претставници на студентите. Во врска со последното, студентските претставници не известуваат за начинот на кој гласаат и на кој ги застапуваат ставовите на студентите во овие тела. Така, во моментов на пишување на овој труд, СПУКМ немаат своја функционална веб-страница[175], а единствен начин на кој комуницираат со студентите е преку социјалните мрежи на кои најчесто споделуваат информации со забавни содржини или известувања за спортски активности.

Објавување на финансиските извештаи на студентските претставнички организации

Како што напоменавме погоре, Студентските парламенти на УКИМ се финансираат, меѓу другото, од финансии кои ги добиваат директно од универзитетот[176]. Овие организации директно се финансираат од ИИКСА, давачка која е задолжителна за студентите кои се запишуваат на факултет. Проблематично е тоа што овие организации изостануваат во објавувањето на финансиските извештаи за своето работење. Досега не е објавен ниту еден документ преку кој може да се увиди финансиското работење на студентските парламенти на матичните факултети и УКИМ. Ова значи дека СПУКМ нетранспарентно работи и не ги информира студентите и останатите актери во високото образование.

—

174 Александра Живковиќ, „Истражување за перцепцијата на студентите на УКИМ за студентското организирање и студентските претставнички тела“, Фондација „Фридрих Еберт“ (2014)

175 Страницата http://www.spukm.org.mk/ е проверена во август 2016

176 Според Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за распределба на средства за ИКСА на УКИМ,студентските парламенти добиваат до 20 % од вкупната годишна сума која студентите на УКИМ ја плаќаат при уписот на факултет.

Ова е особен проблем, затоа што ваквата работа може да индицира на потенцијално неправилно работење и неадекватно користење на средствата со кои располага оваа организација, односно со финансиите на УКИМ.

Советуваме да се воведе задолжително објавување на овие документи во самиот Статут на УКИМ, како и активирање на универзитетските претставници во мониторирање како се изведува оваа одредба.

Информирање за намената на средствата добиени преку мали давачки Универзитетите треба да ги информираат студентите, професорите и асистентите за што точно се користат финансиите добиени преку малите давачки. Исто, УКИМ треба поактивно да ги промовира конкурсите преку кои финансира студентски и академски проекти, а чии финансии се обезбедуваат токму преку давачките како ИИКСА. На овој начин се зголемува информираноста за тоа како универзитетот и факултетот работи материјално и кон кои области и активности финансиски придонесува. Ова може да придонесе кон полесно следење на работата на високообразовните институции, како и до зголемено чувство на припадност на студентите на факултетите и нивно поголемо ангажирање во процесите за време на своите студии.

Актуализирањето на проектите кои се финансираат од УКИМ или факултетите може да го зголеми интересот за збогатување на научната, истражувачката и културната ризница на универзитетот од страна на поголем број актери од високото образование. Исто, поголемото промовирање и јавност на резултатите ќе донесат и намалување на појавата на проекти на исти студентски организации, професори и асистенти да бидат грантисти, заради можноста за мониторинг и евалуирање на предлозите кои биле поднесени.

Достапност до општи информации поврзани со бројот на студенти и категориите студенти запишани на факултетот

Информации за бројот на запишани студенти, како и поделбата по категории е достапна само на веб-страницата на Заводот за статистика на Р Македонија. Од прегледаните документи на УКИМ и Министерството за образование, и нивните вебстраници, се согледува дека овие институции не презентираат вакви информации. Од одредени извештаи се согледува дека Заводот за статистика и УКИМ/МОН на различен начин ја водат статистиката за тоа колкав број студенти се запишани на оваа високооб-

разовна институција, па се добиваат различни бројки и можно е создавање на конфузија во поглед на квантитативните податоци[177].

Бројката на студенти по одделни факултети, според постоечкиот модел на финансирање, е важна заради финансиските пресметки во поглед на тоа кој факултет колку материјални средства ќе добие и истото може да предизвика создавање финансиски јаз помеѓу поголемите и помалите факултети, односно создавање на „богати и сиромашни“ факултети. За потсетување, неадекватното финансирање на ВОИ е често причина за развивање на коруптивни појави во академските кругови.

Важно е УКИМ да презентира релевантни и точни информации јавно, со цел добивање на сознанија за состојбите со студентите на универзитетот, и одделните матични факултети. Ова е значајно, заради овозможување на надлежните институции кои вршат мониторинг, поквалитетно да извршуваат анализи и ревизија на работата на високообразовните институции. Ова исто се однесува и на студентските и истражувачките организации кои ги следат состојбите во високото образование.

Понатаму, овие информации би требало да бидат важни во процесот на евалуирање на акредитациите на високообразовните институции, како и при оценувањето на квалитетот на работење на ВОИ.

Вршење обука за известување за корупцијата во високото образование на новинари

Со оглед на незначителниот број на медиумски содржини кои се баваат со темата корупција во високо образование, како и отсуството на новинари кои конкретно се занимаваат со темата образование во Македонија, неопходно е обучување на група медиумски претставници како да пишуваат на овие теми. Така, новинарите би се здобиле со знаења и идеи каде да лоцираат коруптивни дејствија, како да го адресираат прашањето и како да добијат доследни информации. Ова е важно од два аспекти. Најпрво, медиумите играат клучна улога во информирањето на јавноста и подигање на свеста за одредени прашања. Од друга страна, неретко, токму новинарите биле оние кои откривале големи светски корупциски скандали и благодарение на нивните истражувања, биле откриени сторителите на

177 *Andreas Stich, Frank Ziegele, Nikica Mojsoska-Blazevski, „Higher Education Funding in Macedonia”, World Bank (2011)*

кривичните дејствија. Во оваа насока, важно е новинарите да бидат вклучени и мотивирани да ги следат состојбите во високото образование.

Информирање на студентите пред почетокот на испитот за дозволените и недозволените поведенија

Иако од достапните дисциплински правилници на факултетите при УКИМ[178] се согледува дека надгледувачите на испитните постапки треба да ги информираат студентите дека е забрането користење на мобилни телефони или други уреди за комуникација, не е предвидено известување за останатите видови коруптивни дејствија кои се јавуваат при полагањето испити. Така, одговорните треба да им соопштат на студентите дека освен користењето мобилен телефон, забранети се и сите останати видови мамења на испит како препишување, користење на книги и пишани материјали, и треба накусо да ја објаснат понатамошната дисциплинска постапка. Оваа препорака е во насока на едуцирање на студентите и не треба да биде користена како начин за заплашување или влијаење на резултатите од испитот.

Ангажирање на студентското радио и студентските медиуми во борбата против корупцијата

Земајќи предвид дека Студентското радио директно се финансира од давачката ИИКСА која ја плаќаат студентите на УКИМ, истите како медиум би требало посериозно да се вклучат во сузбивањето на коруптивните појави на универзитетот. Без претензии за мешање во уредничката политика, препорачливо е универзитетот да соработува со овој медиум во насока на заеднички кампањи, организирање на радиодебати и информативни емисии.

Дополнително, универзитетот може да ги поттикне останатите независни студентски медиуми да иницираат, осмислуваат и да се вклучуваат во антикорупциски кампањи преку доделување на финансиски средства и грантови.

---

178 *Одлука за определување на дисциплинска одговорност на студентите на УКИМ во Скопје, Економски факултет и Одлука за определување на дисциплинска одговорност на студентите на УКИМ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје*

Ова е важно заради целната група на овие медиуми, но и градење на пракса кај студентските медиуми за поактивно ангажирање на социо-економски теми кои се од круцијална важност за студентите при УКИМ.

Поголема промоција на Универзитетскиот весник

Универзитетското гласило содржи важни информации за работењето на институцијата и истото треба да биде промовирано како кај професорите така и кај студентите. Овој весник може да биде користен и за спроведување кампањи и подигање на јавната свест во академската заедница. Дополнително, потребно е актуализирање и на Билтенот на Универзитетот, како писание кое содржи екстензивни информации во врска со изборот во научни звања и доделувањето магистерски и докторски титули. Со правилен мониторинг преку истиот може да се лоцираат неправилности во овие избори и да се реагира на истите.

Останати мерки

Подобрување на соработката меѓу Универзитетот и институциите надлежни во областа корупција во високото образование

УКИМ мора да пристапи кон остварување соработка со телата кои работат во сферата на спречување корупција во високото образование како полицијата, јавниот обвинител, Државната комисија за спречување корупција, Министерството за внатрешни работи, Државниот просветен инспекторат, Финансовата полиција. Ова е особено важно затоа што универзитетот, самостојно, многу потешко ќе спречи неморално однесување, доколку не е вклучена и друга институција. Како што напоменавме на почетокот, борбата со корупцијата бара истрајна, сериозна и активна борба која вклучува повеќе актери. Исто, УКИМ заедно со другите институции треба заеднички да спроведуваат кампањи и информативни активности со цел намалување на корупцијата во високото образование.

Дигитализација на литературата и калкулирање на цената на учебните помагала во цената на студиите

Еден од модерните начини за спречување на коруптивното дејствие неовластено продавање учебници и условување на студентите да купат учебник со цел добивање повисока оценка по одреден предмет, е дигитализација на учебниците и вклучување на цената на истите во вкупната цена на студирање. На овој начин, секој студент, при уписот на факултет добива електронска шифра или линк преку кој има достапност до литературата која му е потребна за семестарот. На овој начин, студентот избегнува секаков контакт со својот професор кога се работи за поседување учебник или учебно помагало. Дополнително, на овој начин од студентите не може да биде барано плаќање повисока цена за учебниците, затоа што вистинската цена е вклучена во уплатената партиципација.

Унапредување на системот за откривање на плагијати

Како што стана збор претходно, постоечкиот систем за откривање плагијати фунционира на принцип на откривање на зборови кои се повторуваат во споредба со списите од базата на трудови. Така, откривањето на плагијат е ограничено на трудовите на македонски јазик кои се внесени во дата-базата, додека поширока компарација со странски трудови не е можна. Дополнително, откривањето на плагијатот е на база на повторувачки зборови во текстот, а не на основ на копирани параграфи, т.е. пасуси. Така, често во системот кај одредени факултети се јавуваат индикации за плагијати заради користењето на иста терминологија или формули кои се сврзани со одредена студиска програма, но ненужно трудовите се препишани.

Затоа, потребно е реструктуирање и унапредување на системот на откривање на плагијати, каде ќе биде употребен друг пристап од постоечкиот – детектирање на копирани пасуси, кои не се цитирани, и споредба со странски трудови, а не само со оние кои се внесени во системот.

Дополнително треба да се предвиди и поширока консултација со одредено тело кога ќе се забележи дека делото е плагијат, затоа што оставањето на дискреционо право на професорот да одлучи за финалната одлука може да придонесе за поттикнување на друг вид корупција, односно поткуп.

Воведување на наставни содржини кои ја вклучуваат оваа материја и користење на капацитетите на студентите во детектирањето на коруптивните појави на ВОИ

Покрај воведните предавања кои студентите задолжително би требало да ги посетат и на кои би се информирале за правилата на факултетот и универзитетот, препорачливо е и воведување на темата за заштита од корупција во наставната содржина на одредени факултети. Исто, ВОИ треба да ги мотивираат и ангажираат студентите да учествуваат во работењето на установите и заедничкото унапредување како на образованието така и на општествените појави. Така, на пример, студентите од правните факултети би можеле да ги дискутираат законските и подзаконските одредби, студентите по новинарски студии би изучувале како да известуваат за ова прашање, додека студентите од економските факултети можат да бидат обучувани како да прават економски анализи за влијанието на корупцијата врз одредени сфери. Исто, универзитетот може со помош на студентите од социјалните науки да изведува редовни истражувања преку кои ќе се следат состојбите, додека студентите од техничките науки можат да работат на софтвер кој ќе има за цел детектирање на коруптивните појави кои се изведуваат преку компјутерски полагања (мамење на испит, плагијаторство, прекројување на листи за влез на факултет или добивање студентско легло итн.).

Подучување на студентите како да цитираат

Воведувањето на повисоки и построги казни, препознавање на формите на корупција во правните документи и информирањето на членовите на академската заедница за корупцијата во образованието се важни чекори кои треба да се преземат во борбата против неетичките појави во оваа сфера. Сепак, покрај ова би требало да се воведе и едукативен сегмент преку кој студентите ќе се здобијат со вештини и знаења преку кои ќе превенираат случување на одредени коруптивни појави. Така, воведувањето на предмети преку кои студентите ќе осознаат како да цитираат и зошто е важно да се почитуваат авторските трудови, може да придонесат значително да се намали плагијаризмот на факултетите.

Уште повеќе, ваквиот вид вештини треба да се унапредуваат кај учениците уште во средното образование, со цел развивање на совесната логика што порано.

Дигитализација на административните процедури

Воведувањето на технологијата во образовните процеси може значително да влијае кон намалување на коорупцијата во ВО. Така, во имплементирање на адекватен софтвер може да се превенираат бројни неморални и неетички појави. Така, на пример, преку дигитализација на сите административни процедури може значително да се намали проблемот со губењедокументи, дупло плаќање на административни услуги, земање поткуп од страна на факултетскиот кадар итн. Дополнително, преку ваквите процеси ќе биде многу полесно следењето на студирањето како од страна на факултетот така и од самиот студент. Исто, преку ваквите системи ќе биде значително олеснето следењето на генералните трендови на факултетите од аспект на проодност на испити, отпишување на студенти од факултет, добивање документација и причини за подигање на истата итн.

Сепак, при воведување на ваква мерка треба да се предвидат и механизми за превенирање на корупцијата која може да се случи кај лицата кои го управуваат софтверскиот систем.

Зајакнување на капацитетите на студентските организации во борбата против корупцијата

Покрај едуцирањето на студентите, еден од важните фактори во академската заедница се и студентските организации. Во случајот на УКИМ, се работи за студенти кои во најголем дел се организирани според студиската програма во која се вклучени. Во текот на годините, ретко се појавуваат организации кои обединуваат студенти од различни факултети и кои работат на општи прашања од сферата на високото образование[179]. Дел од факултетите на УКИМ имаат континуирана формална соработка со студентските организации од нивните факултети, но кај дел тоа воошто не постои. ВОИ треба да ги гледаат студентските организации како активни чинители во академската заедница со кои преку заедничка соработка може да влијаат на сферите кои се од значење на студентите, а одат во насока на остварување и заштита на нивните права за време на студиите.

Ова е значајно од неколку аспекти. Најпрво, студентите претставуваат најбројна група во академската заедница, па следствено на тоа постои поголем ризик токму тие да искусат корупција. Според истражувањата, тие

179 *Александра Живковиќ, Марија Мирчевска, Мартин Галевски, Сања Божовиќ, Мартин Алексоски, „Анализа на студентското организирање и учество во Македонија“, Младински образовен форум (2015)*

несекогаш имаат доверба да пријават повреда на нивните права, а уште повеќе корупција, кај одговорните лица или државните органи поради страв од одмазда. Во овие случаи, студентските организации можат да ги поттикнат и да ги мотивираат своите колеги да пријават случај кај нив или кај студентскиот правобранител. Дополнително, тие можат да служат како морална поддршка при водење дисциплински, па дури и судски постапки против професор или друг член на академската заедница. Од друга страна, студентските организации можат да помогнат и при организирањето на едукативни предавања, кампањи, средби и да допрат до поголема бројка на студенти за разлика од самата институција. Исто, преку овие организации можат да добијат дополнителни размислувања за состојбите на терен, навремено да бидат информирани за новите форми на корупција, како и практичните начини за решавање на проблемите кои произлегуваат од коруптивните појави.

Професионализација на кадарот кој работи во компјутерските канцеларии

Факултетите при УКИМ мораат да се залагаат за унапредување на квалификациите на вработените во компјутерските центри и одговорните лица на ЕКТС-канцелариите. Ова доаѓа од приликите дека овие лица располагаат со сензитивни информациии и затоа се посакувана цел за коруптивни дејствија. Исто така, треба да се внимава на бројот на вработени во овие служби, како и на воведување на системи кои обезбедуваат сигурна заштита на информациите. Затоа, УКИМ треба постојано да работи на зацврстување на капацитетите во овие служби, но и да работи на одржување на моралните и на етичките вредности кај лицата кои се вклучени во работата во канцелариите.

Заклучок

Македонското законодавство нуди солидна правна рамка во поглед на корупцијата во високото образование. Забележлива е компатибилност на законските решенија и логичен след на правните одредби. Сепак, отсуствува регулирање на дел од коруптивните дејствија кои се случуваат во високото образование, особено во делот на новите форми на корупција кои се појавуваат со новите технологии.

Во Македонија недостасува државна стратегија за справување со овој проблем и развиена научна мисла на темата.

На универзитско ниво уочено е отсуство на конкретни правни акти кои ги регулираат и ги превенираат коруптивните појави, како и конкретни тела кои би се занимавале со унапредување на статус квото. Позитивен пример е Етичкиот кодекс на УКИМ. Сепак, потребно е постојано надополнување на истиот, воведување на одредбите во највисокиот правен акт на универзитетот и негова активна промоција. Исто така, универзитетот нема никакви стратешки документи за решавање на проблемот и воведување на дисциплински мерки во случаите на непочитување на одредбите на истиот.

На факултетско ниво, голем е проблемот со необјавувањето на дисциплинските правилници, што придонесува за ниско ниво на запознаеност за недозволените дејствија во академската заедница. Поголем дел од факултетите сè уште немаат донесено правилници за регулирање на конкретни области каде се јавува корупцијата. Исто како и на УКИМ, одделните матични факултети немаат планови за интеграција или друг вид документи за стратешко справување со проблемот. Факултетите во своите интерни акти препознаваат дел од коруптивните појави и промовираат дисциплински мерки за истите.

Генерално е забележливо отсуство на континуирана соработка помеѓу актерите во ВО, државните институции и граѓанскиот сектор во поглед на заедничко дејствување за решавање на проблемот, како и претежна неефикасност на мерките кои досега се спроведени. Исто така, не постои развиена практика на решавање случаи на корупција во ВО и сè уште е мал бројот на судски случаи во оваа област.

Користена литература

Учебници, научни трудови и истражувања

Curkovic B., Mujkic D., Korajlic I., Vujic M., „Preventing corruption in Higher Education in BiH: Surveys and Recommendations", Transparency International Bosnia and Herzegovina (2013)

Hallak J., Poisson M., „Corrupt schools, corrupt universities: What can be done?" UNESCO, International Institute for Educational Planning (2007)

Heyneman S., „Education and Corruption", International Journal of Educational Development vol. 24 (2004)

Heyneman S., „Buying your way into heaven: the corruption of education system in global perspective", Perspectives on Global Issues (2007)

Heyneman S.., Anderson K., Nuraliyeva N., „The Cost of Corruption in Higher Education", The University Chicago Press (2008)

Osipian A., „Corruption in Higher Education: conceptual approaches and measurement techniques" (2007)

Popovikj M., „Imagine If You Were A Low Paid Clerk: The Challenges with Using Corruption Reporting Mechanisms in Controlling Corruption in Macedonia„, Institute for Democracy Societas Civilis-Skopje (2015)

Stich A., Ziegele F., Blazevski M.N., „Higher Education Funding in Macedonia", World Bank (2011)

Tanzi V., „Corruption Around the World: Causes, Consequences, Scope, and Cures", IMF Working Paper (2008)

Бисоњо Е., Реитерер Ф., Јандл М., Фаварин С., Дејвис Ф., „Корупцијата во Поранешна Југословенска Република Македонија: Подмитувањето иску-

сено од населението“, UNODC и Државен завод за статистика на Македонија (2011)

Живковиќ А., Мирчевска М., Галевски М., Божовиќ С., Алексоски М., „Анализа на студентското организирање и учество во Македонија“, Младински образовен форум (2015)

Живковиќ А., „Истражување за перцепцијата на студентите на УКИМ за студентското организирање и студентските претставнички тела“, Фондација „Фридрих Еберт“ (2014)

Истражување за корупцијата во областа на образованието и спортот на Република Македонија“, Транспаренси Интернешенел – Македонија (2012),

Костовска С., Небиу Д., Николовски Д., „Како до поквалитетно високо образование“, Центар за истражување и креирање политики (2009)

Нурединоска Е., Саздевски М., Ѓузелов Б., „Извештај за проценка на корупцијата во Македонија“. Македонски центар за меѓународна соработка (2014)

Поп Иванов Л. , Димитров П., Мирчевска М., Алексоски М., „Регионално истражување за перцепцијата за корупција во високо образование“, Младински образовен форум и Anticorruption Student Network (2013)

Извештаи

Commission staff working document-The Former Yugoslav Republic of Macedonia Report 2015, European Commission (2015)

Global corruption report: Education, Transparency International (2013)

The European Higher Education Area in 2015: Bologna Process Implementation Report, European Commission/EACEA/Eurydice, Luxembourg: Publications Office of the European Union (2015)

Thematic Review of National Policies for Education – FYRoM, OECD (2001)

Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2010 година, Државна комисија за спречување корупција (2011)

Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2012 година, Државна комисија за спречување корупција (2013)

Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2014 година, Државна комисија за спречување корупција (2015)

Извештај за последователната надворешна евалуација на УКИМ, Европска асоцијација на универзитети (2011)

Извешај за надворешна евалуација на УКИМ, Европска асоцијација на универзитети (2015)

Конечен извештај бр. 0903-116/6, „Ревизија на финансиските извештаи на Филолошки факултет „Блаже Конески“– Скопје – Сметка за приходи од самофинансирачки активности“ (2007)

Конечен извештај бр. 0903-152/6, „Ревизија на финансиските извештаи на Архитектонскиот факултет во Скопје – Сметка за приходи од самофинансирачки активности” (2009)

Конечен извештај бр. 22-129/10, „Ревизија на финансиските извештаи на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје – Сметка за приходи од самофинансирачки активности“ (2010)

Конечен извештај бр.21-105/6, „Ревизија на финансиските извештаи на Факултет за музичка уметност - Сметка за приходи од самофинансирачки активности“ (2013)

Конечен извештај бр. 22-223/9, „Ревизија на финансиските извештаи на Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје – Сметка за приходи од самофинансирачки активности“ (2013)

Конечен извештај за извршена ревизија на регуларности и системи на внатрешна контрола на работните процеси на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бр. 21-1431/2 (2014)

Преглед на реализацијата на активностите од Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011 – 2015, Државна комисија за спречување корупција (2015)

Финансирање на високото образование на државните универзитети – Ревизорски наоди, Државен завод за ревизија (2012)

Законски, подзаконски и останати акти

Закон за административни службеници, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16

Закон за високото образование, „Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016

Закон за вработените во јавен сектор, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16

Закон за заштита на укажувачи, „Службен весник на Р Македонија“, бр.196/15

Закон за научноистражувачката дејност, „Службен весник на Р Македонија“ бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16, 53/16

Закон за спречување судир на интереси, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 70/07, 3/08, 114/09, 98/10, 6/12, 153/15

Закон за спречување на корупцијата, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15

Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14,115/14, 132/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15

Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“

Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011 – 2015, Државна комисија за спречување корупција (2011)

Кодекс за административни службеници, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 183/14

Одлука за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ –Скопје (2007)

Одлука за определување на дисциплинска одговорност на студентите на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, Економски факултет – Скопје (2013)

Одлука: Трајно исклучување од факултет У.бр. 285/02, Врховен суд на Република Македонија

Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2013)

Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на ВО, Министерство за образование и наука, „Службен весник на Република Македонија“, бр.151/12

Правилник за организирање на издавачката дејност на УКИМ, „Универзитетски гласник“, бр. 264/13

Правилник за условите, критериумите и правилата на запишување и студирање на прв и втор циклус на универзитетски студии, „Универзитетски гласник“ бр.254 (2013)

Протокол за спроведување на ЕКТС-колоквиумите, испитите и есеите, Правен факултет „Јустинијан Први“ –Скопје

Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа на Република Македонија 2011 – 2014, Царинска управа на Р Македонија (2010)

Статут на УКИМ (2013)

Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија, Министерство за образование и наука, „Службен весник на Р Македонија“ бр. 67/13

Упатство за изработка на магистерски труд на втор циклус студии според ЕКТС, Правен факултет „Јустинијан Први“ –Скопје (2010)

Новинарски натписи

Автор: непознат, „Пратеничката Ана Павлова-Даневска доби јавна опомена за судир на интереси“, 24 Вести (2013)

Автор: непознат, „За академците петки по корупција“, Дневник (2006)

Автор: непознат, „Корупцијата во образованието распространета, но не се пријавува“, Утрински весник (2006)

Автор: непознат, „Чавков: Тарифата на професорите од Економскиот факултет била од 500 до 1.000 евра“, Телеграф, мк (2016)

Автор: Непознат, „Професори продаваат книги за половина цена“, Дневник (2013)

Автор: Непознат, „Телефонските линии мртви за пријавување мито и корупција се „мртви““, Мкд.мк (2013)

Автор: Непознат, „Полицијата пронајде работилница за фалсификување дипломи од ДУТ за Италија“, Мкд.мк (2013)

Автор: Непознат, „Фатен студент што користел фалсификувано уверение за диплома“, Мкд.мк (2014)

Автор: непознат, „Уапсен професор заради земање мито“, Вечер (2009)

Автор: непознат, „Антикорупциска канцеларија на тетовскиот универзитет“, Журнал (2010)

Автор: Непознат, „Непотизам на факултети на УКИМ“, Канал 5 (2010)

Бојаџиски И., „Поради поткуп притворен професор на Педагошкиот факултет во Штип“, Утрински весник (2006)

Велјановски М., „Кадија те тужи, кадија те суди: Просветниот инспектор Ѓорѓи Илиевски бара нов концепт за евалуација на високото образование“, Академик (2015)

Дамјановска С. „Матни студентски игри“, Телма (2015)

Зафирова Х.Ж., „Испитите се купуваат по цена од 50 до 2500 евра“, Глобус (2008)

Зафирова Х.Ж., „Само еден професор е прозван за корупција“, Утрински весник (2008)

Интервју со Ѓорѓи Мартиновски, ректорот на УКИМ: „Финансиската состојба со високото образование е критична“, Радио Слободна Европа (2006)

Интервју со Сулејман Рушити, министер за образование: „Со себе носам копии на 500 фалсификувани дипломи од Тетовскиот универзитет“, Радио Слободна Европа (2006)

Котевски Н., „Компјутерот открива плагијати, институциите молчат“, Утрински весник (2015)

Манасиев А., Мујкиќ С. , „Дипломи на продажба: Сива трговија цвета во Македонија и во Босна“, Дојче Веле (2016)

Тоевски С., „Јавно молчат, а неофицијално се жалат на корупција“, Дојче Веле (2011)

Филиповска С., „Одборот за акредитација и евалуација на факултетите хибернира“, НОВА ТВ (2015)

Христов П.А., „Деканите не одговараат за екстранаплатите“, Нова Македонија (2010)

Христов П.А.,„Ниеден студент оваа година не пријавил мито“, Нова Македонија (2014)

Христов П.А., „Митото оди преку пријателите на професорите“, Нова Македонија (2009)

Христов П.А., „Грешка имате, овде Министерство за правда“, Нова Македонија (2010)

Веб-страници

www.akademika.com.mk

www.akademik.mk

www.pravdiko.mk

www.novatv.mk

www.time.mk

www.ukim.edu.mk

www.ec.europa.eu

www.tradingeconomics.com

www.pf.ukim.edu.mk

www.fakulteti.mk

www.mof.org.mk

www.books.google.com

www.dzs.stat.gov.mk

www.mon.gov.mk

www.dw.com

www.pravobranitel.ukim.edu.mk

www.dpi.mon.gov.mk

www.transparency.org

www.mcms.org.mk

www.jorm.org.mk

www.osskopje1.mk